СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 октомври 1992 година

Скопје, октомври 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ВТОРОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ПЕДЕСЕТТАТА СЕДНИЦА ВА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14.X.1992 ГОДИНА**


1. АПОСТОЛОВСКИ ДУШАН - 92
2. АЛОСТОЛОВСКИ НИКОЛА - 136, 139, 140
3. АЛИУ ЕШТРЕФ - 106
4. АБДУРАХМАН АЛИТИ - 62
5. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 61
6. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 19, 73
7. АЛИУ ХАМИТ - 15
8. АБДИ ФАИК - 23
9. АНДОВ СТОЈАН - 36
10. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 48
11. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 90
12.БОШК0В ЈОРДАН - 95
13. ГОШЕВ ПЕТАР – 2, 25, 126
14. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 58
15. ГОШЕВ ТУШЕ - 113, 114
16. ДИМОВ ТОДОР - 46
17. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 47
18. ЖУТА БЕЌИР - 124
19. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 12, 31, 32, 84, 119, 121
20. ЈУМЕРОВСКА ГУЛИСТАНА - 53
21. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 131
22. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 82, 138 (работ. заклучок - Закон за прод. на станови)
23. КОТЕВСКИ Ѓ0РЃИ - 30, 50
24. КИРОВ ТАШКО - 6
25. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 1
26. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 77, 79, 114, 118, 122, 124, 133
27. ЛИЧОВОКИ ВЕЦКО - 69
28. МИЦЕВОКИ ТРАЈАН - 103
29. МИНОВ ПАНЧО - 3
30. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 63
31. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН - 4
32. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 107, 144 (судии разрешување)
33. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 96, 131
34. ПЕТРОВ ТОДОР - 43, 49, 52, 56, 59, 121, 130, 135
35. ПОПОВСКИ КИРО - 17, 56, 66
36. ПОПОВОКИ ЉУБОМИР - 37
37. ПРЕВАЛА ШАБАН - 55
38. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 57
39. ПЕШЕВ АНТОНИ -129, 140 - министер за урбанизам
40. СИЛЈАНОВСКИ НАУМ - 102
41. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 35, 44
42. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 33, 35, 60, 98, 115, 46
43. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 112, 117, 126, 142
44. ТОДОРОВСКИ ЖИВКО – 37 (гласање,прозивка)
45. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 5
46. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 89
47. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 51
48. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 11
49. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ - 80


крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонка, одржана на 14 октомври 1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Продолжуваме со работа по точката 5 - Предлог за донесуваше по итна постапка на Законот за посебниот данок од платите и од пензиите, со Предлог на закон.

За збор се јави Никола Котевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Бидејќи се јавувам по втор пат, мислам да си ја дополнам дискусијата на основа што претходните дискутанти спротивно на материјалот за оваа точка дискутираа.

Прво, овој закон за посебен данок од платите и од пензиите произлегува од член 1 став 1 од Уставот каде Македонија покрај другите обф1ежја е и социјална држава. Сметам дека исто така не држи дека оваа мерка не е ограничена, ограничена по член 8, кој не го прочитал законот треба да го прочита, а се даваат произволности дека не е ограничена оваа мерка. Инаку траењето на оваа мерка е шест месеци. Исто така приговарам на Владата, не е енергична во образложувањето) односно поддршката на овој закон.

Друго, треба да се поддржи овој закон бидејќи ние имаме повеќе барања меѓу вработените кога настанува зголемување на личните доходи рамномерно да се зголеми. Друга околност што општиот на состојбите. Кога

I/2 јм/вц

колективен договор го утврдува само минималниот личен доход односно сега по вредност 61 илјада, а максимумот не го утврдува што во областа на стопанството имаме баснословни високи лични доходи наспроти некои кои не ги примаат личните доходи редовно. Оваа мерка во извесна мера ќе допринесе за да се зголемат фондовите за помош во социјалната програма на невработените.

Не се согласувам да се врзува оваа политика и со одреден наталитет. Михаил Пановски што вели, албанофобиска, незнам како рече политика. Еднаш треба да знаеме дека за сите наши проблеми не се криви албанците. Да не се поврзуваат со овој проблем. Меѓутоа, ова е чисто економско прашање, економски треба да се гледа да не се даваат емоции, демагогии, да се меша пропаганда, политика. Чисто член 1, став 1 од Уставот да се потсетиме дека Македонија е покрај, другото и социјална држава. Тоа претпоставува спроведување на таа одредба, а не водење политика, незнам демагогија и сл. Во прилог на овој закон да се кажуваат само економските околности кои се во плус и во минус, а не и да се даваат одредени други образложенија, политика, или други околности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас сакав да кажам во врска со овој закон дека нема никаков придонес во рамките, или на тој стабилизационен пакет на мерки каков што се предлага. Едноставно нема никакви фискални ефекти, или има сосема симболични фискални ефекти. Тоа е и по самото кажување на претставници на Владата. Има стандардни трошоци за собирање на тој данок како и за сите други евиденции итн. Очигледно е дека претставува

производ од разговорот помеѓу Владата, Синдикатот и Комората, или повеќе помеѓу Владата. и Синдикатот. Бидејќи нема ниту фискални, ниту некои позначајни редистрибутивни ефекти, очигледно има само психолошко значење, или претставува извесна психолошка демагогија со која што божем нешто ќе се направи во поглед на задоволувањето на интересите на работничката класа која што во овој период е крајно узбуркана заради драстичното и континуирано паѓање на реалните плати и доаѓаме во ситуација сами себе да се залажуваме заради тоа што синдикатите бараат пораст на ј платите, работниците бараат зголемување на нивните платии следење на цените, а во таа трка секогаш платите ќе бидат тие кои што ќе ја губат битката. И се додека немаме ние конкретни барања за енергично соборување на инфлацијата, се дотогаш тие што мислат дека со следење на порастот на цените ќе успеат да спасат нешто 'од реалните плати, ќе бидат во заблуда и залажување. Од тие причини лично мислам дека ваков закон не користи. Едноставно никому не му користи. Затоа мојот став во врска со ова прашање е негативен.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, моето убедуваше е дека има потреба од донесување на овој закон. Оваа потреба ја поткрепувам во континуитет со на оваа седница донесените дополнителни мерки на економска политика од стабилизационен карактер. Дополнителната мерка под реден број 11, ќе кажам само за потсетување гласи дека оваа Влада ќе продолжи со обезбедувањето заштита на социјално загрозеното население. Во образложението на состојбите и причините за донесување на овој закон децидно стои: заради спречување, или намалување на социјалните тензии настанати од познатите причини во

Републиката се предлага донесување ка овој закон и уште повеќе што се предвидува со овде мерки и да се прошири минималното социјално ниво на социјално загрозеното население и заштита на нивниот животен стандард. Во таа насока и го поддржувам донесувањето и усвојувањето на овој закон. Во врска со законот би укажал на една појава заради добивање на поголеми ефекти од спроведувањето на самиот закон, а тоа е веќе јавна тајна и широка појава е дека голем број на приватни претпријатија, односно носители на таа приватна иницијатива прикажуваат минимален личен доход како основица за оптоварувањето на давачките на државата. Мислам дека треба да се изнајдат инструменти и да се преземат конкретни мерки за надминување на оваа сега би рекол веќе појава кај .носителите на приватната иницијатива.

**ЈОВАН НИКОЛОВ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека има основ да се донесе овој закон, а би кажал нешто од квалификациите што беа извлечени на минатата седница за овој закон дека не држат. Пред се, не држи тоа дека со овој закон се врши урамниловка во платниот систем. Мислам дека тоа не стои, затоа што само еден дел од категорија на луѓе кои што имаат повеќе од две просечни плати ќе треба да платат на зголемениот дел на доходот по 1000 денари, мислам дека тоа е минимум што треба да го дадеме, а ефектот од овој закон мислам дека не можеме да очекуваме некој голем ефект, но имаме подрачја каде што можат овие средства да се употребат како во социјалната политика, така и во другиот дел, дел на луѓе на кои што навистина им е потребна и една здравствена не само социјална заштита, луѓе коишто не се осигурени по одредени основи на здравствена заштита ќе можат да влезат во склопот на овие средства за да може да им се помогне. Има луѓе кои што се  со депресивни психози,

психијатриски болни за кои што и така буџетот треба да обезбедува средства, па луѓе коишто се со параплегии и други инвалидности коишто на некој начин барем овој дел сега социјалниот статус не им е решен, овој дел може со овој закон, иако се тие минимални средства, но некако да се помогне. Затоа што во овие случаи нема друг извор на средства за да им се помогне на луѓето. Исто така, би гласал за овој закон заради тоа што ќе треба малку да се види и во делот на приватните работни организации коишто плаќаат минимални доходи, да се види законскиот основ да можат и тие да учествуваат на вишокот на средствата коишто го добиваат како плата да учествуваат во овој фонд. Мислам со тоа ќе се обезбедат извесни средства коишто ќе бидат во дадени моменти навистина потребни некаде да се интервенира. И затоа треба да го поддржиме овој закон.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, имајќи ги во предвид неповолните состојби во стопанството, како и нараснатите социјални тензии во Републиката Владата за ублажување на овие состојби воведува прогресивно оданочување на платите и пензиите над одредено ниво во однос на просекот на стопанството. Развиените земји во светот не само заради горенаведените фактори, туку тие тоа го воведуваат и кога се во најголема економска експанзија го користат ова како инструмент Јас не можам да сфатам да има толку реакции на овој предлог со оглед на тоа што се работи за 12 илјади денари месечно. Мислам дека со тоа не може да ни се наруши куќниот буџет. Јас не викам дека со овие средства ќе направиме којзнае што, меѓутоа ова јас го сваќам како еден тест како тие со две плати во однос на тие што примаат просечна плата сакаат навистина да придонесат за

надминување сум тука не можам а да не речам дека одреден допринос кон ова даде на претходната седница и претседателот на Собранието со својот стил кога сака нешто да се помине, мислам на одредени закони и акти гледа, па и не гледа дискутанти, а кога не сака некој закон, или друг акт да мине, тогаш штоперицата застанува, настанува апсолутна тишина додека некои пратеници не го читаат и јажето се влече во обратен смер и на крајот седницата се прекинува за да после некој ден повторно започнува.

**ТАШКО КИРОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, во последен период карактеристично за нашето живеење коешто ми се чини ќе остави белег за овој временски период уназад изгласувањето на законот за интервенција во платите од страна на Собранието карактеристика- да имаме голема зачестеност на штрајкови. Воглавно средствата за информирање се преокупирани со таа тема и нема ден да нема случај каде што одредена област, било да е тоа стопанство, било нестопанство имаме штрајкувања. Ако се направи една анализа на сите тие штрајкови ќе видиме дека заеднички именител се личните доходи. Покрај сето друго секаде во суштина во прашање се личните доходи. Кога сега ние на некој начин би интервенирале во тие лични доходи по некој критериум на процент подеднакво од сите, нормално би имале интервенција затоа што уште повеќе би го намалиле стандардот на вработените. Но, овој закон на некој начин, јас се согласувам со претходните дискутанти демагошки навлегува во една област да речам која што е на некој начин изградена на дел од некои фрази од нашето минато, а можеби и сегашност, за некаква социјална правда. Па така на прв поглед на секој би му се причинило дека на некој начин овој закон е исправен затоа што тој интервенира во оној дел каде што вработените чмаат над двократниот износ од просечниот личен доход во стопанството. Но дали е тоа така? Ако се направи поголема

анализа можеби и најголемите би рекол сладокусци на оваа фаза би се разочарале. А зошто е тоа така?

Прво, овие да речам вработени кои што имаат ваков личен доход во своите средини каде што се вработени воглавно се луѓе коишто имаат креативна да речам и влијателна улога во сите области на живеењето во таа средина. Според тоа, ако личните доходи на пример во една средина се еден спрема пет да речеме со оваа интервенција тој однос би се намалил. Но, затоа тие би изнашле доста добар начин да го задржат тој однос преку некои други мерки, а во суштина само би се одзеле средства од фондот за лични доходи со што индиректно би биле загрозени и оние коишто имаат најниски лични доходи. Мислам дека е чиста демагогија ние со ова да тврдиме дека со овој закон зафаќаме само од оние коишто имаат лични доходи над двократниот износ. Индиректно ќе бидат погодени сите вработени. Тоа е едната страна. Друга страна мислам дека е карактеристично да се направи една анализа кои ќе бидат тие претпријатија коишто ќе бидат подвргнати под овој закон. Најдобар свеж пример ни е вчерашниот случај со штрајкот на рударите во Злетово. Тие бараат овој закон ние да не го донесеме затоа што некои рудари коишто работат со динамит, со опасни средства нормално имаат и зголемен личен доход. Со донесувањето на овој закон тие ќе бидат оштетени. Значи ние ако овој закон го донесуваме, втор еден момент е дали тој има селективност, а факт е дека нема никаква селективност во таа област. Исто така, да земеме ,две претпријатија коишто имаат потполно ист асортиман на производство, потполно ист технолошко - технички потенцијал, па и човечки, работат во едно исто опкружување, во еден ист амбиент. Исклучиво резултатите на

нивното работење е од нивната успешност и снаодливост во истото. И токму заради успешноста ка работењето, едните ќе имаат зголемен личен доход. Дали сега ние заради тоа што тие имаат успешност ќе ги казниме со ова, или пак треба на друг начин да ги стимулираме. Што значи овој закон е дестимулативен за ваквите претпријатија.

Друго е интересно тука фондот за пензиско осигурување. Ние пензиските давања,да речам, ги ставаме во ист кош со личните доходи на вработените. Па каде го има тоа? Знаеме дека за тој фонд вработените издвојуваат однапред и сега ние отпосле со еден закон сакаме од тој фонд директно да интервенираме и да одземеме средства. И тоа истиот критериум го ставаме ако земаме за двократен износ од стопанството за вработените, го ставаме истиот износ за .пензионерите. Зошто да не биде двократен износ од пензијата. Значи не можеме во ист аршин да ги ставаме овие две категории на граѓани. Поготово кога сме кај фондот за пензиско осигурување што со тие средства кои ќе ги одземеме од таа област, каде ќе бидат наменети? Слушнавме дека ќе бидат наменети за ова, за она, но никаде ние тоа го немаме напишано. Сигурно тие нема да бидат наменети во пензиското осигурување А инаку радо би се сложиле оние пензионери кои што имаат повисок износ ако тие средства би биле наменети токму за оние пензионери кои што да речеме земјоделци или од некоја друга структура коишто навистина се социјално загрозени.- Но, во случајот ние немаме таква програма за намена на тие средства, како што немаме програма за намена на средствата од личниот доход на пример да бидат упатени за невработените, или за оние коишто ќе останат на улица, коишто се технолошки вишок. Според тоа од таа страна во поглед на намената на

средствата каде ќе одат, мислам и тука овој закон навистина е нецелосен, не сеопфатен. Сигурно тие средства ќе одат најверојатно за одржување на еден гломазен државен апарат да речам којшто и понатаму е нерационален. Мислам тоа е посебна тема на дискусија и навистина со овој закон тука1 најмалку нешто сме предвиделе, што со тие средства.

II/1 рд/љр

**ТАШКО КИРОВ**: (продолжение)

Во образложението за причината за донесувањето на овој закон е наведено дека како главен аргумент заради блокадата на нашата Република и економските санкции против Сојузна Република Југославија и токму во тие рамки, барем така е пишано, и нашата Република е погодена, што е факт, сите ние знаеме дека и тоа како е погодена нашата Република но и тука имаме некоја селективност.

Не се сите гранки од индустријата еднакво погодени. Не може на пример една керамичка индустрија, која што е исклучиво базира на гориво е веќе во цената на чинеше на производот, да ја ставиме во ист третман со оние кои што на некој начин имаат монопол на тоа гориво и кој што калкулираат со купопродажната цена. Према тоа, кога се причините во прашање интересно би било ние да имаме и една анализа за една причина која што беше нашата одлука на Собранието донесена, а тоа беше законот за интервенција на платите. Ние знаеме после тој закон што се случи, на секаде во сите гранки.

На секаде се штрајкуваше. Колкави се тие губитоци. Ни,е имаме само еден показател колку железницата губи што неколку дена стајуваше. Колку севкупно изгуби нашето стопанство поради таа причина. Би било интересно и таа причина да биде внесена таму. Ние да имаме показател би имале одредена причина, дали не ќе создаваме нови причини, а тоа е овој закон сега што го донесуваме, можеби макар и минимално би имал на некој начин потенцијална можност да донесе некои превирања меѓу вработените, но сепак би одело во одредена насока на разрешување на стопанството.

Поради тоа сметам дека за да се донесе ваков закон и било која друга интервенција во областа на личните доходи, треба да биде крајно селективно тоа направено, крајно аналитички и крајно осмислено.

II/2.-

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ :**

Почитуван претеседателе, почитувани пратеници,

Поддржувајќи го меѓу другите и овој Предлог на законот, сакам да кажам само толку дека би било крајно нечесно, посебно од нас пратениците да не го поддржиме овој Закон , бидејќи се работи за собирање на многу скромен дел на средства за разрешување на проблеми од егзенстицибнална природа на одредена категорија на луѓе. Прилика ми е да кажам и дека не само по овој однос да се изврши оданочуваше на личните доходи, туку неопходно е потребно Владата да се замисли како и на кој начин е дојдено до создавање на енормно големи лични доходи во поодделни работни организации и сегменти во нашето општество кои ги надминуваат бројките од 1000 итн. Јас се прашувам, каква е таа одговорност и желба за разрешување на бројни проблеми во нашето општество ние да имаме една категорија која не може месец до месец да излегува до крај, а од друга страна да имаме легално едни такви лични; доходи и на фирми за кои објективно знаеме дека се создадени од средствата на штедачите кои исто така дел од нив се молат секој месец да добијат за нормална егзистенција.

Мислам дека Владата треба по однос на тој проблем да го разреши најсоодветно, бидејќи се наоѓаме во една преодна фаза во фаза кога почнува процесот на трансформација на општествениот капитал и мислам дека еден ваков однос, една вака несфатлива разлика во платите изнесува доста голем политички немир и постојат можности да има и социјални проблеми итн.

Второ, мислам дека другиот начин на прибирање на средства кој не е тука во Законот спомнат покрај тоа што имаат големи плати кои треба да

подлегнат нормална под ова, исто така треба да се води сметка за други начини за средства кои се во овие приватни трговии итн., кој работат на големо, кој не се опфатени со никакви други давачки, така да имаме за релативно краток период едно доста приметно раслојување во општеството, едно богатење на луѓе, кој користејќи го овој преоден вакум на неоподредување итн. се доаѓа до ваква состојба.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Не ми е вообичаено по втор пат за иста проблематика да дискутирам, меѓутоа, слушајќи ги овие дискусии сега што се одвиваат во продолжението. на седницата, по малку морам да кажам ме иритираат и повторно се јавив ја повторам нешто од тоа што минатиот пат дискутирав, затоа што сметам дека ако тогаш завршеше седницата имаше одредено расположение со оние дискусии, сега сосема ново се создава, одредено влијание кое се врши од одредени дискутанти дека ситуацијата која се создаваше минатиот пат дека треба со такви дискусии да се преокренат. Ми се чини дека не дискутираме со факти, не дискутираме со аргументи, туку едноставно дискутираме со некоја цел, на некој начин тоа да се донесе.

Јас ќе повторам некој работи и ќе се обидам да негирам одредени аргументи кои овдека не се аргументи, но мислам манипулации.

Прво, Законот кој се предлага не е во временски период кога се предлагаат мерките, Мерките се предлагаат до крајот на Нова година, а Законот за 6 месеци. А од еден од дискутантите беше речено дека не е прочитано. Тоа беше прочитано и се знае дека мерките се до крајот на годината,а Законот за 6 месеци.

Да бидеме  јасни барем пред јавноста, да знаеме што донесуваме, иако очигледно е расположението како ќе се донесе.

Второ, јас не можам да се согласам со одредени дискутанти дека е тоа во дузот на пазарното стопанство. Дури и синоќа на телевизија министерот за развој кажа дека пазарното стопанство во развиените земји има такви мерки за оданочување на личните доходи. Јас за тоа се согласувам и тоа има, меѓутоа не се оданочуваат 200 марки, туку се оданочуваат б или 7 илјади марки. Овдека се оданочуваат 200 марки и треба јасно на јавноста да и кажеме дека донесуваме з&кон каде што оданочуваме оној кој има повеќе од 200 марки. Да го поврзам со тоа овде а постојано се кажува дека е во договор со Синдикатот, дека Синдикатот, односно работниците го барале тоа. Јас не можам со тоа да се согласам затоа што работниците иако некаде можеби тоа го поддржале мислам дека не им е кажано што се сака до тоа и што се работи и дека тие ќе бидат оданочени, затоа што Синдикатот излезе прво со верзија дека минималниот личен доход треба да биде 81. илјада, а сега се предлага закон каде што треба да биде оданочено 120 илјади денари, а 81 е минимално. Практично добив во колизија. Се бара со законот да се оданочи минималната плата која ја бараше Синдикатот. Сега што е постигната согласност со тоа да биде 61 илјада немам ништо против, убеден сум дека и таа нема да се исплатува. Убеден сум, бидејќи просекот на личните доходи во Републиката е понизок од 61 'илјада и не може и таа да се исплатува'. Јас сакав овде јавно да кажам дека со овој закон практично се оданочуваат работниците во интерес на неработниците, бидејќи тие средства ќе одат во некои фондови, тоа е еден огромен апарат кој се финансира, и понатаму да се финансира. Работниците веројатно не знаат  дека од тоа ќе немаат ништо. Веројатно

сеуште со онаа социјалистика теорија дека ако сме сите заеднички сиромашни дека ќе ни биде добро, јас мислам дека нема да ни биде добро и мислам дека работниците треба да знаат дека од тоа нема ништо да добијат, туку практично со ова продолжуваме на комшијата да му умре козата, ќе бидеме сите среќни. Ако некој евентуално во овие тешки услови успее нешто да направи да земе некој денар тоа да му го ограничиме и со тоа практично заедно со сите да бидеме максимално сиромашни и со тоа ќе бидеме среќни. Тоа е нашата несреќа која не пратеше до сега, а со такви закони мислам таа несреќа ќе продолжи да не следи и понатаму. Нека ние со тоа на здравје.

Уште еднаш да повторам, дека со овој Закон се оданочени само оние кои земаат плати преку СОК, а тоа е само општественото стопанство, поголемите организации. Сето другото заобиколува, не ги зема платите преку СОК и мислам дека ќе го избегне и тоа оданочуваше. Тие не плаќаат данок на промет,, не плаќаат се друго што се плаќа со закон, а камоли ова да го плаќаат. Да повторам и тоа дека Анексот на колективниот договор како се дава, овие 10% зголемување на платите, во однос на она што е земено за Август, практично ова оданочување да ги сведе на пониско ниво. Практично данокот ќе биде поголем од она што се додава како зголемување. Така да работниците оние што работата во директното производство, рудари, металурзи, железничари, градежници, автомеханичари, транспортери итн., сите тие ќе имаат пониска плата од август месец, затоа што е поголем данокот од она што значи зголемување по анексот. Овој Закон е спротивен на колективниот договор, дека е спротивен на пазарното стопанство и она што е договарано со Синдикатот се експлоатира го барал Синдикатот веројатно бирале меѓутоа сигурно не

барале два лични доходи да бидат оданочени. Сигурно тоа не го барале и не занеле што бараат. На телевизија синоќа се слушна рударите од Злетово, покрај другите барања кои се таму поставени, едно од тие е дека бараат овој закон да не се донесе, односно тие бараат да не бидат оданочени. Јас да ја кажам иронијата на нивното незнаење. Кога се предлагаше да се донесе овој закон, тие со аплауз го прифатија, затоа што имаше во барањето на Синдикатот широка поддршка, евентуално генерален штрајк за одредени барања. Тогаш тие го поддржаа со аплауз, бидејќи мислеа дека некој друг ќе биде оданочен. Сега кога им се кажа' дека. тие ќе бидат, заради условите во кои работат, заради нормите, сега тие нормално реагираа. Не е чудно сега таков ланец да се повтори. Ако човек работи на норма, тогаш ќе нема логика да работи да ја исполнува нормата бидејќи тоа што е преку нормата ќе треба да го плати. Ако работи во трета смена сега ќе прави отпор да не работи, бидејќи тоа што го добива како додаток, треба да го плати. Ако работи во недела, добива одредени додатоци и тоа треба да го плати. Така да со овој закон стимулираме неработење. Јас кажувам дека ќе бидам против и мислам дека носиме закон кој никому не му користи само прави одредени проблеми.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Дами и господа, изгледа дека ни е навика секој закон што ќе го донесеме овде да се вратиме назад од првата седница што го имаме. Ако зборуваме за конкретниот закон што ни е на дневен ред, јас се согласувам со некои господа што рекоа дека нема да има голем ефект. Јас се согласувам со господата, кои рекоа дека ќе има стандардни трошкови. Јас

се согласувам со некои што рекоа дека не е во домен на антиинфлационата политика, исто така се согласувам со господата кои, рекоа дека Владата треба да најде такви механизми, не со порастот на цената, не во весниците да пишува дека лебот ќе биде 350 денари, практично дали имаме правна држава и дали има сила оваа Влада,. или било која влада да има ред во нашето општество. Меѓутоа, не можам да. се согласам дека зборуваме во име на работниците. Практично ние штрајковите од тука ги спремавме. Ги спремаме затоа што создаваме хаотична состојба во јавноста. Јас не можам да се согласам ние да зборуваме за пропорција за 1:5 лични доходи.• Работникот не го интересира колку некој зема 1,5 или 6. Работникот го интересира каков личен доход тој зема и дали може да живее со тој личен доход. Исто така не можам да се согласам дека постојано зборуваме во име на приватниот сектор. Ако знаеме иако Владата знае како се однесува тој приватен сектор, нека повели, нека најде механизми, а на крајот на краишта- та тој приватен сектор не е крив што ние немаме наши механизми и не може да се изврши плаќањето што не ни функционира банкарскиот систем. Кој е тој приватник што инвестирал свој капитал ќе даде денеска 100 илјади марки, а да не ги зема за 100 години. Од друга страна јас не можам да се согласам за некои бројки во Законот. ако сме го прочитале законот, пишува два лични дохотци. Ако е тоа два, камо среќа нашиот работник во оваа Македонија да има над 200 илјади денари личен доход. Јас ќе бидам среќен, меѓутоа, навистина за некои душогризници што зборуваат во име на албанохобија итн. јас мислам треба да биде крај. Од друга страна доста со такви патриоти која ја даваат туѓата душа, а ја чуваат својата.

II/8.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Прв пат учествува, во дискусијата по оваа точка а по првата точка изразив соодветна резерва кон овој закон и би сакал на некој начин да објаснам.!Мислам дека по мој впечаток од целата оваа дискусија и сите елементи што беа изнесени никој не ја оспори потребата од оданочување на соодветни лични доходи. Со разговорите што ги имав со Синдикатот, исклучиви беа нивните залагања за оданочување на највисоките лични доходи во Републиката. Онака како јас ја сфаќам потребата од тоа дека треба рамномерно да бидат оданочени спрема примањата граѓаните во Република Македонија имајќи ја предвид вкупната економска состојба на овој план. Веројатно се лапсузи во искажувањето кога се говори не треба да дозволиме социјални раслојувања. Па луѓе, одиме на пазарно стопанство. Катадневно ќе имаме милијардери збогатени, ќе има и луѓе ко ќе се борат за егзистенција. Вообичаен процес ќе биде едно големо раслојуваше во системот. Во такви услови мислам дека е нормално и градење на една социјална политика, која што мора да обезбеди една минимална егзистенција на секој граѓанин. Затоа е напишано дека Република Македонија е социјална држава. Меѓутоа, исто така несфатливо ми е поготово кога некој стручњак ќе каже ваков систем има во пазарното стопанство. Извинете, но тоа пазарно стопанство на Запад не се базира на општествената сопственост. Ова општество сеуште се базира на општествена сопственост и во тој амбиент овој закон го носиме. Според тоа овој закон мора да има соодветна специфика, а во тоа пазарно стопанство имаме прогресивно оданочување. Па се вели оној што има две плати, плаќа 5% оној што зема над 4 плати праќа 20%, оној што зема 100 илјади милијарди долари плака 90% од данокот. На тој начин обезбедено е рамноправно тој закон сите да ги погодува. Бројни дискутанти ги изнесоа

тука резервите. Прво, нема .соодветно секој да го погоди. Има. еден запослен во семејство, некаде има 5 луѓе запослени во семејство. Тој еден можеби има 400 илјади ден., а некој на 5 вработени во семејство земаат по 300 или 200 илјади. Или сите го потврдија тој факт дека скоро во приватниот сектор тешко некој да плати било каков придонес на овој план. Бидејќи сите податоци зборуваа и информации од (^ројни општини дека сите пријавуваат минимални лични доходи. Според тоа и на тој план мислам дека најадекватни ќе бидат погодени. Од тие причини изразат резерва, и укажат потреба за размислување на самата идеа како успешно да се реализира. !

III/I.-JJ/МЛ

**КИРО ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

А идејата беше да се обезбеди соодветно оданочување на оние граѓани кои што имаат високи примања во Републиката. Бидејќи тоа не се обезбеди лично би го поддржал овој закон во име на нашата пратеничка група, го поддржувам не затоа што мислам дека е најприфатлив, туку затоа што нема подобро решение во Парламентот Од тие причини јас го поддржувам целосно донесувањето на овој закон, а би сугерирал Владата да размисли на кој начин многу поефективни закони да донесе во овој временски период за да може сите граѓани да партиципираат кои што можат во формирањето на овој фонд и целите што треба да се остварат со донесувањето на овој за- кон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа,изгледа сакаме да ја погодиме Ахиловата пета. Меѓутоа многу доцна стигнавме на боиштето. Ова е добра работа. Во културниот»свет, во светот каде што царува ред и мир во светот каде што капиталот е достоинство и достоинствено ги дели средствата, прво почнува социјалата а после завршува до работникот Таму има некаков ред, и не е како кај нас. Законот што го предлага Владата, ако живееме во еден друг свет е сјаен и треба сите да го поддржиме. Но, ние сакаме да излечиме еден умрен Човек. Лекот стигна многу доцна. На умрен не се даваат инекции па било тој лек како да е чудотворен. Не сме виновни ни ние пратениците ни оваа Влада па и претходната Влада, затоа што болеста беше јавена многу поодам на кога грабежот едноставно царуваше во сите пори на општествениот живот и во стопанството и вон стопанството.

III/2.-

Меѓутоа, за жал и денеска некои стопански организации, некои се моќници во тие стопански организации, земаат средства во пликови и не се знае колку земат. Иако некој од тие работници што работат во таквите организации ја кажат тајната тие ќе бидат осудувани или отстранети.

Драги пратенички и> пратеници ако имавме донесено еден закон порано од владите од претходната и сегашната со кој закон ќе беше утврдено дека овие пари што ќе се земат 10% или колку се ќе бидат наменети за социјалата, за пензионерите, за работниците, тоа ќе беше една сјајна работа. Многу лоша работа е кога се служиме со некоја демагогија. Демагогијата е болест која не придонесува за подобрување на животот ниту на работникот ниту на пензионерот. Каде беа тие господа што владееја пред нас, каде беа тие господа да видат дека социјалното се грабеше 40, 50,30, 20 години луѓето работеа и едвај ја дочекуваа пензијата за да преживеат некоја година и кога дојде време да ја земат пензијата социјалното немаше, односно нивните пари беа исчезнати. Каде се давале тие пари? Тие пари не се вратени. А се тоа тогаш беше законски и со благослов на трета сила парите исчезнувале. И ве прашувам дали Владата и ние сме тие кои ќе ги покриваме тие големи средства, таа маса на пари за да ја задоволиме социјалата, пензионерите и работниците во фабриките? Не! Знаете зошто? Присутни сме тука две години. Кога се вршеше најголемиот грабеж во оваа држава ние констатиравме дека се врши грабеж и не презедовме никакви мерки Да го спречиме грабежот. Што се крадеше, што се земаше? Па пари се земаа. Се земаше трудот потта и животот на човекот. Се прашувам, и ја прашувам Владата - каде ќе бидат наменети тие средства и колку ќе бидат тие пари? Ми се чини дека со тој закон не задоволуваме ниту минимум од тоа што го бараат нашите граѓани, оние босите и голите. Ние требаше уште од првите денови да ги донесеме тие

III/3.-

закони. И одма ќе се надоврзам со дека метафора, која во моментот сега ми дојде во паметот, јас зборувам народно и сите мои метафори господа еден ден ќе ги учат нашите внучиња. И сам господ во тоа е убеден. Имал човек крава ама не домаќин Беше корисна кравата "додека даваше млеко и ги ранеше своите дечиња. Кога кравата веќе се снемошти,(пишувајте и вие - се обраќа на прателиците) и слушајте ме. Што направи тој недомаќин - ја заклал кравата, го изел месото и од кожата дури направил опинци. А после? - После вие продолжете со мојата метафора. Значи добриот домаќин, добрите сопственици, добрите работници, добрите државници треба да бидат и. добри домаќини. Но за жал за овие 50 години не бевме добри домаќини, не бевме добри работници и тоа доведе до оваа ситуација. Никој нема смелост од нас да каже два збора и да се реши енигмата' и да остане кравата жива и да дава млеко.

Прво прашање што треба да си го постави Владата зошто сме во таа положба и кој е виновникот. Не смее никој. Молк Како тоа да се заврши со нашите банки? Молк! Дали ние не можеме да направиме една работа, една друга работа да се створи една банка од интервенција, кога зборувам банка не зборувам за банка каде што ќе се внесуваат пари, туку за агенција и да се види што се се случи во нашата земја во овие 50 години и кои се тие што ја доведоа земјата во оваа положба. Тогаш ќе излеземе од таа беда во која сме.

Господа, законот е добар. Така се служат и во западните земји. Меѓутоа ние заборавме една друга работа. Заборавме дека тој закон е краткотраен и интервентен. Ова затоа што ќе се соберат минимални средства и ако погледнеме сега како што почнавме со пликовите и да дојдеме веќе на тие што имаат ограбено и се денеска господа богати со мерцедеси, со БМ-виња, со куќи, со вили, со пари, никаде тие пари не

даваат ниту еден денар. Тука Валтата треба да обрати внимание да седне и да ги разгледа ќе тешки, тешки нерешени досега проблеми.

Јас лично не сум против законот, затоа што во Запад иако реков дека ние не сме Запад, не сме таква земја, државата живее од даноци, државата живее од приходите на одделни работници, државата живее од големите претпријатија. Фактички, меѓутоа, работата не е така. Ние!немаме ниту такви претпријатија, ниту таков данок што плаќаат зашто сме на работ на пропаста а платите ни се такви што може да се опорезат а ако се такви тие се минимален број во народот. Ова и затоа што има во едно семејство повеќе членови, а еден работи и приходот е мал. Според тоа Владата, ја молам Владата прво да донесе еден закон со кој ќе напише дека тие средства ќе бидат наменети за тоа, тоа, тоа. Ако тоа не го направи Владата ќе биде демагогија. Тогаш парите што ќе ги дадеме или ги префрлуваме од еден џеп во друг или ги префрлуваме од една торба во друга торба слична на првата. За да не се случуваат вакви закони набрзина да се донесуваат јас реков и стојам на становиште дека на една од наредните седници Владата кристализирано да излезе пред овој Парламент да ги намени средствата за ова, за ова, за ова. Тогаш и Владата ќе биде оправдана и Парламентот нема да биде излажен. Извинете на овој израз. Вака во магла ова е само да кажат работниците еве Владата е наша луѓето што не поткрепија се наши, ќе се надеваат пензионерите дека ќе се соберат средства, а ништо нема да се собере јас сум убеден зашто се е потрошено и нивните пари и нивната пот и тоа ќе трае 2-3 месеци и положбата може да биде уште потешка. И ако тогаш Владата донесе она што сега јас го кажувам тоа ќе биде пак доцна, пак ќе биде умрен човекот, а лековите ќе стигнат многу доцна.

III/5.-

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани дами и господа, Немав намера денеска да зборувам меѓутоа сум провоциран од последните дискусии и мислам дека од оваа говорница кога се обраќаме овде и она што се изнесува, мора да бидеме доволно прецизни како прво никој нема право од нас да минимизира се што е направено од ослободувањето до денеска. Ако сме свесни за една актива и пасива на оваа Република од оној почетен биланс од 1944 година па досега, ако имаме очи и мозок, јас не критикувам никого да видиме се што е изградено, колкаво материјално благо има во оваа наша држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да се дискутира по законот.

**ФАИК АБДИ:**

Ве молам господине претседателе дозволете на некого да критикува на друг начин. Јас ве молам немојте да ме критикувате одам по дневниот ред исто како што некој друг не оди. Ако знаеме со се што располагаме како материјално благо во оваа^ Република од 1944 година, тогаш мислам дека не треба да минимизираме и маргинизираме некои работи, според тоа треба да бидеме толку свесни денеска кога имаме ваков закон да кажеме една друга вистина. Што мора да излеземе пред работничката класа, да употребам термин класи. Наиме, за што се работи, во овој момент јас не можам да дадам поддршка за донесуваше на ваков закон заради тоа што не се согласувам не можам да бидам свесен дека треба да се опорезуваат односно да не бидат опорезувани две плати што е тоа 120 иљјади денари. Што се тоа 200 марки за што зборуваше еден колега пратеник. Мислам дека Владата треба да подготви закон за оданочување на личниот доход

односно платите, таков закон со кој ќе каже до .толку плата се опорезува со толку процекнти и така како се качува износот се зголемува и процентот. Така да таа селекција да ја почувствува повеќе оној што има повисока плата. А не да биде за сите еднакво, јал не јал три ипол. Мислам дека тоа е многу неисправно. Мислат дека е многу лесно да се појде од две плати. Две плати не се ништо. Не е тоа минимум егзистенција. Замислете што е 120 илјади за едно четиричлено семејство. Затоа не му давам поддршка на ваквиот предлог и ќе бидам неопределен. Инаку сакам да искажам и еден револт мој спрема јавните гласила, на минатата седница зборував доволно околу нашата проблематика што беше дискутирана овде, не ми е спомнато името ниту на почетокот ниту на крајот. Како да не ме гледаа господата новинари, сите пред мене барем да кажеа зборуваше тој и тој. Јас не знам што се крие зад сето тоа, верувам дека претставниците на "Нова Македонија" група новинари потпишани таму ќе поведат малку повеќе сметка, и ќе бидат малку пореални во таа смисла.

Инаку мислам дека оваа наша Влада треба да види во врска со овој закон што се работи на Запад. И земјите со најразвиени стопанства, многу богати земји имаат оданочување, но тоа е прогресивно оданочување. Нека биде така. Да речеме мене ми се бендисува моделот на Австралија сум живеел таму и сум плаќал данок. Дајте да направи- ме такво нешто. Тоа е многу убава работа. Ако дочекаме да имаме такво материјално благо да бидеме оданочени токму како на Запад сигурно е дека секој, работник нема да се буни. Тој ќе дава„ дел од себеси за својата ,земја. Инаку ова е мала работа 10% не е тоа незнам колку, меѓутоа не е и таа маса што ќе се собере толку доволна за да биде во припомош во овој момент во немањето на пари и на материјалните блага.

III/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој сара збор?

За збор се јавува Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Се извинувам што по втор пат барам збор, меѓутоа кажав само едно парче од аргументите зошто не е среќен овој предлог на закон што ни се нуди а дискусијата и минатиот пат и сега е прилично инспиративна во врска со нашата вкупна трихолошка состојба за тоа што сакаме и каде одиме. Јас се извинувам што еве вака некои акценти што ми паднаа, пак во прилог на додатна аргументација што ние мислиме и каде сакаме да одиме. На пример има изречени, немам на- мера да го сублимирам тоа, мене ми се една инспирација сите овие моменти од некои дискусии. На пример ние имаме општествена сопственост, специфики, специфика наша е, се разбира дека е наша специфика и заради тоа ние ќе имаме специфични закони. Па и ваков закон во таа специфика ќе го сместиме, се разбира и многу!други закони. Го поддржуваме законот затоа што нема подобро решение што е понудено од ова што е веќе понудено. Или го поддржуваме како не- кој си нужен моментален дневен компромис на одредени политички сили во Републикава.

Трето не можеме да ја собориме инфлацијата, во овој кон- текст беа претходните дискусии од првиот дел од седницата, затоа што за источните земји една група стручњаци од меѓународните институции тоа не го предвидуваат. Не можеме да примениме остри дезинфлациони мерки бидејќи немаме странска помош. Па во тој контекст беше на пример изречен податок дека Израел добил 9 милијарди долари странска помош и затоа успеал да ја спроведе острата дезинфлациона политика на господинот Мајкл Бруно. Овде е книгата (ја покажува книгата на

пратениците со кренатa рака) на тој Мајкл Бруно кој што пишува за неколку годишните напори за соборувањето на инфлацијата за Израел и каде што дословно пишува дека во две години Израел има милијарда и петстотини милиони долари помош. Меѓутоа 1,5 милијарди долари помош на израелскиот општествен производ е една величина а 1,5 милијади помош на наш општествен производ е друга величина. Од прилика 'ако сакаме на реално ниво да ги споредуваме работите веројатно 1,5 милијарди долари што значи за израелскиот општествен производ, за нас 100 милиони долари за нашиот општествен производ ќе значи ист ред величина. Понатаму не можеме. да предложиме мерки комплексни зашто немаме заокружен стопански систем, не можеме да ги наплатиме даноците, затоа што приватниците се итри и ја надмудруваат власта. Во тој стил имаме милион аргументи деновиве и други денови, претходно зашто зборуваме на сличниот начин а ќе имаме веројатно и натаму.

**ПЕТАР ГОШЕВ (**продолжение)

Ова што сега го кажувам"не се однесува- на Владата што ја избравме пред месец дена. Тоа се однесува на нас, на целиот парламент, на мене лично, на сите, на претходната и веројатно на некоја нова што ќе се служи со слични аргументи. И ако сето тоа така го поставуваме прашањето е што ние можеме. Оставам заклучокот да се ги извлекуваме сите сами за себе.

**ЏЕВТЕТ ХАРАДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, доста критики од оваа говорница беа упатени на овој закон иако длабоко сум убеден дека и на самите критичари им е јасно оти учинокот од неговата примена нема да ја загрози нашата заедничка трајна определба кон отворена пазарна економија со сите нејзини , карактеристики. Скоро сите системски закони со кои имаме претензии да градиме таква економија се наоѓаат во постапка во ова задоволни Собрание одамна и сите ќе бидеме <, ако овој Парламент на тие закони ќе им посвети толку време како и на овој. Меѓу; тие закони се наоѓаат веќе подготвени и системските закони за даночниот систем и за персоналниот и за данокот на промет и целокупниот даночен систем. Според тоа барање од овој закон да одговори на сите тие прашања мислам дека не е коректно, имајќи предвид дека многу пати беше речено и во експозето на претседателот на Владата и на госпоѓата министерка која ги образлагаше мерките е дека такви претензии немаме.

Во овој момент ние сме изложени на жестоки непазарни притисоци. Така да кога градиш пазарно стопанство ако си изложен на такви непазарни законитости ќе мора. да се прилагодат итни мерки и на тие услови.

IV/2

Ако оваа состојба на економска к политичка блокада потрае подолго се плашам дека ќе бидеме принудени и како Блада и како Парламент да донесеме уште по непопуларни мерки, итни мерки кои натаму нема да бидат на курсот кој значи воспоставување на пазар- ни законитости. Сакам да верувам дека до тоа сепак нема да дојде. Точно е тоа дека мотивите за донесување за донесување на ваков закон се и политички и психолошки, само верувам дека он не може битно да влијае за обезбедување на социјален мир. Евентуалните потенцијални носители на социјални немири сигурно не се толку наивни за да ние ги залажеме со овој закон. Кој сака коректно да го чита и толкува во никој случај не може да заклучи дека ќе претставува товар за работниците. Камо среќа да е голем бројот на работниците чии плати се поголеми од две просечни плати што се остваруваат во Републиката, поготово во градежништвото кое беше во некоја дискусија спомнато. Јас до скоро бев во стопанството и точно сум информиран кој има плата поголема од два просека во Републиката.

Не е потребна голема анализа за да се види кои ќе бидат обврзници за плаќање на овој данок, освен сите ние присутни во оваа сала со исклучок на техничкиот персонал и новинарите, незнам . Од една до дваесет илјади денари месечно ќе плаќаат грото од раководните кадри во стопанството, државната управа и општествените дејности и тоа 6 месеци, до крајот на март 1993 година. Ова од една до дваесет според денешните параметри. Инаку тоа ќе биде во наредниот месец сосема поинаку.

Не е вистина дека некој мисли дека со прибраните средства ќе се реши проблемот на вработувањето или други социјални прашања. Тие ќе се користат само за учество во финансирањето на социјални програми, само претпоставувам дека нема потреба да ве убедувам дека во Републикава се јавуваат се повеќе крајно драматични социјални случаи за кои и овие

скромни средства не се мали. Приближна квантификација дадена е во образложението на законот. Инаку едно е сигурно дека од овој закон најмала причина имаат да се плашат албанофобите и македонофобите. Тој нема ама баш никаква врска со нивните фобии.

Од наведените причини Владата останува при предлогот овој закон да биде донесен. Инаку за нашата готовност за исклучително тешката економска состојба во која се наоѓаме поготово најзагрозените категории од населението, индикативен ќе биде исходот од гласањето на овој закон.

На крајот сакам да дадам и неколку конкретни забелешки. Спроведувањето на овој закон нема да бара никаков трошок. Така е замислен, ќе има упатство на крајот од месецот 10% да одбива благајникот од претпријатието."

Има квантификации дека се работи за 148 милиона денари месечно, а тоа во наредните месеци сигурно ќе биде поинаку. Има и сосема оправдани критики дека приватниот сектор ќе може да се опфати така како што ние сакаме. Меѓутоа навистина во овој закон не може да има такви членови за да можеме тој проблем да го решиме, бидејќи тој не е за овој закон, таму немаме приходи, многу поважни приходи за почеток поради неопфаќање на тој данок. Според тоа не сакам да повторувам дека не се бара овој закон да ги решава сите тие проблеми. Затоа ние ќе видиме со други закони кои ние ги изработуваме, а еден го имаме и во наредната.

Околу предлогот да се земат две пензии, мислам дека предлагачот не знаел дека во корист на пензионерите е тоа решение предложено туку и за нив важи за да се опфатат поголем дел пензионери со овој данок. Би било тоа полошо за нив. Вкупно имаме сознание дека 7% од вработените во општествениот сектор ќе се опфатат со овој данок а како трето секое право

е применување на еднакви мерила ка нееднакви луѓе не ќе можеме да исклучиме одредени категории што можеби се оправдано, некои рудари и некои работници итн. бидејќи би се довел цел овој закон во прашаше, а верувам ако тие слушнат имајќи предвид колку ќе се плати дека нема или фамилиите, тоа до- вело. Затоа сме избегавале да одиме со претензија да исклучиме се што треба да се исклучи бидејќи евиденција колку во фамилијата се остваруваат приходи тоа бара други методи. Според тоа сакав да ги изнесам рамките што се опфатени со овој закон а не со него да се решаваат сите наши негативности. Точно затоа предлагаме да биде по итна постапка. Еве ги законите во наредниот период, во најкратко време, камо среќа овој Парламент во таа смисла да биде поефикасен па :тука со денови за тоа да разговараме и да донесеме најцелисходни закони кои ќе бидат на онаа линија на која верува сите сакаме да бидеме.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа. Со некои дискусии нормално се согласувам, со некои не се согласувам. Меѓутоа од министерот за финансии навистина сакам едно појаснуваше. Тој овде истакна една доста нејасна политичка мисла дека во Македонија се врши политички и економски притисок па заради тоа ние во иднина можеме да носиме и понепопуларни мерки. Ако министерот знае кој се тие, дали се тоа внатрешни сили или надворешни кои вршат притисок врз Македонија мислам дека треба да биде овде појаснето за нас пратениците па да имаме јасен и дециден однос кон овој закон 'па да се изјасниме за или против. Инаку не се согласувам и со онаа изрека што ја изрече дека некој патат од албанофобија а некои од македонофобија. Такви квалификација било кој да изрекол ако ние како Парламент како држава сме спремни да градиме еден нов систем, а вие

IV/5

како нова Влада, концентрациона Влада сте спремни да го прифатите тој предизвик, бидејќи таа претходна беше. конвенционално компетентна, дајте да видиме се што е она во разумни рамки и да видиме ако е внатре да го исчистиме, ако е однадвор пак да кажеме зошто е однадвор. Дали она што е постоечко во Македонија не чини па однадвор тој притисок ви се врши или друга сила однатре.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор, (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 6 став 1 и 2 и тоа е составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Во овој амандман е содржан и амандманот на член б став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на,член 2 и член 3 со кои се согласила Владата и тие се составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 3 ' за додавање нов став 2, на член 5 став 2 и за додавање нов член 5-а, а пратеникот Симон Ивановски поднесе амандмани на членовите 2 и 3 и за додавање нов член 2-а со кој не се согласила Владата.

Отворам претрес по амандманот на членовите 2 и 3 поднесен од пратеникот Симон Ивановски.

Дали некој бара збор.

**СИМОН ИВАНОВСКИ:**

Амандманот кој го поднесува е во духот на ова што пред тоа дискутирав, но да потсетам.

Кога веќе така ги констатирам овде во образложението, ако има

расположение да се прифати еден таков Закон за кој јас не е согласувам сметам со овој амандман да не треба да биде оданочена двократна просечна плата, туку тоа да биде четирикратна просечна плата. Според тоа во членовите 2 и 3 зборот "двократна" значи две плати, да .се замени со "четирикратна". Тоа значи место да се оданочуваат 120 иљјади денари ќе се оданочуваат 240.000 денари. Со тоа сметам дека барам за оној дел за кој најповеќе се залагав ќе бидат ослободени барем повеќе од работниците од директното производство, а со тоа нема да бидат ослободени овие кои седат овие кои седат во овие клупи, директорите, тие околу нив итн. Според тоа молам пратениците да го прифатат амандманот место две плати оданочувањето да биде четири плати а тоа би значело оној кој има повеќе од 400 марки да биде оданочен а кој има испод тоа да не биде оданочен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор ( никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот на гласање.

Кој е за молам да крене рака (23)

Според тоа овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по член 2 поднесен од пратеникот Симон Ивановски.

Молам кој бара збор?

**СИМОН ИВАНОВСКИ:**

Веројатно ако сите го прочитавте нема потреба од многу образлагање, но бидејќи доаѓаат многу амандмани, ред е да потсетам што предлагам со овој амандман.

Предлагам обврзник на посебен данок на плати е физичко лице кое ја остварува платата во директното производство. Ако е веќе образложението

дека законот треба да се донесе, ако не се прифати првиот амандман да не може да се зголеми платата, предлагам од оданочување да бидат исклучени работниците кои работат во директното производство. Да не ги набројувам сега овде, бидејќи имам различно мислеше, сите оние кои работат во директното производство и имаат плати поголеми од две просечни плати, да не бидат оданочувани. Барем тоа е едноставно, да се знае кои работат во директно производство, работниците кои работат таму под тешки услови да не бидат оданочени.

Молам да биде прифатен амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор (никој). ,

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2 поднесен од пратеникот Симон Ивановски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

(Тодор Петров ги повлекува амандманите)

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да дадам една забелешка на член 8, неговата содржина за примена на овој закон. Вели овој закон влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија а ќе се применува почнувајќи со исплата на платите и пензиите во месец октомври. Господа овој дел месец октомври исплатувања на платите има повратно дејство.

V/1 СЈ/СЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

И не ќе може, дозволете, се зафаќа право, денес сме 14-ти, а овој закон стапува 8 дена од денот на објавувањето, може да биде најрано објавен утре, тоа значи 15-ти плус 8 тоа значи 23. Сметате ли дека ќе западнеме во беззаконие 23 дена, тоа е се ретроактивно дејство. Затоа ќе треба да се избрише зборот "месец октомври" или да стои "8-от ден од денот на објавувањето". Она што ќе се зафати, ќе се зафати. Она што нѓ се зафаќа, ќе помине. Ние овде не можеме да допуштаме да минуваат рокови кои што се противуставни. Дозволете, некој ќе каже ќе се наплати платата после први, кој тоа го гарантира? Оние што располагаат платите може да ги исплатат и сега на 23-ти, можат, (некој од пратениците сугерираат дека тоа не може да се направи) како да не може,, не може. да дејствува назад, јас не знам што е во прашање, дали не сакаме да се разбереме, или сакаме да водиме насила. Уставот затоа го донесовме за да граѓаните имаат гаранција. Она што не е поповолно за граѓанинот не може да се применува. Една таква одредба е член 52, став 4 каде се вели "законите и другите прописи не можат да имаат правно дејство освен по исклучок во случај кога тоа е поповолно за граѓаните". Дали сега со некој закон кој ќе го вратиме да ги зафатат задолженијата на граѓаните за еден месец station наназад ќе е поповолно? Сигурно не.

Предлогот е ќе се применува за исплата на ^платите и пензиите за месец октомври, треба да стои "влегува во сила осмиот ден од објавуваше во Службениот весник". (некои од пратениците укажува дека е тоа полошо) не е полошо. Дозволете, ако тој ден се применува, за да се види практичниот дел, да кажеме овој закон да стапи на 25-ти, од 25-ти до 31-ви имаме 6 дена, може да се зафати од примањата само за С де;га, а не и за 2

4 денови. Ме разбирате ли што е во прашање, овде една работа не може да се опфати, не е во прашање дали ќе ме разберете, еднаш ова Собрание ќе треба да се почитува само себе. Ако не друго, барем интересите нека останат на една страна, а законите нека бидат примарни. Јас укажувам на една законска, уставна пречка.

А, ако некој смета дека е поинаку, па луѓе кои ќе бидат опфатени има да водат уставни спорови, па кој закон да го донесеме Уставниот суд нека ги поништува.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Ќе ме извини колегата Стојановски, затоа што од место го прашав што е неговиот предлог. Ако е предлогот дека законот влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето, тоа е уште по неповолно за граѓаните бидејќи и при земањето на личниот доход за месец септември ќе важи овој закон. Бидејќи сите исплати што ќе бидат од 8-от ден од влегувањето во сила на овој закон, сите исплати на личните доходи се оданочуваат со стапката од 10%. Затоа сметам дека многу понеповолно е она што го предлага колегата Стојановски, а инаку решението во законот е подобро затоа што при исплатата на личните доходи за месец октомври кои што сигурно ќе бидат во ноември ќе се пресметува данокот на личен доход во висина од 10%.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Смислата на госпога Стојанова ќе имаше и значение ако сфатиме само догматско толкување на законот. Меѓутоа, содржински овој закон важи во иднина, не може да се враќа назад. Според тоа нема што да се плашиме ние да зафатиме некого од јануари, не можат предмет на

зафаќале примања кои се пред станување на спаѓа на овој закон. Јас не знам во што е недоразбирањето. Ако кажеме за октомври ништо не сме решиле. На законот му даваме повратно дејствие, да има тој правилно содржинско дејствие од донесувањето па во иднина, и во тоа е целата работа. Тука нема недоразбирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да укажам нешто. Ние продолживме со претресот по текстот на Предлогот на законот. Интервенцијата на господинот Стојановски има значение само околу определувањето на пратениците како ќе гласаат за законот. Инаку, тоа не е амандман. Во текот на расправата може да се даде амандман, но само писмено, и тоа се прави по исклучок, а тој сега овде зборуваше. Според тоа ние немаме некој предлог, немаме амандман, ова ако го прифати самата Влада, предлагачот или при гласањето секој да си води сметка како ќе гласа, инаку ова не е амандман и не треба да расправаме.

Ако е уставна заснованоста на овој приговор требаше, Законодавно - правната комисија да ни укаже. Ние од страна на Законодавно - правната комисија во Извештајот немаме никакво укажување.

Дали по други прашања некој сака да расправа? (Не). Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

"За" гласаа 43 пратеници.

Дали има некој против?(22 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(20 пратеници) .

V/4

43 пратеници се за законот, 22 се против и 20 се воздржани.

Да видиме колку се присутни.

Присутни се 87 пратеници, од кои 43 се за, 22 се против и 20 воздржани, некој не гласал.

Според тоа, законот не помина.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во автентичноста на гласањето, барам да се гласа поименично (реакција на пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кои што го поддржуваат?(има) Да поминеме на поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

Гласаме за законот во целина, кој е за, кој е против, кој е воздржан.

1. Фаик Абди -воздржан
2. Газменд Ајдерага - за
3. Хамид Алиу - за
4. Ештреф Алиу - за
5. Стојан Андов - за
6. Гоце Андоновски - не е тука
7. Митко Анастасовски - воздржан
8. Тиме Андонов - воздржан
9. Никола Апостолоски - воздржан
10. Душко Арсовски - не е тука
11. Драги Арсов - против
12. Бранко Арсовски - за
13. Ламбе Арнаудов - против
14. Јордан Бошков - воздржан
15. Горѓи Бојковски - за

V/5

16. Алексадар Гештаковски - за
17. Петар Гошев - не е тука
18. Владимир Голубовски - против
19. Драги Гроздановски- воздржан
20. Санде Давчев - не е тука
21. Димитар Димитровски - не е тука
22. Тодор Димов - за
23. Доста Димовска - не е тука
24. Ратка Димитрова - воздржана
25. Петар Ѓоргиов - за
26. Борко Ѓорѓески - против
27. Душко Ѓорѓески - за
28. Зуди Емини - за
29. Јордан Зафиров - за
30. Горан Зафировски - против
31. Насер Зибери - не е тука
32. Васил Зимбаков - за
33. Ванчо Златанов - за
34. Борис Змејковски - не е тука
35. Симеон Ивановски - против
36. Љубисав Иванов - не е тука
37. Јаким Ивановски - воздржан
38. Иван Иванов - против
39. Љупчо Јакимовски - не е тука
40. Цветан Јовчевски - воздржан
41. Ристо Јованов - воздржан
42. Џулистана Јумлеровска - против
43. Ристо Ќелешов - не е тука
44. Ташко Киров - против
45. Зоран Китев - не е тука
46. Кирил Ковачевски - против
47. Горѓи Котевски - воздржан
48. Стојан Ковачевски - за
49. Зоран Крстевски - за
50. Никола Крстевски - за

V/6

51. Биљана Лазаревска - воздржана
52. Вецко Личоски - воздржан
53. Коле Луловски - воздржан
54. Флоре Масалковски - не е тука
55. Јован Манчевски - за
56. Ефтим Манев - против
57. Страшо Милковски - за
58. Панчо Минов - за
59. Марин Миленковски - за
60. Владимир Митевски - против
61. Трајан Мицевски - не е 'тука
62. Ванчо Младенов - за
63. Џеладин Мурати - за
64. Наиф Мустафа - за
65. Симеон Наумовски - воздржан
66. Панче Насев - не е тука
67. Славе Наумовски - воздржан
68. Богдан Неделковски - против
69. Душан Николовски - за
70. Јован Николов - за
71. Теодосие Паунов - против
72. Михаил Пановски - против
73. Томислав Пецаков - против
74. Тито Петковски - за 75^Тодор Петров - против
76. Мерсим Положани - не е тука
78. Димитар Поповски - не е тука
79. Киро Поповски - за
80. Љубомир Поповски - за
81. Шабан Превала - за
82. Исмет Рамадани - не е тука
83. Божо Рајчески - за
84. Иван Рамбабов - за
85. Неим Селмани - за
86. Ферид Садику - за
87. Наум Симјановски - не е тука

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ** (продолжение)

Ацо Спировски и него не го гледам, не е тука.

Ристо Станковски - воздржан

Наќе Стојановски - за

Славјанка Стојанова - не е тука

Никола Стојановски - за

Стоиле Стојков - не е тука

Томислав Стефковски - воздржан

Ристо Стаменов - против

Томислав Стојановски - против

Оломан Сулејмани - не е тука

Џелаил Таири - за

Петар Темелковски - против

Гоце Темелковски - воздржан

Благој Тошев - против

Петре Трајановски - за

Петре Трајковски - против

Димитар Трпеновски - воздржан

Душан Трчевски - воздржан

Агим Фазлиу - воздржан

Александар Флоровски - не е моментално тука

Благој Ханџиски - за

Абдурахман Халили - за

Сејфедин Харуни - моментално не е тука

Мухамед Халили - не е тука

Стојмир Цветковски - за

Неџати Џафери - за

Алил Џафероски - за

Зеби Џемаили - за Благоја

Чкатроски - воздржан

Хисни Шакири - за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Митко Анастасовски како гласал?

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

Митко Анастасовски не е во моментов присутен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој сега дојде и гласа за воздржан.

А Славјанка Стојанова? Сега е присутна и може да се изјасни, како и Муртезани Авди.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

Славјанка се изјасни за. Авди Муртезани гласаше за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега избројте ги гласовите

Овде имаме уште, видете дали гласале односно дали се запишани господинот Харуни односно прво господинот Ќелешов. Тој е против. Тој не гласал и тука треба да се пише. Потоа, господинот Китев Зоран не гласал и сега кажува дека е против. Стоиле Стојков е воздржан и господинот Харуни гласаше за. За гласале 48 пратеници. Против гласале 2 и 4. Воздржани гласале 24.

Констатирам дека овој закон не е донесен. Замолени сме од гувернерот на Народната банка на Република Македонија, точката 8 да ја гледаме сега, а тоа е Предлог на одлука за изменување и дополнувања на целите и задачите

VI/3.-

на монетарно кредитната политика во 1992 година, поради тоа што има дејствија треба итно да се влечат врз основа на оваа одлука

Дали се согласуваме? (Се согласуваат).

Минуваме на **точката 8** - Предлог на одлука за изменување и дополнување на целите и задачите на монетарно кредитната политика во 1992 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет,

Комисијата за земјоделство, шумарство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор, (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е се, молам да крене рака.

(45 пратеници гласаа за).

Дали е некој против? (3)

Дали е некој воздржан? (8)

Значи, вкупно пратеници има 63 во салата.

Гласајте, ве молам да знаеме дека тука има пратеници, па ве молам по вака важна точка како што е оваа одлука за кредитно монетарната политика ние имаме 6 3 пратеници и 43 пратеници гласаа за, .

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување и дополнување на одлуката за целите и задачите на кредитно - монетарната политика во 1992 година.

V/4.-

Минуваме на **<u>точката 6</u>** - <u>Предлог на закон за дополнувања на законот за данокот на промет на производи и услуги</u>.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија,се доставени односно поделени.

Ве известувам дека Комисијата за финансирање и буџет предлага да го симнеме овој закон од дневниот ред бидејќи нема потреба од негово донесување.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да дадам само едно кратко образложение во врска со ставот на Комисијата за финансирање и буџет кој не даде поддршка за усвојување на овој предлог за донесување на закон по итна постапка со Предлог на закон за оваа седница од следите причини.

Ние во Собраниската процедура, имавме еден посебен закон кој даваше посебни овластувања на Владата со преземени надлежности од делокругот на Собранието на Република Македонија( и колку што добро се сеќаваме сите тој закон во Уставниот суд на Република Македонија беше оценет како против уставен и укинат.

Имајќи предвид дека такви одредби за посебно овластување на Владата содржеше и порано изменетиот закон за данокот 1 на промет на производи и услуги, кои се однесуваа во член 66 на Владата да и се дадат посебни овластувања како привремена мерка на тековната економска политика да ги зголемува стапките на данокот на промет на одделни производи или за група на производи, а да може тие стапки до 50% да ги намалува и укинува, сметаме дека, а тоа е мое лично мислење дека предложениот закон повторило ги презема ингеренциите на Собранието,

заради тоа што со измената која што се предлага се даваат овластувања на Владата не само да може да ги намалува или зголемува односно укинува стапките на данокот на промет, а да може и да воведува нови даночни стапки, туку се предлага со предложениот закон овластување на Владата да може да го пропишува и начинот на плаќањето на данокот на промет.

Имајќи предвид! дека во постојниот закон на производи и услуги има посебна глава со членски одредби со кои е пропишана постапката начинот на плаќањето на данокот на промет, сметаме дека е сосема неоправдано Владата да може да ги презема и овие интервенции од делокругот на законодавната власт односно да пропишува начин на плаќаше на данок на промет на производи и услуги за одделни производи и тоа привремените мерки коишто траат покрај предложениот текст на законот од б месеци, да може да ги продолжува за уште шест месеци. 0д тие причини сметаме дека предложениот текст на законот не треба Собранието да го прифати имајќи предвид дека доколку постојат такви нарушувања во поглед на постапката за плаќањето на данокот на промет, Владата можела да предложи соодветни измени по итна постапка, кои се однесуваат на делот од законот за данокот на промет на производи токму на одредбите кои се однесуваат за начинот на плаќањето на данокот на промет. Имајќи го ова предвид од името на Комисијата за буџет и финансирање, како и за сите предлагам Собранието да не го усвои предложениот законски предлог.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Го чувте мислењето на Комисијата за финансирање и буџет. Инаку, јас ќе го дадам своето мислење и видување по овој закон за кој што имав

поинакво мислење од мнозинството членови кои што беа во Комисијата. А еве ^и и аргументите за тоа. Мислам дека овој закон треба да се поддржи од страна на Парламентот. Инаку, мое основно мислење е дека за разрешување на проблемите околу прибирањето на данокот на промет сигурно и нивно надминуваше пред се, би требало да бидат со донесување на новиот закон кој ќе го регулира донесувањето, плаќањето, начинот на исплатата на данокот на промет и тој којшто е предвидено да се плаќа фазно на додатната вредност, а не сега при продажбата на производите и заради тоа сметам дека тоа е најдобро решение коешто треба да го имаме. Но, бидејќи го немаме, а и бидејќи тој закон е во процедура сеуште не е ставен на дневен ред на Собранието, а сигурно ќе има доста проблеми и околу неговото воведување за што стручњаците се изјасниле дека за донесувањето и спроведувањето на новиот закон за фазен данок на промет треба најмалку една до две години, како од административни причини, исто така, и поради менувањето на целиот начин на пресметката на данокот на промет.

VII/1 сс/нд

**СЛАВЈАНКА СТОЈЛНОВА:** {Продолжение)

Но бидејќи до донесувањето на овој закон, поради тоа што касата на Буџетот сега е празна и поради тоа што на една страна таа е празна, а на друга страна имаме голем број махинации во односна одбегнување на плаќање на данокот на промет, сметам дека предлогот што го нуди Владата со кој таа се произнесува дека пред се, првиот став во кој што ќе го утврдува начинот и ќе го пропишува начинот на плаќањето на данокот на промет треба да се прифати, бидејќи тоа ќе значи на некој начин отстранување на сите овие махинации кои што овде во Парламентот од голем број пратеници и нивните залагања беа и досега дека треба да се отстранат, одбегнувањето на данокот на промет треба да најде свое законско разрешување, а исто така и поради тоа што сегашното плаќање на данокот на промет доведува до големо раслојување на граѓаните на Република Македонија,сметам дека до донесување на новиот закон за данокот на промет треба да се прифати решението понудено од Владата, 'тргнувајќи од причините што ги изнесов, а сигурно дека најдобро решение е она што треба да го имаме во собраниска процедура, новиот закон за плаќање на данокот на промет

**ТОДОР ДИМОВ:**

Прво, на почетокот да кажам дека има потреба од донесување на овој закон. Јас исто така, претседателот на Комисијата спомна, уште на Комисијата бев со мислење дека има потреба од донесување на овој закон.

По првата точка на оваа седница во врска со дополнителните мерки доста дискутанти зборуваа за хаосот кој владее во поглед на плаќањето на даноци и придонеси и плаќање на данокот на промет.

Од таа гледна точка сметам дека има потреба од ваква мерка со времен карактер. Фактички овој закон е со еден член со што се овозможува на Владата да пропишува начин на плаќање на данокот на промет.

Од страна на министерот бевме информирани на Комисијата дека тоа се однесува на оние производи пред се во областа на начинот на плаќање данок на промет на цигари, алкохол и кафето. Тоа се производи со кои во овој момент најмногу се изигруваат законските прописи со тоа што Владата со овој член што сега го менуваме ќе може да пропише начин производителот да го плаќа данокот на промет,а не како што сега беа крајните потрошувачи или што овозможуваше малите претпријатија, мислам на малите да го избегнуваат плаќањето на^данокот на промет .

Сите знаеме, дискутиравме дека каста на буџетот е празна и сметам дека со овој член ќе придонесеме да имаме поголема дисциплина во плаќањето на данокот на промет.

**ПЕТАР ГОРЃИЕВ;**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници во извештајот што го имате добиено од седницата за стопанство се гледа дека Комисијата го поддржува и предлага овој закон да се донесе од причина што и во самото образложение е јасно наведено, законот има временско дејство од шест месеци и сметам дека не би требало, причините што беа наведени од Комисијата за финансирање буџет, овие измени да се врзуваат законот што беше донесен од страна на Собранието за преземаше одредени мерки заради спречување на настанување на штетни последици. Ние сме сведоци секојдневно дека во областа на наплатата на. данокот има големи злоупотреби.

Оттука сметам дека овој како една посебна мерка што треба да се уреди од страна на Владата со посебна уредба, би требало да се спречат сите можности за брзо збогатување на штета на приходите на државата, посебно на штета на ненаплатување на данокот на промет.

Од тие причини сметам дека треба ние да ги прифатиме измените што се предлагаат, посебно во делот на начинот за плаќање на данокот на промет, особено на оние производи што имаат високи стапки на даночно оптоварување, а сме секојдневни сведоци дека на пазарите токму тие производи се наоѓаат во продажба со пониски /

цени, токму поради тоа што сигурно за тие производи не е платен данокот на промет. Доколку не се воведе тоа плаќање да биде во производството многу тешко може да се изведе механизам на контрола за да можат тие производи и понатаму да подлежат на плаќање на данокот на промет, посебно ако имаме предвид дека имаме регистрира- но 12 илјади претпријатија што се во можност да направат такви злоупотреби бидејќи многу тешко може да се воведе контрола на делот на плаќањето на данокот на промет. Од тие причини сметам дека, јасно е предложено дека овој закон има ограничувачко дејство, односно има само дејство од шест месеци додека не се уредат односите во законот системски за даноците на граѓаните.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, бидејќи станува збор за закон кој е во склопот во програмата за стабилизација, јас ќе го поддржам овој закон.

Меѓутоа, лично не сум убеден и не сакам во иднина вака да се произнесуваме и вака да донесуваме прописи со што регулираме одредени наши слабости. Со донесувањето на Законот бегаме низ мала врата затоа што и натаму ќе продолжиме по мое убедување да ги оптоваруваме

односно оданочуваме оние кои што не ги почитуваат прописите Зошто вака да со постапува кога ние ако зборуваме за број на вработени во администрацијата, сигурно дека можеме да кажеме дека не сме извршиле намалување на бројот на вработените во администрацијата па сега не се во состојба да ги соберат парите. Зошто? Што работат тие луѓе? Ако земаат плата ако земаат зголемување зошто да не работат. Министерствата нека бараат одговорност од своите вработени зошто не го собираат данокот. Каде има таква работа? Никаде тоа не е дозволено. Знаеме какви се состојбите во светот. Имаме искуство. Паѓаат дури и глави, ако не се плаќа данок.

Со се може човек да си игра меѓутоа кога е во прашање данокот не може да си игра. Станувaат многу работи во другите земји во запад, но јас не можам да сфатам како е тоа можно да се случува. Реков дека. ќе гласам за, меѓутоа сега со овој закон минуваме низ мала врата затоа што ќе го оправдаме она кога некој не сака да работи.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да интервенирам со едно кратко образложение за да не се сфати и не се добие впечаток дека оние кои можеби ќе гласаат против овој закон фактички се за анархијата во поглед на ефикасноста на финансовата инспекција за наплата на даноците.

Верувам и другите што ќе гласаат против овој закон, и јас, сме за наплата на данокот на промет, меѓутоа не на начин и постапка со акт и пропис на Владата, туку со пропис во одредби во форма на закон" како што се овластувањата и надлежностите на ова Собрание а утврдени во уставот. Што значи данокот на промет да се наплатува меѓутоа на начин и постапка утврдена со постојниот закон што ја регулира таа област, законот за данок на промет на производи и услуги.

И во последната измена на Законот за данокот на промет на производи и услуги во поглед на наплатата на данокот на промет на тутунот и во Комисијата за буџет имаше размислување и предлози наплатата да биде директно од производителот, а не потрошувачот. Таквата определба ова Собрание тогаш не ја прифати. Можеби предлогот за наплата на данокот на промет е ефикасен, меѓутоа сметам дека Владата имаше доволно време и, согласно на своите овластувања, да предложи наместо измени в,о член 66, самата со уредба и пропис го уредува начинот на наплатата на данокот, тоа да го направи во форма ј на предлог на закон за измени и дополнувања токму во одредбите каде е регулиран начинот на наплатата на данокот на промет. Всушност со овој закон ние фиктивно односно демагошки ја прикриваме неефикасноста и неработењето на финансиските инспекции. Уште еднаш сакам да истакнам дека донесување на таков закон за едни посебни овластувања Владата да презема привремени мерки Уставниот суд еднаш укина. Сметам дека ваков текст на закон, со регулираше на оние елементи што треба во форма на закон да ги утврди Собранието не може да се препуштаат на Владата.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, незнам кој колку памети од она што порано сме го работеле во овој Парламент, меѓутоа кога од една позиција се гледа нештото се има друго видување и друг аспект.  Кога се гледа од некоја друга позиција во моменталната ситуација е поинаку.

Кога дискутиравме за истиве ингеренции на поранешната влада, СДС беше најдемократично против, најгромогласен против донесувањето на тој закон. Еден од главните експоненти беше сегашниот министер за правосудство Туше Гошев, како компетентен правник и овде образложуваше.

Од оваа, позиција сега господине Туше Гошев сака да образложите дали она што го предлагате како Влада е исправно или не, за да гласаме како треба.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Право е на Собранието уставно да одлучува како што мисли. Меѓутоа, до крај да бидеме на чисто.

Лично мислам дека не е намерата Владата да добие пошироки овластувања. Ако стварно сите мислиме дека сите закони што ги донесуваме се ефикасни јас сум за тоа веднаш воопшто вакви овластувања / не треба да има Владата. До тука господинот Петров е во право. Зошто го предлагаме начинот на наплата на даноците да биде привремен додека не ги донесеме другите закони, да биде овластена Владата. Се предлага по итна постапка да се промени закон. Може да се промени. Меѓутоа и таа измена на законот немојте да бидете сигурни дека тие што сакаат да го прекршат нема да најдат празнини. Ако Владата донесе и нешто во начинот менува, ако за неколку денови увиде дека потенцијалните прекршители на законот веќе нашле друг начин Владата може а Парламентот тоа не може, веднаш тој начин пак да го прилагоди се со цел да ги оневозможи тие што не плаќаат данок. Независно дали имаме инспектори такви сме какви што сме и како министри и како пратеници и како инспектори. Тие сме со нив треба да работиме. Не може за еден ден да ги смениме ниту ние може да се промениме.

Што се однесува до уставноста овие членови, членот 66 од Законот за данокот на промет што сега само го продолжуваме дека Владата е овластена да менува ставки 50% нагоре или надолу тие се на сила и никој до сега не ги оспорил. "Ставаме запирка, кога е овластена да менува стапки што се суштински за даночните обврзници, во што е проблемот да се

овласти и да го менува начинот на работата, со цел да се избегне хаосот за што граѓаните со, право реагираат. Сакаме да го изгласаме во ред, не сакаме не сакаме. Таа пракса ќе продолжи. Владата е пофлексибилна без да има пошироки овластувања, да се прилагоди на условите и да им доскочи на таквите. Парламентот и по итна постапка господин Петров не ќе може тоа да го стори и тоа како времена мерка. Дали ќе можеме во наредниот краток период да донесеме таков закон со кој ќе бидеме вечно задоволни, дека ќе ги избегнеме сите, да ви кажам искрено јас и не сум толку убеден во тоа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ја почитуван намерата и желбата на министерот за финансии да воведе ред во наплатата на данокот на промет. Меѓутоа, тоа што го кажа министерот создава тотална правна несигурност кај сите стопански субјекти. Имаме закон кој не ја утврдил добро постапката и начинот на наплата на данокот на промет и затоа даваме овластување Владата како привремена мерка да донесува уредба. Ако утре даночните обврзници најдат нова дупка во таа уредба Владата ќе воведе нов начин на наплата за да ти крпи дупките што даночните обврзници ги пронаоѓаа.

Затоа сметам, ако сме правна држава, не може да создаваме правна несигурност,од денес до утре да менуваме и создаваме несигурност кај;стопанските субјекти туку тоа да биде регулирано во норматив во закон како што пропишува и уставот и надлежностите утврдени на ова Собрание. Затоа сметам дека начинот на наплатата покрај тоа што е утврден во сегашниот закон со префрлување на ингеренциите - Владата ги утврдува со уредба, ќе создаде правна несигурност кај стопанските субјекти да не знаат по кој пропис да се однесуваат. Дали по законот, дали по Уредбата, односно Закон на Собрание или уредба на Владата. И затоа сметам дека

Владата  начинот на наплатата мора да го утврди со одредбите на законот на данокот на промет на производи и услуги а не со префрлуваше на надлежностите на Собранието во ингеренција на Владата со посебни уредби. И затоа предлагам да овој закон не се прифати.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, уште во уводното експозе што го имавме при изборот на Владата едно од постулатите за работа* на Владата беше немешање на законодавната со извршната власт. Тоа се прави уште на првиот чекор односно првата седница кога се носи еден закон. Не е важно дали е важен или неважен, бидејќи важни и неважни закони нема, како што нема и одлуки што можат да бидат рамни со закон на сила. Според тоа, само ќе го потсетам Собранието дека при усвојувањето на таканаречениот популарен Закон за привремени мерки за тековите на општествената репродукција кого Уставниот суд го прогласи за неуставен ова Собрание работеше шест месеци и повеќе по тој закон односно ги префрли законодавната власта на Владата, а имаше работен заклучок Собранието да биде информирано еднаш месечно за* сите уредби што ќе бидат со законска сила. Тоа нешто ние не го доживеавме, така што како Собрание и денеска не знаеме што се се донесе за тие шест месеци кои имаа законска вредност. Спрема тоа, уште во старт сум против тоа, настрана што можеби ова од образложението што го даде министерот ќе има позитивни ефекти за државата за пропишување и собирање даноци. Меѓутоа, се залагам за глобален и генерален даночен систем во кој што точно ќе ги знаеме однапред одредбите како ќе бидат и што ќе бидат предвидените стапки, за кои производи а потоа ќе може Владата со свои уредби тоа нешто да го менува во поголема или помала вредност бидејќи   ќе бидат дадени

сигурно растојанија од сталка ќе оди. Според тоа, до колку ова Собрание одлучи дел од своите ингеренции ги префрли Владата,тогаш не гледам зошто би имале Собрание и Влада.

VIII/1 ЈМ/ПН

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас мислам ние се договоривме, дополнителните мерки на економската политика за стабилизирање на економските токови кај нас ги поддржавме Исто така, се согласивме дека Владата да води сметка при операционализирање на мерките за да биде поефикасна во остварување на политиката што ние ја прифативме. Мое мислеше е дека овој Закон што се предлага е еден вид и спроведување на мерките, но и еден вид операционализација на она што ние на некој начин го баравме. Исто така, ова значи по мое мислење и напор за Владата да биде поефикасна во спроведување на даночната политика. Не е тоа некое трајно решение. Мислам сите за тоа сме свесни. Заради тоа Владата во самиот предлог се ограничува таа мерка да важи само 6 месеци. Меѓутоа, и тоа е еден напор што заслужува поддршка и од наша страна за вреднување. Јас мислам дека министерот за финансии пред малку кажа дека веќе при крај се припремите околу донесувањето на системските закони, односно законите што го заокружуваат нашиот даночен систем. Мислам дека нема причина да се сомневаме дека ние не одиме кон она што значи системско регулирање на прашањата, а што по мое мислење ќе значи на крајот на краиштата и формирање на таа таканаречена финансиска полиција која што покфалификувано и пооперативно можеби : ќе се бори во остварувањето на она што значи законска регулатива. Но, сега засега јас мислам да не должиме многу. Да се согласиме, да го прифатиме Законот така како што е предложен зошто навистина тој е од привремен карактер,' но ќе оди во прилог на подобрување на ефикасноста во остварувањето на даночната политика во овие услови во- кои што ние сега делуваме.

VIII/2

**КИРО ПОПОВСКЛИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека одлагањето на овој закон тоа е согласувањето на ова Собрание со овој финансиски хаос што владее во Републиката. Според тоа, мислам дека тоа е крајно неодговорен однос кој што би го по- кажале во овој момент. Да не говориме дека на бројни седници овде што говоревме всушност повторно стално повторувавме дека денес прво во прометот всушност имаме најголема финансиска недисциплина. Од тие причини мислам дека треба да покажеме еден крајно одговорен однос и доколку има потреба овие предлози да ги дополниме, измените што се предлагаат. Во таа функција веќе и се дадени од одредени пратеници и пратенички групи.

Второ, ако се покрене прашањето на формално правниот аспект на уставниот основ, сепак, ќе ми дозволите дека ЗПК е многу поквалификувана отколку еден економист, или еден лекар да го толкува уставниот основ на оваа материја. И затоа просто не ми е сфатливо Комисијата за буџет и финансии 4 толкува уставен основ дали има овој закон и зазема став дека нема уставен основ, а ЗПК оценува дека ова има уставен основ веројатно поткрепувајќи се и на ставот на правниот аспект што и Владата го потврдила. Од тој аспект би предложил да го поддржиме донесувањето на овој закон, а конкретните одредби во расправата детално да ги прецизираме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

ЗПК даде позитивна оценка и за Законот за привремените мерки со посебни овластувања на Владата па Уставниот суд тој закон го укина. А

дали некој ѕе економист и лекар, тоа е ирелевантно во конкретниот случај за овластувањата и ингеренциите на пратеникот утврдени со Уставот.. Затоа сметам дека за законот гласам по лично уверување и стојам зад сето она што сега го кажав дека Законот вака како што е предложен претставува преземање на надлежностите на Владата од страна на Собранието. А Законот не значи дека ќе ја подобриме ефикасноста во наплата на данокот. Зошто? Затоа што не знаеме каков начин на наплата на данокот Владата со тие уредба ќе уреди. Кога тој начин ќе го имаме во форма на предлог за изменување и дополнување на законот можеме да знаеме. Меѓутоа Владата својата неефикасност во поглед на извршувањето на законите не може да ја префрла врз Собранието заради нерегулирани односи во одделна област за сметка на тоа што таа не ја зајакнува финансиската контрола за да даночните обврзници ги полнат касите на Буџетот на Републиката.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Во врска со Законот за данокот на промет на производи и услуги би сакал да кажам прво, дека го поддржувам Законот вака како што е донесен. Меѓутоа сакам да укажам на една друга работа која што од постојаните промени на законската регулатива ми се чини дека развојот на стопанството на некој начин го оспорува заради тоа што несигурноста во даночната политика, а перспективните објекти во интерес на Македонија што треба да се изградат капацитети ставаме една несигурност кај производителите во врска со инвестициите, во врска со политиката која ја имаме даночна. Мислам дека треба долгорочно, перспективно да се согледаат сите позитивни и добри работи и да се внесат во еден закон, односно збир на законите, помал устав, сите даноци кои се плаќаат било тоа данок на имот, било тоа данок

на услуги или производи и други даноци во земјоделството и други даноци во еден закон. И тој закон да биде нешто подолгорочен од овие што ги правиме честите измени во корист на перспективата на развојот на стопанството на Република Македонија. И за тоа се залагам . А овој закон засега заради тоа што е од времен карактер и што мораме нешто да направиме подобро, сум да се донесе овој закон како што е предложен.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Бидејќи известителот не е тука на ЗПК, ќе се обидам да го изнесам ставот во еден дел на ЗПК бидејќи беше спомната за некои поранешни случаи и за конкретниот закон за данокот на промет на производи и услуги ЗПК одлучи дека има уставен основ и доведува до надградба на правниот систем. При оваа прилика сакам да истакнам дека единствена институција која утврдува дали одреден правен акт, закон е во согласност, или не, е Уставниот суд. И од оваа говорница и пратеникот Тодор Петров укажуваше и на одредени клучни законски проекти за Републиката како што е референдумот дека се против уставни, а Уставниот суд утврди дека се во согласност со Уставот. Сакам да истакнам' некое мое размислување. Морам да истакнам дека на ЗПК и во вашиот извештај кој го добивте имате издвоени мислења, односно во одлучувањето тие побараа да се издвојат нивните мислења во однос на ставот на ЗПК. Овде се работи за еден проблем од Комисијата за финансираше и буџет кој може да стои доколку се работи за самиот член 66. Тука може да стане и споредба со оној закон за времени мерки кога на Владата . и се даваат одредени овластувања да пропишува стапки за одредени групи на производи. Ако тргнеме од уставната позиција на овој Парламент каде што вели дека во надлежностите на Собранието е: Собранието ги пропишува јавните давачки и даноците. А тоа е оној законодавен дел на ова парламентарно тело. Ако

тргнеме во надлежностите на Владата каде што се вели дека Владата ја утврдува политиката во извршување на законите кои ги донесува Парламентот. Што значи имаме точка к стриктна поделба на законодавна и извршна власт. Ако е крајна цел во дадениот случај да се наплатат даноците, тогаш сметам дека политиката за извршуваше на законите ја утврдува Владата како извршно тело. Во тој случај сметаме дека и ЗПК тргна од овие основи. Дадените дополнувања од Владата се во смисла на извршување и пропишување на начинот на наплата на даноците.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас колку што знам на дневен ред не е референдумот кој се одржа на 8 септември. Така што господинот Гештаковски касно пали' На дневен ред е Законот за измени и дополнувања на Законот, за данок на промет на производи и услуги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е на дневен ред ни оној закон за општи овластувања но, секој си наведува аргументи.,

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ваше е да се грижите за Деловникот и за сите пратеници рамноправно. Меѓутоа, ако сакате да коментирате излагање на пратеници, ќе се симнете на оваа говорница, а не од место да коментирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие немојте да ме поучувате. Јас се држам само за Деловникот, а вие гледајте си ја само вашата работа. Ќе добиете збор кога ќе побарате. Ние овде сега имаме ситуација кога имаме една комисија која е надлежна да

утврди дали има уставен основ и утврдува дека има уставен основ, имаме една комисија која е надлежна за висината на стапките да ја утврди економиката ефикасност, тежината на даноците, намената на даноците итн., која не го утврдува тоа, не спори за тоа, туку утврдува дали има уставен основ. Според тоа, сето ова што овде сега се зборува е само во општ претрес и тоа не може да го заустави текот на расправата по Законот. Треба секој од пратениците да ги цени аргументите на едната и на другата теза, на едната и на другата комисија, а потоа кога ќе расправаме по амандмани и вкуп- но по текстот и дали да гласаме, или не, тогаш може секој да се определува по тоа кој колку верува на една,или друга аргументација./ Инаку се разбира ние сега водиме само општ претрес и тука разни аргументи исправно се употребуваат. Исправно го употреби и господинот Петров кога рече, исправно го употреби и Гештаковски кога рече. Мојата упадица е овде што му упаднав на господинот Петров заради тоа што дозволува, а тоа себеси што си го дозволува на другите не го дозволува, а тек на дебата е. Само тоа е мојата интервенција, ништо друго.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас му реплицирам на господинот Гештаковски, а не на господинот Андов. Затоа не најдов причина зошто тој мене ме реплицираше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ви реплицирам заради тоа што ја браните позицијата на едната комисија како апсолутна, и не сакате да водиме сметка дека има и друга комисија која има став овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, навистина господинот Александар Гештаковски го изнесе ставот на ЗПК на која јас претседавам. Меѓутоа, во извештајот стои

VIII/7.-

дека моето мислење како член на таа Комисија и господинот Симеон Гелевски надворешен член на Комисијата ние имаме издвоено мислење и сметаме дека со ваквото овластување на Владата во Законот е повреден Уставот и не се прави разлика помеѓу законодавна и извршна власт, туку се спојуваат и едната и другата ако на Владата и се даде право таа наместо да донесува конкретни одлуки во извршуваше, таа да одлучува како тоа ќе се уредува. Уредување на една материја е една работа, а во извршна постапка, како ќе се применуваат кои инструменти е друго. И во овој случај не се работи за инструментариум, туку се одредува како и што ќе се работи. Не е баш сеедно. Ако сака Владата да ја има својата функција на
извршна власт, таа ќе донесува одлуки и законот ќе го извршува , а не да пропишува таа посебни овластувања кои таа ќе си ги дава. Затоа Владата ќе го извршува тој закон каков што е. Начинот на извршување е поодделна работа. Ние и таму со господинот Гелевски кажавме дека ова е надвор од овластувањата на Уставот по член 91 каде јасно говори дека ја утврдува политиката за извршување на законите и другите прописи. А овде вели7се овластува да донесува свои одлуки. Какви одлуки донесува во состав на Законот. Таа го спроведува законот. Во тој случај не може да има посебно овластување. Затоа ве молам, оваа одредба е неуставна. Навистина се ломат мислењата помеѓу нас правниците дали со ваква работа се дозволува извршуваше, или пак се дозволува пропишување на начин на управување.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи сум член на .Комисијата за финансирање и буџет, јас сакам да дадам едно дополнување во врска со овој закон. Ние овде и на седницата на Комисијата не расправавме само за стапките, туку ние знаеме дека во нашата земја даночен обврзник е крајниот потрошувач. Нашиот даночен систем така предвидува. Сега се

јавува една нова ситуација за даночен обврзник да е производството. Дали ние не навлегуваме во системот со тоа?

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека секој од нас има право да го искаже своето мислење па дури и да тврди дека нешто е против уставно, или уставно. Меѓутоа, ние тука тоа не го одлучуваме. За укажување да, меѓутоа да пресечеме дека е уставно, или неуставно, мислам дека тоа секому му е јасно дека тоа не е наша надлежност. Ако нешто тука уставно може да се спори, може да се спори постојниот член на Законот за данокот на промет на производи на услуги, постојниот член 66. Од уставно правен аспект тој може да се спори. Вели, може да се спори. Измената од тој аспект и од таа гледна точка не е можно да се спори затоа што Законот во член 66 кажал тоа што кажал 1 и што пишува таму. Овој сега кажува дека Владата пропишува, начин на плаќаше на данокот на промет. Начинот не е одлука. Начинот е операционализација на постојниот член 66. Со што се операционализира тој член. Владата сигурно дека не може да носи одлука, или нешто друго за да го пропише начинот. Владата ќе донесе упатство, или уредба, или незнам што, а во Уставот токму тоа пишува дека Владата е надлежна да ги извршува прописите итн. Во врска со тоа толку. Меѓутоа, нешто друго тука сега е дискутабилно. Јас многу убаво памтам од оваа говорница ја оспорував уставноста на законот за времените мерки. Во тоа време бев најгрлатиот и најнезгодниот затоа што три-четири пати се јавив на говорница и ми беше срам да се јавам по петти пат. Истите колеги кои тогаш ме убедуваа дека тој закон е уставен со аргументи, или без аргументи, меѓутоа во секој случај вредни за почитување, истите сега ми тврдат дека оваа одредба е противуставна, а целиот тој закон бил уставен што впрочем заради вистината треба да се каже дека Уставниот суд кажа-дека тој не е во согласност со Уставот.

IX/1.- РД/ЉР

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Суштинско прашање тука нема. Според Уставот граѓанинот е должен да плаќа данок и други давачки. Тоа е правото на граѓанинот. Ова Собрание е должно да утврдува висина на данок итн.', и тоа ова,Собрание го чини. Како тоа ќе се направи, има Влада, има органи на управа. И тие тоа ќе го направат. Меѓутоа, очигледно дека тука нешто е друго во прашање. Во прашање е дека во областа на наплатата на даноците ние имаме бројни недоречености, непрецизности и недоследности. Дајте да и кажеме на Владата да преземе мерки тие активности кои ќе обезбедат наплата на данокот на промет на производите и услугите на начин кој ќе обезбеди и ќе оневозможи секакви манипулации и злоупотреби од тој вид. Во спротивно ние се залагаме со законитост ние се залагаме за создавање . на фондови, за буџетот итн. а ваку ги оневозможуваме мерките кои тоа го обезбедуваат. Од тие причини, мислам дека доволно беше речено за тоа дали е уставно, дали неуставно7 туку како привремена мерка, која ќе обезбеди минимум функционирање на системот до донесување на системскиот закон за данокот а промет на производи и услуги, системот да го утврдиме на даноците, со цел да нема потреба да ја овластиме Владата, како што сме направиле во членот 66, ниту да го измениме тој пропис, затоа што кога ќе го заокружиме системот, а јас зборувам да го направиме, затоа што има држави каде тој данок на промет ќе функционира и ние тоа да го направиме и да продолжиме понатаму.

**МЛАДЕНОВ ВАНЧО:**

Почитувани пратеници, еве веќе втора недела ја водиме оваа седница, мислам дека во текот на расправата од повеќе дискутанти

навистина беа изнесени полно негативности, слабости, пропусти во работењето и на органите на управата, на инспекциите на широко ги образложувавме; и критикувавме и мислам дека на некој начин се ставивме во една улога да бидеме како критизери на се она што се одвива во нашето општество, во нашата држава, меѓутоа, морам да ви кажам дека на; некој начин ја запоставивме нашата основна улога а тоа е дека тоа е највисоко законодавно тело и дека треба да донесеме закони со кои сите тие работи ние што ги опишувавме и прераскажувавме треба да се отстранат. И токму тогаш кога треба да се донесат такви одлуки, односно такви закони со кои ќе се спречат сите тие негативности, за кои морам да кажам дека тоа ни е обврска, бидејќи граѓаните прашуваат дали вие сте таму во Парламентот само да ги прераскажувате и да ги потенцирате аномалиите кои се секојдневно во нашето општество или сте избрани тие аномалии да ги спречувате односно да ги разрешувате. Мислам дека овдека многупати поранешната Влада и сегашната Влада ја критикувавме, а кога треба да и дадеме одредени задачи односно одредени ингеренции и овластувања, тогаш на некој начин наоѓаме причина^тоа и понатаму да остане така, како да сме ние еден фактор кој навистина сакаме да придонесеме за хаосот и понатаму да остане и да не се изнаоѓа решение тој хаос на некој начин да се спречи. Мислам дека ова во никој случај со овој закон кој практично се состои од еден член и се даде овластуваше на Владата за начинот како тоа да се спроведува извршната власт, мислам дека не треба да бидеме заплашени дека со тоа се навлегува и се одземаат компетенциите на Парламентот, туку напротив токму Парламентот ги пренесува одредените свои ингеренции на Владата која е како извршна власт за да може да ги спроведува законите кои ги донесуваме и тие закони да бидат ефикасно

реални и споредливи. Мислам од таа причина не треба ние пратениците да се ставаме во заблуда а уште повеќе јавноста да ја ставаме во заблуда дека на некој начин со овој закон кој е пред нас се даваат некои поголеми овластувања, односно се даваат некои законодавни овластувања и со тоа се намалуваат ингеренциите на Парламентот. Мислам дека сето тоа е недоречено и секој треба да си ги има своите надлежности и своите овластувања, меѓутоа, најмногу ние како пратеници треба да дадеме придонес за да се спроведуваат токму / оние закони кои ние ги донесуваме, а тоа е надлежноста на Владата, а таа и треба да има и такви овластувања за да пронајде мерки и начини за да биде поефикасно спроведувањето на законите што се донесуваат во овој парламент. Од таа причина мислам дека во таа смисла да се сфати овој закон и мислам дека треба да се даде поддршка и тој закон да биде усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара, го заклучувам општиот претрес. -

Бидејќи овде има повеќе амандмани, да се погрижиме . да видиме дали сега можеме да побрзаме.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 1 став 1 и 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1 став 2 од редакциски карактер, а пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандмани на,насловот и за донесување нов член 1 со

кој се согласува Владата и кој е составен  дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1 став 1 и 2, а пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија поднесе амандман за донесуваше на нов член 1-а и на член 2 со кој не се согласила Владата.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по член 1 поднесен од пратеничката трупа на Социјалистичката партија на Македонија.

Молам, кој бара збор?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Би сакал да ве потсетам само на овие амандмани кој што пратеничката група на Социјалистката партија на Македонија го предлага.

Имено, во член 56 од Законот за данок на промет и услуги, предлагаме да се доведе нов став кој би гласел: "правното и физичкото лице даночен обврзник кој согласно овој закон не го евидентира прометот на производи, односно услуги во своите деловни книги и не го пресметува, или неточно го пресметува и упратува данок на промет на производи, односно услуги како обврска ќе се казни со кривично дело со казна затвор до 5 години, одговорното лице, односно сторителите на овие дејствија".

Ова го предлагаме од причини што денеска во платниот промет владее една таква финансиска недисциплина и отсуство на едно редовно измирување на обврските на правните лице и другите обврзници на данок

на промет, поради што предлагаме заострување на казнената политика. Имајќи ја предвид нашата сегашна слабост на организацијата, на прим. СОК или другите инспекциски служби се преполовени со оваа рационализација, а од 4 иљади фирми во Републиката е нараснат бројот на општествените фирми на 24 и јади и просто е невозможно, доколку не се направи нова организација во платниот промет на овој план, инспекциски служби, тешко е да се овозможи една успешна контрола врз делувањето на сите правни лица кои што се во прометот. Затоа народот измислил па рекол: "стравот ги чува овците". Според тоа, ако дадеме вакви пориригорозни казни чинам дека ќе има исклучителни ефекти во евидентирањето на прометот, во одбегнувањето да се прикрива прометот, и реално да се плаќа навремено данокот секој кој што во овој промет учествува да го исплатува, а со тоа се создаваат условите за сите други дејности во државата успешно да се остваруваат.

Основна причина што Владата не го прифатила овој Амандман е бидејќи во наскоро време како што се образложува казнените одредби на повеќе закони ќе бидат предмет на комплетно - преиспитување во следниот пакет на мерки што Владата ќе ги предложи, меѓутоа сметам состојбите се такви што во конкретниот случај има потреба од итна интервенција во казнените одредби во оваа област.

Мислам дека нема потреба повеќе да образложувам бидејќи поголемиот број пратеници учествуваа и реално оценија, единствени се во оценките дека има потреба да се направи ред во овој хаос кој што е во платниот промет, избегнувањето на данок, евидентирањето на прометот и слично. Ценам дека ваква казна е сосема нормално и ќе има многу позитивни ефекти во вкупните односи.

IX/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? /никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за додавање нов член 1-а по член 1 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Отворам претрес по Амандманот на член 1 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.(го повлекува) -

Отворам претрес по Амандманот на членот 2 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија. (Го повлекува)

Минуваме на претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (43 пратеници)

Кој е против? (8 пратеници)

Кој е воздржан ? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

(Предлагам пауза до 14,30 часот.)

X/1.-JJ/МЛ

(Продолжение. на седницата п паузата во 14,55 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 7** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и на Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара. збор?

Има збор господин Личовски.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Господа пратеници јас сум за донесување на еден ваков закон, али не по итна постапка, туку закон што ќе се донесе во редовна постапка поради следниве работи што јас ги имам забележано во врска со претходниот закон, оние закони што беа предлага- ни од минатата Влада и сега овој предлог што е конкретно даден . за овој закон. Еве зашто, во Републиката имаше пред донесувањето на законот 60.800 станови. Законот беше донесен на 1 ноември 1990 година. Од 1990 година до јуни 1992 година законот не се применуваше бидејќи овој закон што не се применуваше беше заради тоа

што тогаш курсот на марката беше 7 динари. Од 1 јули 1991 година до 31 август 1991 година,.барем во образложението на овој закон што е понуден стои дека се продадени 12.596 станови а остануваат уште 48.204 станови. Јас малку ќе се послужам сека со работи кои што во текот на работата на продажбата или не продажбата на становите ги имаше следните работи. Јас ова го имам земено од СИЗ за домување од Собранието ка Општина

X/2.-

Кичево бидејќи основицата на цената на чинењето на станот во општините е различна и затоа ќе зборувам само за основицата во Кичево а нема да зборувам општо за другите градови зашто таму е различна. Во другите градови основицата е многу поголема отколку во Кичево. Во времето на продавањето на становите, на пример кога почна веднаш со продажбата на станови во октомври месец имаше нагло продавање на становите, односно потпишуваше на договорите меѓу купувачот и продавачот. На пример јас сакам "да кажам дека ^во октомври месец е. направен договор, овие се во идеална цена, не по цена на чинење онолку колку што е, односно со одземање на староста на станот, височината на станот и сл., туку во идеални услови, во октомври еден та ков стан чинеше 969.800 динари, кога германската марка изнесуваше 13 динари. Ова е земено од податоците на Стопанска банка, а станот чинеше 74.600 марки. Сега, ако се погледне во времето кога почнаа да се продаваат становите односно кога почна да се купуваат оние 12 иљади станови што се продадени, во тој случај ќе земеме еден ваков пример. Во март месец 1992 година овој ист стан со вредност од 969.800 динари кога марката беше 200 динари а не 13 динари, тој стан чини 4.84 9 марки. Што значи ако цената на чинењето на станот во октомври по метар квадратен е 16.163 динари односно со 13 марки тогаш чини 1250 марки. Или тоа значи дека овие 12.596 стана кои што имаат квадратура 765.760 м$^2$ површина помножени со 1250 марки, тогаш би требало, велам ако се продале во времето кога веќе е донесен законот чинат 943.700.000 марки а становите кои се продадени, велам сега во времето на инфлацијата тогаш овој стан истиот од 60 м$^2$ чини 81 марка тоа значи дека 765.760 м$^2$ помножени по 81 тоа е 61.216.000. Или ако сега се направи споредба помеѓу она што требало да биде цена на чинење на станот и она

што е продадено, тогаш во тој случај Републиката има изгубено 882.480.000 марки во однос на што е продадено, купено и земено.

Од овие причини сметам дека при пресметката која што треба да биде извршена на овие други останати 48.204.000 станови во тој случај овие станови веќе имаат друг третман на чинење во однос на марките. Тоа значи дека со предлогот на законот што е даден дека 1 $м^2$ изнесува 700 марки, значи дека 42 илјади марки поделено со 300 месеци секому му иде сега да^плати 140 марки месечно. Тоа значи дека за преостанативе станови, јас на крајот ќе побарам една работа за да ми биде мене чиста совеста за да можам да гласам, да се каже кои се овие преостанати станови од 48 илјади,кој ги има до сега. Тоа значи дека 14 0 марки не е никој во состојба ,ниеден од овие станари да плаќаат зашто треба да знаеме дека во преостанатите станови може да постојат станари или оние кои што го поседуваат станарското право, има социјални случаи, има пензионери, има работници од стопанските организации кои што|не се во можност да ги платат овие 140 марки. Дури ако беше и 40 годи- ни рок на отплата зашто сега има амандман дадено на отплата за 40 години кој е Донесен од ВМРО а е прифатен од Владата, тоа зн чи дека секој треба да плати месечно по 87 марки. Пак тие 87 марки за 40 години станарот што треба да ги отплаќа не е во можност барем од оние социјални станари. Тоа значи дека со една ваква работа која што не е дефинирана во однос на купопродажбата на становите, јас мислам дека законот што се нуди е потребно тие работи да се разјаснат за да може купувачот да има своја претпоставка за тоа дали е во можност да го плаќа и да ги плаќа овие 87 марки или не е во можност. Затоа треба да се направи, барем мене да ми биде чиста совеста еден преглед на останатите станови, да ќе бараме на

оние што веќе ги купиле еден преглед на овие останатите, за нив сметам дека Владата треба да ни подготви нас еден " преглед да видиме од овие преостанати станови колку се државни станови, колку се социјални станови, колку од стопанските организации. Барам да знаеме колкава е бројчаноста на луѓето кои што ги поседуваат овие станови и дали тие се во можност да ги платат. Тоа е еден мој предлог.

Второ, при подготвувањето на овој закон да се има во предвид и начинот на плаќањето на становите. Да речеме кога ние имаме зголемување на личните доходи и велиме овде процентуално ги зголемуваме личните доходи со 5 или 10%, во тој случај оној што има најмал личен доход зема најмал, а оној што има најголем личен доход зема најмногу. Така да се најде една одредена солуција' во однос или како да речам, да се направи една споредба меѓу оној што има стан а кој што може да ги поднесе овие 87 марки месечно и оној кој ,што не може да ги поднесе 87,марки месечно. Имаме и такви затоа што, еве просекот на личните примања ќе биде некаде односно најмалата плата 61.000 денари. Тоа значи дека овде веќе таквите лица се загрозени за купуваше на стан. Затоа треба еден та- ков преглед за да можеме ние како пратеници да дојдеме до една од- редена цел, односно ние да ја кажеме стварната вистина, и со драга волја и со драго срце да гласаме за донесувањето на овој закон. Поради тие причини јас велам да оди законот по редовна постапка а да не оди по итна постапка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Митко Анастасовски.

X/5.-

**МИТКО АТАСТАСОВСКИ:**

Во смисла на продавашето ка становите ми се чини ќе имаме поголеми пречки. Добив еден амандман од господин Алил Џаферовски и сите го прочитавме. Амандманот, само до рокот за заб- рана на продажбата на општествените станови истекува на 16 октомври 1992 година. Со овој амандман се оневозможува да се створи вакум, односно да се врши продажба на становите според условите дадени во постојниот закон од 1990 година. Денеска датата е 14 октомври. Меѓутоа, треба да тргнеме од вистината дека не сме Словенија, ниту сме Хрватска. Ние се наоѓаме во најдолниот епитет на животот, односно нам толку ни беа можностите, а толку ни се сега можностите да не можеме, што има луѓе кои не земаат ни по 100 марки ни по 60 марки месечно. Во што е целата работа? Знаеме каква е положбата на нашите работници, на нашите луѓе што живеат во поголемите или помалите градови. Повеќето од нив скоро се без работа. И тие што работат минимално се платени а повеќето од нив имаат и побројни семејства. Дури ние едно време односно државата порано имавме држава им даваше на тие семејства бесплатни станови како социјално загрозени лида. Сега и тие луѓе ќе се најдат под ударот на овој закон ако не го прифатиме да ги продадеме становите, а незнам кој ќе ги купи. Тоа е друго прашање. Има луѓе, работници кои живеат, повратници, борци, социјално загрозени по 25, 30 и повеќе години во еден стан. Повеќето од тие станови се изградени од некој фондови или од нашата држава или од фондови добиени преку некои организации на Обединетите Нации, незнам од каде. Меѓутоа, и тие луѓе што работеле двајца од семејство 30 или 40 годи- ни иако есапиме, ако направиме една математика дека тие придонесувале односно оставале во фондот за изградба 4%, за тие 30-35 години тие луѓе веќе ги имаат отплатено тие станови.

X/6.-

Јас ќе знам каква математика, односно што направи Владата и како можеше да донесе ваков закон односно да предложи таков закон за да се продадат тие станови. Луѓе, тие станови на таквите луѓе се платени два пати. Сега сите граѓани на оваа држава кои работеле било каде еден или двајца од семејството со тие 4% средства давале придонес во фондот за изградба. Притоа се поставува уште едно прашаше каде ќе одат тие пари, ако можат луѓето да дадат, каде во кои фондови и каде ќе се трансформираат.

Тргнувајќи од човечка гледна точка да оставиме едно семејство од четири или пет члена или повеќе болни луѓе кои се на работ на пропаста да не можат да го прехранат тоа семејство во денешни услови, тој да го примораме да го откупува станот. Јас ќе го прашам господинот министер за урбанизам и градежништво кој од наши- те пензионери, повеќето од пензионерите, кој од нашите работници добива повеќе од 100 марки. Сведоци сме дека такви нема. Почетната цена на плаќањето на станот месечно или на рати како е тоа определено е 100 марки. Што треба и каде треба да оди овој човек со тоа семејство, кога ќе се земе предвид дека тој стан од 50-60 м за тие три - четириесет години го има платено. Тоа важи за сите граѓани што се во таа положба. Јас верувам дека повеќето од пензионерите од нашата држава, повеќето од работниците од нашата држава, повеќето од тие борци кои земаа минимални пензии немаа можност да ги купат становите. Јасно е, дури тие кога се даде можност да се купуваат становите со минимални 1.500, 2.000 или 3.000 марки како се кажа, немаа ни толку тогаш да дадат да го купат станот. А сега ние ќе го задолжиме дотичниот човек кој лази, е глиста станата, не е човек а да го задолжиме да дава по 100 марки или таму како што кажа министерот повеќе од 100 марки. Тоа е другари, тоа е господа, јас другари ретко употребувам а некогаш ми иде и тоа (се смее) господа не е важно и тоа е

X/7.-

добро, не е важно, добро е и тоа е голема тежина и незнам што ќе правиме со тие семејства, каде ќе ги сместиме тие семејства. Дали не ствараме ние во моментот уште една социјала во нашата држава.

Е сега настапува уште еден проблем  многу од нашите луѓе било да се тие од делот/^од егејскиот дел на Македонија било да се тие од пиринскиот дел на Македонија, било да се луѓе не државјани наши од било која соседна земја и од подалеку, се сместени во таквите станови.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (Продолжевме)

Веднаш треба да го поставиме прашањето од каде на тие немоќни, тука се инвалиди!а тука живеат и постари луѓе кои немаат толкава пензија колку што бара Владата да се исплати станот 100 марки. Тука навистина се создава хаосот. Каде Митко Анастасовски го гледа излезот односно јас.

Владата треба ,да подготви една програма односно да даде статистички податоци со^колку станови располага оваа наша држава

Второ, кои се корисници на тие државни станови, затоа што по една голема вистина многу од нашите граѓани на кои им се овозможи да ги купат становите со минимални цени од 200 0 ДМ или помалку тие имаат купено повеќе станови. Кои се тие многу лесно може да се открие. Јас и пред тоа реков ако се направи една комисија која ќе го испита целиот случај како некој по основ на некоја приватна дејност или на непоштен начин дошол до многу пари и манипулира со државата односно со становите.

Трето, да се види колку станови се изградени а се слободни за продажба. И тука треба да се има предвид една работа кои се сега заинтересираните лица да ги купат тие станови. Ние ќе си земеме грев во душата ако не го испитаме случајот на продажбата на становите во времето на претходната влада и малку порано. Тука се дојдеме до една голема вистина затоа што јас познавам луѓе кои со години работат во странство 20 и 30 години што до вчера нив ги викавме ние наши луѓе на привремена работа во странство, луѓе наши кои умреа во странство, луѓе наши кои нема да се вратат никогаш тука затоа што оваа држава овој систем не им овозможи да купат станови ни дуќани ни ништо. Има заинтересирани граѓани да купат тука. Ние не им овозможивме затоа што тоа 100 марки на

месец или поголем стан што вреди повеќе од 40 иљади марки, што значи ние сакаме уште еднаш тие луѓе да ги опљачкаме, да им ги земеме парите и со тоа да создадеме уште една социјала, уште еднаш да го избркаме човекот од нашата земја. Тоа не е дозволено.

Веднаш тука доаѓа прашањето на луѓето кои имаат внесено извесен капитал односно своја валута, свој труд во банките. Многу од тие станови и многу од тој фонд на градба треба да се допушти да се дадат на тие луѓе доколку сме: заинтересирани да се помират некои сметки на тие граѓани. Многу е болно тоа прашање. Може да се смее само човек што нема срце. Може да му годи само на тој што има пљачкано од оваа држава. Може тој што дојде на лесен начин до пари и седи во првите две клупи тука, затоа што тој не осетил пот, не осетил работа, не осетил како се печали парата. Тој денес располага со милиони и со повеќе станови, со модерни вили и со луксузни коли, и тој просто си игри со судбината на тие сиромашни граѓани на нашата татковина. Затоа ја молам Владата, го молам специјално претседателот на Владата како глава на таа влада и како претставник на извршната власт на Македонија уште еден пат,никогаш да не излегуваме тука со захтев за донесување на такви закони, но побргу и порано тоа добро да се истолкува статички да се изработи и после да се дојде како предлог на закон.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, кога пред три месеци образложував зошто го пролонгиравме мораториумот на Законот за продажба на општествените станови кажав едно укажување на нашата Комисија која беше едногласна во Комисијата дека овој закон не може да оди вака сам туку заедно со него неколку други закони со кои тој е поврзан.

Укажувајќи ка тоа кои закони ќе треба да се донесат заедно со овој закон, ќе проговорам малку и за моралниот лик на нас пратениците и на пратеничките групи при донесувањето на законите. Еден од тие закони со кои треба да оди овој закон е Законот за приватизација на општествената сопственост. Ако денес го донесеме ние

Законот за продажба да становите во општествена сопственост значи вршиме приватизација во отсуство на Законот за приватизација.

Понатаму Законот за станбените односи. Во законот за станбените односи треба да се регулира правото на користењето на станот, т.е. станарското право за оние кои нема да бидат во состојба да го купат станот по нова цена.

Понатаму тука е Законот за денационализација. Во отсуство на овој закон многу луѓе на кои им е национализиран станбен простор дефинитивно ќе го изгубат а ќе добијат ветување дека парично ќе им биде надоместено, или пак ќе се случи луѓе на кои им е национализиран станбен простор а потоа за истиот плаќал надоместок за користење, значи продолжил да живее во истиот стан, сега треба да го откупува својот сопствен стан. Околу ова прашање Владата сепак и донесе еден свој амандман, со кој многу се ублажува ситуацијата.

Тука е и Законот за државјанство. Со законот за државјанство стриктно ќе се определи кој ќе има право да откупи стан во општествена сопствена сопственост и дали лице кое ќе биде странец во државата и покрај станарското право ќе може да го купи станот.

Со купувањето на станот многу луѓе однапред ќе се стекнат со еден од условите за државјанството. Имено, во член 31" од Уставот се вели дека странско лице во Република Македонија може да стекнува право на сопственост под услови утврдени со закон, а Законот за државјанство кој е предложен од Владата во член 7 под број 3 каде што се набројуваат

елементите за стекнување на државјанството еден од елементите е и обезбеден станбен простор односно стан и материјални средства за живот.

И покрај сето ова јас ќе кажам дека на Комисијата се кажа мислење дека овој закон треба да оди но со одредени амандмани кои беа дадени во текот на работата на Комисијата надвор од неа.

Јас сакам да кажам неколку збора за тоа што на минатата седница и покрај тоа што господинот Андов на еден чуден начин им објасни на пратениците од коалицијата дека ако некој од пратениците од коалицијата недај боже гласа против овој пакет мерки ќе падне брука се пак ќе апелирам на совеста на пратениците при гласањето на овој закон и амандманите.

Сакам да кажам нешто во врска со претходниот закон кој беше предложен од старата Влада чиј претставник беше господинот Лепавцов како министер и дека од неколку пратеници, токму од пратеници кои се во сегашната коалиција и што сега се во Владата беше многу напаѓан овој закон кој и беше многу по либерален во однос на сопствениците на становите отколку што е сегашниот.

Би сакала да зборувам малку за моралниот лик баш на тие пратеници и воопшто на сите пратеници при донесувањето на законите.

(негодување во салата дека тоа не е на дневен ред)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам без дофрлување.

Повелете госпоѓа Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Зборуваме за Законот и за начинот на кој беше критикуван минатиот закон и самиот министер.

XI/5

Ние на Комисијата кажавме дека овој закон треба да се донесе и се обидовме да најдеме начин како да се тоа ублажи. Но сепак сакам да кажам еден чин кој навистина е та дискутирање. Минатиот закон кој навистина беше полиберален од овој беше критикуван на крајно сериозен начин од истите луѓе кои сега предлагаат построг и порестриктивен закон. Толку по однос на овој дел од законот а понатаму по текстот и амандманите ќе кажам свое мислење.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

Почитувани колеги, за почетокот се изјаснувам дека сум за донесување на еден ваков закон, не со нашето барање или за наше задоволство, туку како императив на системот и принудени сме ваков закон да донесеме, бидејќи се изјаснивме за пазарна економија. Еден од тие системски закони кои ја карактеризираат пазарната економија е Законот за продавање на станови од општествена сопственост. Затоа во Комисијата малку чудно испадна излагањето на нашата претседателка дека не се договоривме како услов за донесување на овој закон да се донесат и пред закони. Се дискутираше во врска со ова но услов не беше и го прифативме законот како еден од најперспеткивните закони досега. Откако се забрани Законот за продажба на становите сме имале неколку верзии на овој закон и најперспективен закон испадна во овој последниот. Затоа и Комисијата беше на мислење да го прифати овој закон. Да се избегне становите да не се продаваат за тоа немаме можност. Затоа во овој закон ако сте прочитале сте виделе дека има приближни идеални стандарди и за продавачот и за купувачот односно носители на станарското право. На пример купен станбен фонд во Републиката во метри квадратни се 3.350.000. Пазарната вредност по метар квадратен со состојба на 31.08.1992 година, 450 илјади денари на м2. Вкупна пазарна вредност на станбениот фонд со состојба на

31.08.19S2 година е 1.507,500.000 амортизација на станбениот фонд 30%. Вкупна пазарна, вредност на станбениот фонд што треба да се продаде со состојба на 31.08.1992 година со амортизација 30% е 1.055.250,000 денари или овде со новиот курс изнесува 1.758.750,000 ДМ. Значи не е сума за потценување во овие економски прилики во кои се наоѓа нашата Република.

Уште еден пример. Имаме овде индекс на индустриски производи, на пример еден стан од 55 м$^2$ стар 20 години амортизиран со 30% изнесува: градежна вредност по сегашни услови 368.750 илјади денари, период на отплата 25 години или 300 рати. Тоа значи за еден носител на станарското право, на еден ваков стан доаѓа месечно да плати по 78м$^2$. Да не се оправдуваме со некои аргументи дека имаме и социјала. Навистина сме имале социјални станови но дали и социјални случаи живеат во тие социјални станови денес е прашање,; бидејќи ако земеме пример еден двособен<стан, се дава една соба за студенти на секој по 50 марки значи 150 марки и на носителот на станарското право му останува една соба и кујната значи од тоа има плус 80 марки за отплата на месечната рата. Значи тоа држи и ништо нема да имаме во социјалната слика на нашите граѓани, никакви пречки за тие што се носители на станарското право.

И уште една работа. Во Републиката до скоро имавме 600 илјади вработени. Тој луксуз право за добивање на стан имале само 10% од тие 600 илјади вработени, иако сите сме придонеле во тој станбен фонд, со. 25 години со 30 години, дури и се пензионирал некој па не добил стан и не конкурирал да добие стан. Затоа сум на мислење овој закон едногалсно да се прифати и тоа веднаш.

XI/7

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, новата Влада веднаш почна да прави грешки и продолжи како што правеше старата Влада.

Уште пред неколку месеци зборувавме дека мора прво да се донесе Законот за денационализација па дури после да дојдеме до овој закон што денес е на седница. Ние пак обратно гледаме да го донесеме овој закон, а после, законот за денационализација. Во сите социјалистички земји тоа е завршено. Остана само кај нас. Една Црна Гора уште пред седум месеци, заврши со тој закон за денационализација. Србија беше последна, а ние уште и денес кога виде Владата дека ќе се донесе набрзина ни даде амандман и ветува дека ќе се донесе овој закон. Со тоа недонесувањето на тој закон за денационализација ставаме еден број на луѓе во нерамноправна положба. Тоа се тие станари во тие станови кои ги проширувале, доградувале и сега нема начин како да го купат а исто така уште толку луѓе кои чекаат, чии станови биле национализирани и чекаат да им се реши нивното прашање, што значи не се малку, тоа е дупло.

**КРИЛ КОВАЧЕВСКИ:** (продолжение)

Ако го загледаме членот 3 став 2, се предлага, се менува и гласи: "продажната цена на станот ја утврдува сопственикот на станот според критериумите што ги определува Владата на Република Македонија". Околу тоа нешто да кажам. Во општествена сопственост Република Македонија има околу 48 илјади станови и не е исправно Собранието да нема глобален увид над ефектите што ќе се остварат со продажба. Оваа важна работа не може исцело да се отстапи на Владата. Рамковните критериуми треба со законот да ги утврди Собранието. Во рамките на тие критериуми поблиску Владата/ го утврдува начинот на определување на цената на станот.

За цената на станот видовме дека ние како пратеници ништо не знаеме, единствено преку весници дознаваме, па да кажеме на граѓаните. Инаку, ако не прочитаме весник не знаеме ништо, а за тоа треба да имаме материјал. Не може Собранието да донесува закон за продажба на становите а да не знае по која цена утре ќе се продаваат. Јас ако сакам нешто да продадам на пазар секако мора да ја знам и цената. Не може да се дезавуира Собранието на тој начин тоа воопшто да не одлучува за продажната цена на становите. Со овластувањето на Владата да ја утврди цената всушност законот не е цело- сен односно дел од донесувањето на законот се пренесува на Владата. Не може да се донесе закон за продажба на становите во општествена сопственост, а законодавното тело Собранието да не одлучи ништо за цената т.е. нејзината височина.

Ако го земеме законот за станбени односи член 13 каде се вели "ако носителот на станарското право, неговиот брачен другар или малолетните членови на неговото семејно домаќинство имаат или се здобија со семејна станбена зграда или стан во сопственост во местото на живеење што одговара на нивните потреби се должни да го испразнат општествениот

стан. Значи, таквата категорија на носители на станарското право имаат обврска да го испразнат општествениот стан поради кое и не може сега само тие да полагаат право на негово купување, но тоа право треба да припадне на секој заинтересиран граѓанин. Во практиката е друго, голем број од тие луѓе од граѓани што имаат општествени станови, а изградиле куќа, купиле стан тие љубоморно ги чуваат клучевите и чекаат да се изгласа овој закон за ниски цени, за нив тоа се ниски цени, да го добијат и тој стан.

Во врска со тоа би му поставил на министерот едно прашање и би сакал да одговори во врска со тоа, а тоа е следното: од донесувањето на законот за продажба на станови во општествена сопственост до денеска сите тие кои се стекнале со куќа или стан,. а поседуваат станарско право сакаат да ги купат становите за ниски цени. Против нив во смисла на одредбите на законот за станбени односи не е поведена постапка за испразнување на станот. Или ако е поведена но не е правосилно окончана. При таква положба сите носители на станарско право од општествените станови што ги држат, ќе ги купат со денот на продавањето. Со законот нигде не е предвидено дека таа категорија на носители на станарско право не можат да ги купат становите, што значи нема забрана. Затоа предлагам без заклучок тие лица да се исклучат од купување на тие станови да не го донесеме овој закон.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сакам со мојата дискусија евентуално да придонесам во разрешување на ова прашање кое е на дневен ред. Имено, јас не сум против да се донесе таков закон, дури сметам дека голема грешка направивме тогаш кога донесовме одлука законот кој беше на сила да се стопира. Многу ќе бевме поумни и порационални ако -тогаш интервенираме само во еден негов дел таму каде што прави нашата

голема галопирачка инфлација се обезвреднуваат становите, а мислам тоа да го направевме процесот ќе точеше и работата ќе одеше така како што треба. Ние тогаш дали тоа партиски интерес беше или како беше се надмудрувавме кој повеќе поени ќе собере и го сопревме тој закон, потоа се обезбедуваше неколку пати да се донесат одредени одредби но не успеавме.

Сега кога го гледа овој закон исто така јас пак велам дека сум да се донесе овој закон за продажба на становите, но со решението што е предложено не сум потполно задоволен и мојата дискусија ќе биде во тоа да евентуално укажам дека треба овој текст / на законот да претрпи одредена измена, дали тоа ќе биде амандмански, најдобро би било евентуално Владата да интервенира во некој дел како би можел да се донесе, но да биде закон кој може да се применува. Јас сметам дека вака како што е предложен ќе има едноставно пречки за неговото спроведување понатаму. Ќе имаме закон но целта нема да ја оствариме, нема да имаме постигнување во тој дел на законот бидејќи според мене има и правно нерасчистени рабсоти, има сопственичко нерасчистени работи итн. Тоа е мое видување и во врска со тоа јас така мислам.

Овој закон според мене е добар за продажба на државните станови затоа што државните станови се идентификувани кои се, бидејќи се државни сопственик е државата, за нив може да донесува уредби за користење на средствата и мислам дека е тоа сосема во ред, но мислам дека не е во ред за становите од стопанските организации бидејќи тие се сопственици и овде овој закон без нивна согласност како сопственици се донесува уредба како и на кој начин и ќе се продаваат, како и на кој начин средствата ќе се користат и што ќе се решава надвор од нивна согласност. Сметам дека е тоа несправедливо, ние да го донесеме законот, тоа да не

може да се спроведува понатаму "бидејќи тие како сопственици веројатно ако не им одговараат тие уредби нема да ги прифатат како такви. И така работата ќе се одолговлечува, дали ќе се оди во процедура кој е во право итн.

Понатаму што сакам да кажам е тоа дека претходниот закон таков каков што беше донесен и имаше одредена процедура и одредена постапка и беше кажано зошто средствата треба да се употребуваат. Требаше сопственикот на становите да ги користи средствата исклучиво за станбена изградба. И во таа смисла има одредени,прописи кои што се одвиваат има донесени одредени одлуки во работните организации иако од продажбата на становите има одредени дејствија направено за решавање на одредени станбени проблеми. Дали тоа преку кредитирање на оние луѓе кои меѓувремено кога се градеа овие станови издвојуваа од своите средства заедно и со другите, нормално, затоа што средствата за изградба на становите се издвојуваат од!практично од фондовите, но основица беа личните доходи. Така да практично сите издвојувале. Оние кои имаат потреба да им биде решено станбеното прашање чекаат со овој закон, практично се уверени со овие средства од продажба на станови да им се помогне да им се реши. Дали ќе се градат нови станови, дали ќе им се помогне во вид на кредитирање или ќе се решат некои други комунални работи така да се со даде шанса да го решат нивното станбено прашање, практично сега со овој закон тоа прашање е избришано.

Првиот закон беше за решавање на станбените прашања, а овој отприлика алудира на тоа према она што провејува дека ќе биде решавање на девизното штедење, тогаш сметам дека е подобро да се најде некоја средина, така да еден дел од средствата оди за решавање на оние граѓани кои го немаат решено станбеното прашање, а во меѓувреме имаат издвојувани и одредени листи кои беа правени се стекнале со право да

добијат стан, а еден дел да се решава и за девизното штедење јас немам ништо против. Мојот предлог е практично државните станови, бидејќи таму нема и на кого да му се решава станбеното прашање понатаму да се искористат за решавање на девизното штедеше, а станбениот фонд во работните организации средствата од оние што ќе бидат продадени да се искористат за решавање на станбените прашања на граѓаните и работниците кои не го решиле станбеното прашање. Во таа смисла имам амандман, затоа сега и образлагам за да потоа бидам краток, и сметам дека би било добро Владата да го прифати.

Ако се реализира односно ако се донесе овој закон кога ќе се постави, според мене е прашањето околу одржување на станбениот фонд кој нема да се продаде. Јас лично сум убеден дека, незнам за Скопје затоа што поголемите градови се примамливи да се купи стан. Дали ќе има потреба да го користи некој како станбено решение, има некој кој го има решено станбеното прашање но законот му дозволува да го купат станот и да го користат за други намени,, да го издаваат да го користат како деловен простор, за административен простор итн. Тоа важи за поголемите градови, но во малите провинциски места морам да ви кажам дека интерес за таква работа нема и многу мал ќе биде интересот, јас не»знам каква ќе биде цената на становите, но интерес нема да има и еден голем дел од станбениот фонд практично ќе остане непродаден. И тогаш што ќе се појави. Еден мал дел ќе биде продаден како станбен фонд и по овој закон практично средствата треба да одат индиректно во државна каса и организациите кои што се сопственици на становите нема да имаат никакви права . Практично станбениот фонд индиректно се кажува дека не е на работните организации, а тие треба понатаму да ги одржуваат. Ќе дојдеме во ситуација оној станбен фонд кој нема да биде продаден ќе биде оставен на распаѓање.

Она што сега се собира во вид на станарина или практично не е доволно ни за минимално тековно одржување. Според тоа јас сметам дека треба дел од средствата од оние кои ќе се продадат становите да одат на сметката на работните организации кој што се сопственици, да можат барем да го одржуваат тој фонд. Имам дури и размислување сосема радикално од тоа, а тоа би било ако веќе минеме по овој закон целокупниот станбен фонд на некој начин да го предадеме на државата, дали тоа ќе биде преку обврзници и понатаму на непродадените станови да им води грижа државата.-Колкава ќе биде станарината, какво ќе биде одржувањето, што кога ќе пропадне кровот, кој ќе го поправи а / поправи водоводот кога ќе пукне итн. затоа што сум убеден еден огромен дел од станбениот фонд во малите места нема да се пропаде. Луѓето не се заинтересирани да го купуваат бидејќи 5ќе седат во него ќе плаќаат станарина и размислуваат на следната логика поради овој сталеж кој од прилика живее во него дека мора да има бенефицирани станарини нема да има пазарна станарина и евентуално размислува од прилика да ги задржат становите без да ги купат а да живеат во нив Тоа се моите аргументи средствата од продадените станови на организациите да одат на организациите за да може да се одржува тој станбен фонд.

Обврзниците кои се предлагаат, индиректно се кажува дека и сегашните сопственици остануваат и понатаму на некој начин и према обврзниците сопственици односно добиваат надокнада, но се предлага тие да важат од први 1995 година за 20 години. Објективни да бидеме барем овде знаеме дека тоа се практично средства, практично организациите ги отпишуваат становите да бидеме на јасно и на чисто дека за 20 години ваквите обврзници нема да вредат ни како тие своевремено што ги дававме за изградба на патишта, заем за вработување итн. Тоа е вистината и

таквите обврзници во колку ќе се вгради некаква одредба .внатре дека тие имаат некаква реална вредност да речеме да имаат против денарска вредност но да бидат изразени во девизна вредност значи дека овие станови се отпишуваат како такви. Ако тие ги отпишуваме сега што ги продаваме тогаш дај барем сите на таква процедура барем да расчистиме со тоа да немаме двовластие во таа ситуација и да ги оставиме на милост и немилост.

Реков во претходната дискусија има членови по мене, јас не сум правник, и не сакам да навлегувам во тоа, но сметам дека ќе има проблем со уставноста но неа овде не ја докажуваме но мислам дека ќе се потегне тоа прашање дали тоа е членот 9 или членот 13 итн. Од прилика тоа би била мојата дискусија , а може и пошироко да> се дискутира, но апелирам пред се до Владата да прифати дел од амандманите што се предлагаат во смисла на она што сега го дискутирав во интерес и на донесување на законот и во интерес на граѓаните кои го немаат решено станбеното прашање и во интерес да нема закон- ски пречки понатаму, а и во интерес на одржување на станбениот фонд кој нема да биде продаден. Јас не ја знам цената на становите, нешто индиректно во весниците прочитав, но тоа не е доволно. Незнам по која цена ќе бидат, но по таа цена што се назира таму во весниците помалите места да се купат становите едноставно не доаѓа во предвид.

**АЛЕКСАНДАР ФОЛОРОВСКИ:**

Во контекст на точкава би имал само три прашања да поставам на господинот министер, се надевам дека ќе знае да ми одговори, каков третман имаат становите кои беа1 наменети за повратниците од источно европските земји, тоа е првото прашање, купени од фондот за бегалци при Обединетите нации. Колку такви станови постојат во државата и барам

образложение за месечната рата од 100 Германски марки за откуп на становите.

**ГОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници. Најнапред сакам да ја разјаснам работата на Комисијата. Комисијата за урбанизам и градежништво во два наврати го гледаше овој закон. Во првиот наврат во полн состав со исклучок на еден пратеник и му даде целосна поддршка со една богата дискусија која повеќе се однесуваше на намената на средства отколку на оправданоста за донесување на овој закон. Законот беше подржан, а заклучокот на нашата комисија беше Владата при распределба на средствата да обрне внимание и еден поголем дел од овие средства покрај овие други намени што ќе бидат покриени да биде покриено к градежништвото.

Сите амандмани што беа доставени до Комисијата беа одбиени.

Во вториот наврат Комисијата во состав од пет члена бидејќи надворешните не можеа да бидат повикани бидејќи се држеше на пауза на минатата седница, исто така Комисијата со три спрема два гласа го прифати законот, а двајца пратеници ги иземнија мислењата од претходната седница на комисијата и не го подржаа законот, но со три према два Комисијата му даде поддршка на законот, со овој закон што сте го донесле на последната седница.

XIII/1.- ПЈ-ВБ

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ**: (продолжение)

ВО расправата ние секогаш наоѓа,е изгледа маани на секој закон што ќе биде предложен. Веројатно, под трансформација на нашето општество сега и ние пливаме и имаме различни мислења скоро по секој предложен закон во секоја област. Ние мора да сме начисто дека нашата држава, освен овие станови локали државни кои ги викаме исто така во општествена сопственост, друг капитал засега нема со кој би започнало едно сервисираше на овие долгови, на девизните штедачи, а исто така за покривање на други евентуални потреби, како што е нафтата и други кои зависат од девизите. Со овој закон ќе се овозможи најмногу средства по мене да отидат за сервисирање на долговите на девизните штедачи, затоа што се овозможува носителите на станарското право да можат покрај средствата свои и на своите семејства да ги користат средствата на било кој девизен штедач. Така, со здружување на средствата ќе можат да се откупат становите и тоа ќе се стимулира со намалување на почетната вредност на станот. Така, да не манипулираме со некои вредности кои во почетокот изгледаат огромни, а на крај со овие погодности ќе се сведат на подносливи средства.

Исто така, сметам дека ако Владата даде треба да има усет за имотната состојба на граѓаните кои живеат и имаат станарско право да им даде поголем стимул за оние кои ќе вложат ефективни девизни средства. Во Словенија се одеше дури до 60% и сметам дека на тој начин ќе се соберат и таканаречени живи девизи кои можат да се вложуваат во приоритетните потреби. Исто така и за кеш денари ќе има стимулации така што,и овие станари кои ќе имаат да уплатат, веднаш да го уплатат целокупниот износ, ќе имаат попусти и ќе ја намалат цената. Тоа е едно.

XIII/2.-

Второ, исто така ние овие споменати цифри се однесуваат на најновите станови. Ние знаеме дека нашиот станбен фонд е граден уназад 50 години, така што многу станови со амортизација ќе ја намалат во многу предноста која е овде спомната, но таа ќе биде таква а најдобро е да не се споменува ништо додека не се донесат мерките и критериумите за овие станови, како не би се појавувале овие недоразбирања. Не треба еднаш да дискутираме за минатото дека становите се продадени во бесцелно, направена е кражба, па сега одиме во друга крајност и велиме дека нема пари односно мора да бидеме јасни дека оној кој што сака да купи стан ќе мора да плати. А оние што не можат да платат ќе останат и ќе го користат станарското право и тука да не се создава забуна дека нив некој ќе ги истера. Тие станари ќе останат во овие станови и тоа е регулирано, но овде често се меша законот аз станбени односи со Законот аз продажба на станови. Оваа продажба на станови е сосема друга работа од условите ,кои ги дава, Законот за користење на станови. Така што ќе биде со оние кои ќе останат во становите што ќе живеат, откако не ќе можат да ги купат ќе го реши Законот аз станбените односи. Сега не би требало да се задржуваме на овие станови.

**ДУШАН АПОСТОЛОВСКИ:**

Јас би бил доста краток, бидејќи многу се искажаа, а и поголем дел од мојата дискусија беше овде опфатена од другите дискутанти и не би си зел за право да образложувам забелешките на Комиси- јата, бидејќи за тоа имаме свој известител кој што ќе треба после да ги образложува тие заклучоци.

Најнапред треба да спомнеме дека овој закон е многу битен и важен и за неговата важност и битност ние дискутиравме уште на 15 април кога кажавме дека Законот има свои недоследности и треба да се донесе нов

закон со некои нови измени и дополнувања. Сметам дека овој Закон каков таков треба да се донесе, дали со итна или по редовна процедура, за тоа треба самите да процениме, бидејќи со недонесувањето би предизвикале два нови случаеви. Имено, ќе треба да го продолжиме мораториумот: на продажбата на становите, тоа е еден случај. Второ, да останеме на оној закон по кој што ја вршевме продажбата на станови, а тој беше доста долго критикуван од сите нас и кажавме дека е тоа кражба 'на становите, дека распродавање на општествениот имот и сл. Што би значело овој закон сметам дека во однос на претходниот нуди ништо ново и се заснива на едни нови основи односно на некои пресметковни бодови.

Од оваа говорница често се дискутираше дека цената на станот ќе биде толку или онолку марки. Јас не би оперирал со толку броејќи односно со такви вредности, затоа што спомнавме дека денарот нема да го врзуваме со марката и не би требало да се спомнуваат бројки. Сметаме дека ова пресметковни бодови ќе биде и некој нов критериум и јас би сакал да напомнам по однос на изградувањето на овие критериуми кои што таму се кажани по 4 основи, тоа е по градежна вредност, една основа по која ќе се одредуваат пресметковните бодови потоа амортизација на станот, местоположбата и врз основа на трошоците за уредување на градежно земјиште. Јас би напомнал од сите овие четири параметри посебно треба да се обрати внимание на параметарот трошоци за уредување на градежното земјиште. Бидејќи ако во претходниот закон кога се вршеше продажбата на станови се дискутираше дека сумите се големи или мали или два исти станови се пресметуваат различно, точно беше параметарот трошоците за комуналното уредување. Бидејќи сите ние знаеме, а тоа и со закон е кажано дека вредноста на комуналното уредување претставува 20% од вредноста на градежната вредност. Сето тоа велиме дека максимално е 20% тоа може да биде и 10,15 и дури како што спомнав и 20. Затоа, велам

XIII/4.-

во изградувањето на критериумот посебно да се обрати внимание на овој параметар, бидејќи сметам дека тој во најголема мера ќе придонесе за одредување и вредноста на бодовите. Кога зборуваме за продажбата на станови, сметам дека овој закон требаше да оди напоредно со другите закони, како што е Законот за денационализација, Законот за станбени односи, Законот за приватизација и Законот за државјанство . Бидејќи поголем дел од дискутантите овде кои што дискутираа ги измешаа работите околу

Законот аз продажба на станови и Законот аз станбени односи. Кога би бил и тој закон донесен, мислев вака во пакет сите овие четири закони, сметам дека во тој случај нема да дојде до забуна. Точно е, дека се јавуваат некои нејаснотии околу становите кои би биле продадени и оние кои што не се. Имено, ќе се случи во една зграда таму половина се продадени, а половина не, со тоа кој ќе одржува и сл., но сакам да кажам дека тоа не го регулира Законот за продажба на становите, туку тоа го регулира Законот за станбени односи. Затоа,. ова требаше да оди во пакет.

Потоа, на овој закон имам своја лична забелешка во однос на средствата. Средствата кои што се продаваат, во претходниот закон беше кажано дека ќе се употреби во градежништвото за развој, додека овој пат се алудира повеќе за сервисирање на средства за девизните штедни влогови. Јас го сфаќам тој проблем кој што моментално се наметна и кој што треба да се решава. Меѓутоа, велам проблем моментално а тоа не значи дека тој како проблем ќе трае вечно и дека првенствено само исклучиво треба него да го решаваме, што не би значело дека градежништвото како гранка, вака доста застапена во нашата Република треба да ја занемариме. Имајќи предвид дека покрај тоа градежништво, имаме уште 18 други пратечки гранки, па погледнато по број на вработени, сигурно е една замашна бројка, која што не треба да ја превидиме и да ја запоставиме во однос на

средствата кои ќе се добијат од продажба на станови. Затоа, јас предлагам, тоа после можеме да го кажеме кога ќе дискутираме по текстот на Законот по определени членови овие средства дел да бидат наменети точно за сервисирање на штедните влогови, меѓутоа немој да се запостави и самото градежништво. Во Законот никаде не видов или за средствата ништо не се спомна дали воопшто сметаме да се градат некои социјални станови. Некој веднаш ќе реагира и ќе каже зарем уште ќе продолжуваме со тие социјални случаи и станови. Меѓутоа да напоменеме дека во Уставот, член 1 многу добро е кажано каде што вели "Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава". Кога зборуваме "социјална држава" веќе сме кажале дека ќе имаме социјални случаи и за нив сигурно дека ќе треба да се размислува што со тие случаеви. Дали ќе се издвојуваат средства од продажбата на станови за да се градат социјални станови или ќе се издвојуваат некои нови форми, тоа ако останува на размислување, меѓутоа сметам дека и тоа не треба да се запостави. Инаку, во целост Законот треба да се донесе, но кога би дошле до текстот, јас имам тогаш нешто да кажам во однос на членот 6 односно членот 9.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата. Јас нема многу да ве замарам со својата загриженост, иако вака бегло сакам да ја искажам за неизградената законска регулатива и за сета настаната мешаница во областа на становањето. По тој однос едноставно ќе посочам на дискусиите на колешката Лазаревска и колегата Апостоловски. Но, потребата од донесувањето на ваков закон за мене сепак не е спорно. Јас би сакал да го свртам вниманието врз положбата на една можеби по големина занемарлива група корисници на општествени станови. Имено, се работи за лица кои под диктат на актуелни од општеството изнудени

потреби или барања ги замениле своите станови за други. Нормално тие останале носители на станарско право, отишле во други станови ика друга локација. Но, сега носител на сопственост кај нивниот стан не е веќе поранешната фирма или општествено - политичка заедница, туку тоа е некоја нова фирма. Со овозможувањето на купопродажбата, со регулативата од 1990-та година некои од фирмите почнаа со распродажбата а другите не. Сега имаме појави лица со заменет стан не можеле да го откупат својот сегашен стан, бидејќи новиот носител на сопственост едноставно не оди на тоа да ги продаде становите, а поранешниот, сепак, ги распродава онаму каде што биде. Јас мислам дека оваа можеби занемарлива категорија вреди да биде земена предвид. Наша должност е да водиме грижа за секакви групи од интересенти поединечно.

Почитувани пратеници, во досегашната дискусија се искажаа повеќе мислења околу тоа дали Законот треба да се донесе или не. Јас лично сметам дека Законот треба да се врати на доработка и мораториумот за продажба на станови да се продолжи од следниве причини. Сметам дека досегашната продажба на општествените станови не беше токму како што - треба и на еден начин ги подвои граѓаните на привилегирани граѓани и на оние непривилегирани оштетени граѓани, кои што не можеа да ги откупат по праведен основ своите станови. Морам да кажам дека во таа ситуација и во тој општествен миг кога се продаваа овие општествени станови дека една категорија граѓани кои поседуваа воени станови по багателни цени си ги купија своите станови. Додека за една друга категорија на граѓани, доносено повеќе категории и покрај својата желба не успеаја односно не им беше дозволено да си ги откупат своите станови. Тука, пред се, мислам на носителите на станарско право на општествени станови од Егејскиот фонд, понатаму на општествените станови од фирмите, бидејќи многу добро

знаеме дека од фирмите можеа да си ги откупат оние станови оние граѓани за кои што фирмата ќе дадеше дозвола за купување на тие станови односно преведено на народски јазик тоа значи дека можеа да го купат станот оние вработени во фирмите кои што им беа лојални на директорите, додека оние што не им беа лојални на директорите, не можеа да добијат дозвола за купување на овие станови. Ако некој требаше да добие дозвола, па дури да им бидат и подарени овие станови, тоа беше категоријата на воени инвалиди, која што воопшто не беше спомната ниту во претходниот закон ниту во овој што сега се предлага, Сакам да кажам и тоа дека околу 100 западногермански марки некој да дава месечно еден просечен граѓанин на нашата држава, тоа е надвор од реалноста и најмногу од таа причина сметам дека Законот треба да се врати на доработка,

Исто така, сметам дека не е лошо и да се изврши ревизија за оние што си ги купиле своите станови, поготово за господата што си купија воени станови за што многу добро знаеме, при повлекувањето на бившата ЈНА како истата постапуваше и се однесуваше во однос на Македонија, како ги даваше своите станови по секоја цена тие што и беа верни слуги во овој 47-годишен период од нејзино егзистирање овде после војната.

Уште еднаш предлагам Законот да се врати на доработка и да се изврши ревизија на становите кои што ги продаде ЈНА.

XIV/1.-сс/мл

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот за донесување на овој закон на Владата го сфаќам како сериозна работа. Меѓутоа, има недостатоци за кои сакам да говорам не од барањето на Владата туку од самиот закон, а Владата беше должна и мораше ова да го направи бидејќи на 16 односно задутре престанува забраната за важење на Законот за продажба на општествените станови.

Дами и господа, госпоѓа Билјана нешто напомна околу законитоста и уставноста на овој закон, што не е исполнето. Потребно е на овој закон да му претходат два закони, тоа е Законот за државјанство и Законот за денационализација. Зошто, ќе одам по ред да ве уверам дека тоа е така со следниве аргументи:

Законот за денационализација, повеќето од вас овде што се и мило ми е што е така не го помнат кога е донесен првиот закон од бившото Собрание на СФРЈ во 1957 година за национализација на наемни згради и градежно неизградено земјиште кога беа зафатени, а на граѓаните им се оставија еден голем или два мали станови  и деловен простор од 60 односно 70 м . По однос на земјиштето што беше прогласено како градежен реон не се водеше друга сметка освен на поранешниот сопственик да му се остават 1 односно два градежни плаца за изградување на семејна индивидуална зграда.

Со зафаќањето на градежните објекти се прогласени повеќето станови во општествена сопственост. Тие станови се одземени од поранешните сопственици и сега се наоѓаат во експлоатација или користење со носење на станарско право. Што ќе биде? Овие станови ќе треба да се продадат. Ќе дојде Законот за денационализација и тие станови ќе треба да се вратат на поранешниот сопственик

XIV/2.-

Кажувам и тоа, дали ќе треба да се оди и да се продава? Ќе треба да се направи чиста динстикција, разлика помеѓу начинот на стекнување на општествената сопственост, што значи дека изворот на стекнувањето да биде и основ за отуѓување. Тоа е едниот дел за кој говорам од позиција на правото на објектот.

Другиот дел кога говорам за одредницата од член 31 од Уставот на Република Македонија, странско лице во Република Македонија може да стекне право на сопственост под услови утврдени со закон. Додека не се донесе законот за државјанство ние имаме носи- тели на станарско право по било кој основ. Тоа се лица, дали од други републики, дали лица со друго државјанство, дали лица со неодредено државјанство, дали лица кои имаат намера да поднесат барање за државјанство, меѓутоа додека не се донесе тој закон ние сега ќе можеме на такви лица, користејќи го станарското право да се јават како купувачи. После 8 или 20 денови или еден месец ќе дојде на сила овој закон за државјанство со кој закон носител на станарското право не може ова право да го оствари. Што значи дека пак ќе имаме компликации околу работата. Ќе имаме правни заврзлами. Ќе дојдат толкувања на закони, вака или онака. Дали во моментот на донесувањето на законот тој се стекнал со право, а тоа право со друг закон не може да му се ограничи? Тоа се се прашања на кои ќе треба комплетно да се одговори.

На крајот, госпоѓата Билјана се осврна на определбата од член 7, став 3 од Законот за државјанството предложен од Владата, условно што кажува дека поднесениот закон за државјанство уште на 19 март о.г. од бившата Влада не го повлекува, туку дава одредени изменувања или амандмани што треба да се усвојат по тој закон. Одредницата од ставот 3, во неа стои дека лице кое бара државјанство треба да го реши станбеното прашање. Ако под станбено прашање е и сопственост, што е и нормално,

затоа сопственикот покрај другите прва што ги има право да го користи својот имот, едно од бонификациите нас сопственоста е и тоа, што значи тука ќе имаме еден недостаток. Ќе направиме вештачки услови на луѓето, кои исполнувале услови да бидат државјани, сега може во овој момент со ова токму овој момент да одигра да не може да биде примен. Ова да му направи таква работа.

Последниот елемент, ова Владата го предвидува, јас се согласувам со идејата да прави квалитет на плаќања, начин со кои средства ќе биде отплатуван станот, какво значење ќе имаат тие средства, кога ќе бидат девизни, кога ќе бидат платени наеднаш, на рати или слично, тука се говори за квалитет за плаќање. Значи, Владата да определи и повластици. Меѓутоа, одредницата Владата да предвидува и таа слободно да располага со овие средства, пак дојдовме до она дали Владата ќе треба да биде и законодавна власт. Во извршувањето овде, не се работи за извршување, извршувањето токму и таму се гледа, ако дава некакви бенефиции, тоа е во извршувањето. Меѓутоа, сега знам дека реакцијата на премиерот овде ќе биде дека Владата е таа што врши распределба на Буџетот. Да! Така е. Таму дава предлог. Меѓутоа, овде го надминува тој закон. Само одлучува. Буџетот го предлага, кај располага со средствата, меѓутоа, предлага а овде одлучува. Тука е разликата меѓу извршната и законодавната власт. Јас за тоа сакав да направат разлика што ова значи и што има. Не случајно ова го одбрав да го говорам. Во овој случај нека се определуваат услови од страна на Владата за плаќањето. Тоа има квалитет затоа што во моментот кога човекот, домаќинот определува што му треба, ќе има одврзани раце што од кое свое богатство ќе го заложи, преправа или отуѓува за да ги

XIV/4.-

оствари целите на државата. Тука има разлика. Тоа е едниот дел . Меѓутоа, другиот дел да го оствари на законодавецот тука Има разлика.

Уште една работа што сакам да кажам, постојано говориме, употребуваме термин луѓето да го купат својот стан. Станарското право не е свој стан. Станарското право е една привилегија на граѓани кои биле рамноправни, меѓутоа, во распределба на тоа право користеле одредени форми и институции и дошле до тоа право. Сега тоа право им дава една можност да добијат целосно право да можат да располагаат со имовината. Да можат да ја отуѓуваат, да ја продаваат, преправаат, доправаат, и да ја заменуваат. Тоа се сите основи. Во тој случај, акоземеме сега граѓанинот рамноправен да отиде некој да купи стан, друг, пак се изјаснува со законот нерамноправноста. Меѓутоа, велам ако е начинот на масовно распродавање, така е. Што бива! Ако секој оди да купи, ќе му се бара дозвола дали има друга стан. Ако има друг стан мора да плати данок на промет. Со овој закон и тоа повластување го има. И купува содржина преку помала форма.

Затоа, ние не треба да водиме сметка за оној кој сака да купи. Тој треба да води сметка. Тој стекнува. Дали некој од овие луѓе, рако кажеме даде 2 илјади доич марки или 2 илјади долари или нивна денарска противвредност, дали тој истиот тој човек сега ќе се согласи тој ист стан да го даде за иста цена? /не! Тогаш ќе каже јас сум сопственик и мојата имовина чини 10 илјади или 15 илјади или 35 илјади марки или денарската противвредност. Ова е квалитетот на сопственоста.

Во тој случај, ако сакаме некому да создадеме квалитет, ќе мораа и тој што учествува да учествува во создавањето на квалитет на другата страна. Другата страна е сопственикот на становите. Тоа практично значи државата или заедницата. Ние, не можеме нас една страна да бараме квалитет а на другата само форма. Тогаш, предвидените начини на отплата, ако не се постапи така, навистина ќе дојде до пресипување од празно во шупли во.

Овој закон ќе треба да има содржина со овие три закони што ги спомнав, да се уедначат, да дојдат на сила веднаш, исто- времено, имаат заедничка работа и да застанат. Се чекаше 7 односно 6 месеци, јас мислам дека за 30 дена нас Владата само ќе и се даде можност да ги подготви овие други. Знам дека се работени во процедура. ако не, тогаш ресорниот министер од областа на стопанството и финансиите, нека образложат овде, нека кажат кој се причините, до каде сме и што сме направиле, па тогаш да определиме еден добар термин, квалитетен во кој ќе можеме навистина не да се откачиме од оваа имовина, тоа е наша имовина луѓе, не ни ја дал никој, тоа сега сме ја добиле на коцка па да ја фрлиме на коцка.

**НАУМ СИЛЈАНОВСКИ:**

По однос на прашањето на овој закон би дискутирал само до аспект на решавањето на проблемот во дистрибуцијата на средствата што би се обезбедиле со продажба на општествените станови.

Решението што го нуди Владата преку овој закон е строго наменско за покривањето на девизните штедни влогови и решавање, ако не целосно на

овој проблем барем делумно и од тој аспект целосно го подржувам овој закон.

Морам да истакнам дека имаме горко искуство од досегашниот закон кој беше на сила и го укинавме и од средствата што беа прнбрани по тој основ. Така што до сега немаме добиено никаква информација каде се тие средства и колкави се тие средства Би било добро, во друга прилика и тоа прашање да се покрене на- вистина еднаш да расчистиме како тоа се вршело до сега и како ќе треба тоа да се извршува понатаму.

Мислам дека во однос на оваа проблематика Владата ќе донесе поконкретни одлуки во рамките на своите овластувања за построго наменско насочуваше на овие парични средства.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, ќе кажам само неколку реченици. Не зборувам од аспект на правник туку неколку логични реченици ќе кажам многу кратко.

Ми се чини со вакво брзање не, но дали не влегуваме од грешка во грешка и зошто не го користиме досегашното искуство и грешките настанати до сега и пак така почнуваме да донесуваме такви брзоплети закони што, од кога се зборуваше да се донесат такви закони за денационализација не се донесе тој. Сега се носи ова, па после со амандманот на Владата се вели дека нема право да се отуѓува ако се установи дека е одземен насилно, да се врати. Дали со тоа пак не ќе создадеме тужби, жалби, малтретирана на граѓаните, јас го купив, ги дадов парите, после овој ќе тужи мене ми се вратија парите, неправилно сум

денационализиран, да му се врати, зошто повторно ги малтретираме граѓаните? Зошто правиме вакви работи, Јас сметам ми се чини овој закон Владата многу ќе згреши, ќе ги доведе во заблуда сите купувачи и сите оние кои треба да остваруваат право да им се поврата, ќе создадат омрази, тужби, жалби и само со тоа ќе почнеме да с расправаме и во Собранието и во судовите и во Владата. Од тие причини сметам дека додека не се донесе законот за денационализација не треба да се врши распродажба а имаше време овој закон досега да се подготви и заедно со овој закон да бидат доставени на усвојување во Собранието.

Потоа, дали девизните штедачи ќе бидат изедначени ако некој сака да купи стан со оние што имаа право и ги купуваа становите за 2-3-5 илјади долари, а на штедачите сега да им се земат сите ласри со тоа да се отарасиме од нивниот влог со 20-30-40 илјади марки што им ги користеле банките и не им се вратени туку се запленети?

Ако е тоа така, јас пак ќе кажам една логика, можеби правнични не е издржана, меѓутоа, само уште ова да го кажам. Чии други станови ние ќе продаваме освен тие национализирани и оптествено изградените станови, од издвојувања со уплатувања од работниот однос аз станбен фонд. Ние тие средства ги издвојувавме да се изградат станови и да ги користат што немаат станови било по солидарна оспова, било по друга основа и на друг начин, да ги користат трајно тие станови. Сега, ако ги продаваме тие станови, јас сметам дека треба ние сите како граѓани во работен однос и

сме уплаќале во станбениот фонд сме обештетени. Утре јас ќе поднесам тужба да ми се вратат што 40 години сум уплаќал во станбениот фонд а сега таа станбена зграда или тој станбен фонд да го продаде државата и моите пари да ги земе таа. Пак ќе создадеме некои забуни. И тоа не е дорасчистено. И ова требаше да се расчисти па после да се оди на продажба. Инаку, со кое право, јас не сум користел ништо, сум издвојувал 40 години за станбен фонд, сум издвојувал заради солидарност да помогнам на тие што треба да живеат и да го користат тој стан, сега вие сакате да го продадете и тие пари да се врателе за штедачи или за другите а јас како граѓанин треба да бидам оштетен. Ми се чини дека и тука, пак, ако не преку Собранието, тогаш ќе се поднесат тужби до органите да се расчитаат и овие работи.

Затоа, предлагам, додека не се расчистат овие две работи, не требаше да се донесе законот бидејќи само создаваме една маневра кај граѓаните.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, и во оваа прилика и во оваа точка се оддалечивме од темата. Заправо овој Предлог закон искористивме за повод да кажеме други работи. Лека полека, но тешко изгледа ќе се навикнеме да се држиме доследно до тоа што е на дневен ред. Лично Законот го поддржувам и изразувам мое незадоволство за нашето невнимание, за нашата кардинална грешка што се сложивме и прифативме, заземавме незаконски став и се прекина Законот кој дејствуваше. Овој прекин нема никакво оправдување воопшто од овие три, четири месеци. И сега се чувствуваат тенденции оправдувајќи се во име на сиромаштијата на граѓаните и некои претпоставки овој Закон уште да се долговлечи. Ако сме во функција и заправо сите заинтересирани да се најдат начини и форми да заживее стопанството, економијата, да ги отстраниме еден по еден проблемите, тогаш овој закон треба да се прифати. Би ги молел само правниците да се залагаат да допринесат од правен аспект Законот да биде комплетен, да биде хуман, да биде реален. И Владата да води сметка по цена на слободниот пазар да одредува цени да почнат да се продаваат становите и ќе ги купат тие што имаат. Дури има доволни аргументи да зборува дека Владата водела сметка тука да се вклучат и граѓаните штедачи, т.е. еден основ плус да се здобијат со кров над глава. И околу оваа работа не треба многу филозофија. Сосема ни е јасно дека појдовните позиции не ни се исти на сите тука што излегуваме на говорницата. А должноста ни е морална да се држиме до словото на Законот т.е. да дадеме наш конкретен допринос во функција похуман, пореален и попрактичен закон без многу компликации. Бидејќи не сум

правник ги молам правниците во тоа да го дадат својот допринос. Јас лично Предлогот на законот го поддржувам и што е можно побрзо да биде усвоен. Други подетални работи Владата ќе ги среди т.е. правните институции и никој нема да биде обесправен врз правна основа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека потребата за донесувањето на овој закон не би требало да биде спорна. Причините, односно аргументите се следни. Првата е од формално правен карактер. Утре престанува да важи како што спомнаа неколку пратеници Законот за забрана на важењето на Законот за продажба на станови во општествена сопственост. Или треба да донесеме нов закон за продолжување на забраната, или треба да донесеме нов закон бидејќи продажбата од утре ќе почне да се врши по стариот закон, Според тоа, од формално правен аспект државата мора да интервенира овде за да ја уреди оваа материја, дали на постојниот начин, или на нов начин тоа е наше право.

Второ, мислам дека со донесувањето на овој закон е заштитена категоријата на носители на станарско право за кое овде беше доста елаборирано кои што не се во состојба да го откупат станот. Тие натаму остануваат корисници на станот под услови утврдени со други прописи, односно со Законот за станбени односи кои што е сеуште на снага. Каква ќе биде правната последица натаму, за тоа ќе расправа исто така ова Собрание. Но, факт е дека се дава можност сите категории корисници да ги откупат становите.

Трето, заштитени се,за што исто овде имаше доста залагања и корисниците на становите кои што порано државата им ги

национализирала, односно присилно им ги одзела. Со новиот амандман Владата што го поднесува таа категорија на корисници на станови, односно поранешни сопственици е заштитена. Според тоа, дали законот за национализација ќе се донесе сега, или подоцна таа категорија паѓа под заштита и на овој закон, а се разбира и Законот за денационализација за кој што се определивме дека ќе го донесеме. Од суштинска природа се и следните причини за донесување на овој закон. Ние се определивме јасно за трансформација на општествениот капитал и ова е еден од тој сегмент. Значи неспорно е дека како држава се определивме за трансформација на капиталот. Ова ни е прво што ни оди на ред и немаме никаква причина да го одлагаме, бидејќи толку време го одлагаме, скоро година и пол, две години го одлагаме.

Втора причина е, ние во Уставот немаме веќе категорија на општествени станови, ниту имаме институт корисници,односно носител на станарско право. Според тоа, час поскоро треба да одиме да се сообразиме со новите уставни решенија.

Овде тезите кој,како спечалил, кој колку сега пропуштил, мислам дека никогаш не можеме да излеземе од тој лавиринт ако бара- ме идеална правда во услови на хипер инфлација. Едноставно таква правда нема. Јас само заради илустрација, порано и кога се купуваа становите за девизи, со девизен депозит, па се враќаа девизите откако ќе се исплатеше станот. Сега како што некои го купија пред Нова година и по Нова година за 1.500 марки просечен стан од 60,70мСпроед тоа, и едни и други зависно од економските прилики а инфлацијата е наш вечити придружник и губеа и добиваа. Идеална правда според тоа тука не може да се воспостави. Ако тргнеме од фактот дека 552 илјади 320 стана според овие податоци од

Заводот за статистика остануваат значи од тие само 48 иљjади стана чиј статус не е решен, односно кои што сеуште се во општествена сопственост. Огромна категорија на станови доминанта се во сопствнеост на граѓаните. На оваа категорија станови 48 иљјади не можеме да градиме политика на идна станбена изградба, уште повеќе што немаме ниту категорија на групна сопственост за кое што некои пратеници овде се залагаа и натаму да остане како капитал на претпријатието за да можат да ги користат како обртни средства, или да градат со нив станови. Значи ако тргнеме од вистинските цели на овој закон,а тоа се грижата за одржувањето на становите да помине на граѓаните бидејќи тоа е наша уставна категорија, државата да обезбеди толку потребни девизни средства. Исто така, една импровизација и илустрација, ако овие 48 иљјади станови ги продадеме само за просек од 4 иљјади марки, говорам и каритирам можеби бидејќи не ми се познати сите параметри околу вистинската,конечната цена на станот, државата може да обезбеди со еден потег околу 160 до 200 милиони марки. А Словенија со 60 иљјади станови обезбеди 400 милиони марки. Продаде 60 иљјади станови, а стекна капитал во период од 2 месеца 400 милиони марки, што е респективна сума сега во услови кога и имаме обврска кон девизните штедачи, а уште повеќе и да не говорам за други намени за кои Владата може да ги насочи, а за кои и Парламентот и јавноста сигурно ќе знаат.

Понатаму една од тие цели е купувачот да биде стимули- ран да го откупи станот, И верувам дека со ова овластување што го дава Собранието на Владата, Владата ќе има слух заправо за тој интерес. Инаку што е целта на Законот ако не се носи во овој момент и ако не значи мотив за граѓаните, особено за девизните штедачи и уште повеќе пак ова што го слушнав и од

XV/5.-

министерот и од Владата на конференцијата за новинарите дека се дава можност девизните заштеди да се користат за купување на станот независно од можноста, односно купувачот дали тој има девизни заштеди, или некој негов роднина, пријател итн. Значи можност државата да се оддолжи кон девизните штедачи и ако оваа сума ја земе, тогаш ќе се смали огромниот притисок на државата од девизните штедачи. Значи навистина со овие инструменти што ги кажаа претставниците на Владата купувачите на станот, корисниците ќе бидат мотивирани да го купат. И конечно се утврдува реална вредност на станот од страна на државата и со постојано ревалоризирање на ануитетите се доаѓа до спречувањето на обезвреднуваното на станот. Сите тие аргументи говорат дека овој закон треба да го донесеме., Јас се согласувам дека одделни решенија овде ако сакате и од економско теоретски аспект и од правно теоретски аспект можат да се ослоруваат и можат и по инаку да се уредат. Но во овој момент кога сме притиснати со сите овие проблеми, а и економскиот интерес е доминантен и кај Владата и кај Собранието, мислам дека чиниме добар потег со тоа што ќе се определиме да го донесеме законот.

Кој бара збор? (никој)

бидејќи никој не бара зброт го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот,

Владата поднесе амандман на член 2 за додавање нов став 2 и на член 6 за додавање нов став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

XV/6.-

Комисијата за градежништво, и урбанизам поднесе амандман на член 3 и за додавање нов член 14-а. ЗПК поднесе амандман на член 5 став 1, член 8. Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 4 став 1 и 2, член 6-а став 1, 2,3 и 4 и член 7 став 1. А пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ поднесе амандман на член 6 став 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман за заменување на членовите 1,2 и 3 со нов член 1. Член 6, став 1 за додавање нов став 2 и 3. Член 9, член 11 за внесување нов член 12-а и на член 13-пратеникот Симон Ивановски поднесе амандман на член 7-а став 1 и на член 9 став 1. И за додавање нов став пратениците Билјана Лазаровска и Никола Апостоловски поднесоа амандман на член 9. ЗПК поднесе амандмани на член 5 став 2 и за бришење на член 10 и член 12 со кои не се согласи Владата.

Пратеникот Симон Ивановски поднесе амандман за додавање нов член 7-6 по кој Владата на Република Македонија по ова не се произнесе.

Пратеникот Алил Џафероски поднесе амандман на член 15 по кој исто така немаме став на Владата.

Отворам претрес по амандманот за заменување на членовите 1,2 и 3 со нов член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Би сакал тука и министерот за правосудство да помогне заради практичната примена на Законот кој се предлага.

XV/7.-

Имено, Законот за продажба на становите во општествена сопственост објавен е во "Службен весник на СРМ" на 8 ноември 1990 година, а влезен е во сила во рок од 8 дена од денот на објавувањето што значи на 16 ноември 1990 година. И затоа од редакциска природа се предлага амандманот за замена на членовите 1,2 и 3 CQ НОВ член. Така што содржината на членовите 1,2 и 3 од предложениот закон за измени и дополнувања на Законот за продажба на становите во општествена сопственост би требале да бидат содржина на овој предлог на закон за изменување и дополнување, а не на постоечкиот текст на законот за продажба на становите во општествена сопственост, И од тие причини се предложени амандманите 1 и 8.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? /никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за заменување на членовите 1,2 и 3 со нов член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 2 поднесен од ЗПК.

Кој бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНВОСКИ:**

Јас колку што разбрав од водењето на седницава амандманот 1 на член 5 став . 2 од ЗПК, видно е од извештајот, предлагачот се согласил со тој амандман и треба да се третира како составен предлог на законот, а од

кои причини во вашето сценарио таму е изоставено тоа и го третирате како амандман за кој не се согласил предлагачот, јас не знам,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во ова мислење што го добивме од Владата денес таму стои дека амандманот 3 не се прифаќа бидејќи не е усогласен со содржината на претходниот амандман 2. Во Извештајот на ЗПК стои точно ова што го говори господинот Стојановски дека се согласил претставникот на Владата.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, во членот 5 во новиот член 6 ставот 1 се брише. Тој може да го прифати Владата затоа што ставот 3 го регулира истото прашање и нема потреба од повротување во самиот член. Ставот 2 мислам дека е неуставен и против Уставот и гласи: договорот за купопродажба го заверува судија и е должен примерок од заверениот договор да достави на јавниот правобранител во рок од 15 дена на донесувањето на договорот. Тоа е спротивно на член 98, став 5 каде вели: видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите како и постапката пред нив се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. А овој член фактички ја уредува постапката пред судот која се уредува со Законот за вонпроцесни работи, или Законот за заверка на договори, преписи, ракописи. И оттука сметам дека овој амандман нема уставен основ и не го прифаќа Владата.

XV/9.-

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас ве молам уште еднаш да се усогласат овие две мислења бидејќи во отсуство на усогласување може да дојде до голема забуна, Во член 6-а во првиот став се вели: Проверка на законитото утврдување на купопродажната цена на стан во општествена сопственост врши јавниот правобранител. Со амандманот што го прифати Владата овој став сега не постои, се брише, Во став 2 се вели: Судот што врши заверка на потписите на договорот за купопродажба на станот должен е примерок од заверениот договор да достави на јавниот правобранител од став 1 на овој член, што веќе не постои, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на договорот. А во третиот став каде што вели јавниот правобранител од став 1 кој што не постои има право во рок од 6 месеци од денот на доставувањето на договорот за купопродажба на станот со тужба кај надлежниот суд да бара поништување на договорот итн. Јас ова го кажувам од причини што на Комисијата ние заклучивме, дури и го пофаливме ова, дека ова е всушност втора контрола да не се извршат некои манипулации при купопродажбата. Јас ве молам да се усогласи ова дали јавниот правобранител сега го има правото да врши заверка, или нема?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи се менува нумотехниката на самиот член, само треба да се избрише став 1 на овој член и другото се е во ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, дали се прифаќа амандманот?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Се прифаќа.

XVI/I.-JJ/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во законодавно - правната комисија имаше доста дискусија околу содржината на овој член66-а. Основно беше дали сега, навистина не воведуваме на мала врата организација на јавното правобранителство. Понатаму, дали со овој закон ќе му дадеме на јавниот правобранител на значај на странките. Каква е улогата на јавниот правобранител кој ќе ја цени законитоста. Каква е улогата и обврската на судот, каква е улогата и обврската на слободните договорувачи, својот договор да му го доставуваат на правобранителот. Има една доза и замерка и држи од господинот Туше Гошев во однос одредницата на организација на трудот и неговата работа. Меѓутоа, во судот каде судиите ги заверуваат содржините на договорите, таму каде се заверуваат содржините на договорите тие договори ги потлишуваат судиите. Еден од таквите договори е договорот за доживотно издржување. Вториот договор е за физичка делба. Што значи дека во Законот за вонпарична постапка се кажува дека судиите заверуваат и содржини, а не само да се заверуваат потписите кога се вели судот ќе завери договор. Тогаш можат тоа да го направат и службеници кои вршат само заверка на потписите без да се впуштаат во содржината на договорот. Овде ние сметавме дека со предложениот амандман ќе се задоволат овластувањата од Законот за вонпроцесна постапка и Законот за наследување каде исклучиво е дадено право договорите да се заверуваат и по содржина. Значи не сме оделе така да измислиме некоја форма, меѓутоа имаме решение во Законот за вонпроцесна постапка, каде зборува каде се менува сопственоста судијата заверува содржина на договорот. И во овој случај да дадам една сигурност при заверка на договорите е да се потпишува од судиите.

Господа пратеници замислете сега законот се предлага по итна постапка а ние на еден правобранител ќе треба да му предложиме некаде

околу 48 илјади договори. Тоа нека бидат по разгледување на Законот за буџет видовме дека во Македонија има 22 места јавни правобранители и републичкиот тоа се 23. Што значи дека овие 23 човека, служби ќе треба да вршат тотална контрола. Ваква контрола постоела во 1974 година кога апсолутно се беше подредено на ингеренциите на државата. И правобранителот беше тој кој вршеше од име на државата проверка.

Видете што е битно овдека. Се задолжува судот и вели - судот што врши заверка на потписите на договорот за продажба на станот е должен еден примерок од заверениот договор да достави на јавниот правобранител според став 1 на овој член во рок од 15 дена на доставување на договорот. Јас незнам ако вака остане значи судот откако ќе го прими договорот ќе треба да го врати на јавниот правобранител и затоа не вели од заверката, туку од доставувањето. Тоа значи дека договорот треба да дојде во судот и судот да го врати на јавниот правобранител па оттаму пак да се врати назад. Ќе имаше логика ако веќе зборуваме за некој текст ако во тој текст стои дека од заверка на договорот, а не од доставувањето.

И би сакал господа од предлагачот да ни каже зошто и по кој основ и од каде една неуставна категорија ја става за ревизор на практичниот живот. Од каде сега јавниот правобранител опеднат во овој закон да се всади како заштитник на нечии права. Договорачите се држава и купувач а сега овој е изнад нив. Од каде се најде надлежноста. Зошто му се дава оваа надлежност зашто до- говорот практично е слободна волја на договарачите. Ова е принуден пропис и тогаш ќе отпаднат и облигациите. Облигациите велат дека договорот странките слободно го заклучуваат. Тие сега ќе треба

XVI/3.-

да се плашат дали некој на нивната слобода сега ќе каже да или не Видете зошто, ако договорот се заклучи на штета на државата, што ќе биде? Во облигациите стои една институција оштетување преку половина, Таа институција е поголем заштитник отколку правобранителот што има време да размислува шест месеци и ако внесеме ваква одредба тогаш законот за облигации кој има година односно три од- носно 5 години рок, тој ќе отпадне. Ќе го смениме сега и законот за облигации. Со ова законот за облигации го бришеме, да нема рок на важење. А дали сега државата ќе има интерес од 6 месеци да има гаранција или од година, односно три години. И затоа ние мислевме да има некоја контрола во оваа смисла а тоа да биде судот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во конкретниов случај имаме дека делумно амандманот 1 Владата го прифаќа. Тоа е ставот 1 на член 6-а во Предлогот да се брише. Тоа е прифатено. Останува, со оглед дека предлагачот не го прифаќа понатамошниот дел на амандманот, тоа е ставот 2 да се преформулира, ова Собрание да се изјасни за тој дел од амандманот со гласање дали го прифатил или не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23 пратеника).

XVI/4.-

Бидејќи нема мнозинство, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Бидејќи ме предупредија неколку пратеници дека е веќе 17 часот. Имаме договор да работиме до 17 часот. Меѓутоа на почетокот на седницата, мислам на почетокот на оваа седница да работиме, да завршиме со овој дел од 50-та седница за да можеме утре да продолжиме со 41-та.

Јас ви предлагам да продолжиме зашто имаме уште неколку амандмани. Минуваме на гласање на законот.

Се јавува за збор госпоѓа Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Со оглед на тоа дека сме пред крај на работното време и верувам сите пратеници се доста исцрпени, а со оглед на тоа што господинот Петковски кажа и утре ќе имаме седница, јас предлагам останатите амандман да ги разгледаме утре кога ќе бидеме малку поодморени, бидејќи, ве молам, ќе треба да се обрне внимание на членот 9 за распределбата на средствата собрани од продажбата на општествените станови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас незнам дали има потреба да гласаме, јас предлагам сепак вечерва да завршиме зашто имаме уште неколку амандмани и утре да почнеме со 41-та седница. Инаку ако сега прекинавме утре пак ќе продолжиме со дискусии по овој закон.

Отворам претрес по амандманот на член б став 1 за додавање на нов став 2, став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 за додавање нов став 2, став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Госпоѓа Лазаревска инсистира да гласаме за нејзиниот предлог, да прекинеме со работа.

Еве сега го ставам на гласање тој предлог.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА**: (ОД МЕСТО)

Не барав да се гласа по мојот предлог, јас само упредупредив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се откажува од својот предлог госпоѓа Лазаревска. Отворам претрес по амандманот на член 7-а поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Молам, кој бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

(Пратениците реагираат).

Јас ги молам пратениците да не сугерираат кој како ќе се изјаснува и дали ќе излегува да го образлага својот предлог или не

Јас пред да го изнесам амандманот ми е јасно дека нема да биде усвоен. Али тоа не е доволно јас да не го изнесам моето мислење бидејќи можеби после кога ќе го донесуваме законот и предлагаме други измени и

кога нема да има практична реализација барем да имам за себе оправдување дека јас сум укажал на тој проблем

Амандманот се состои во тоа дека средствата од продажба на станови треба да се уплатат во корист на сопственикот на станот Тоа е интервенцијата, затоа дискутирав. Значи за оние кои е сопственик државата, така како што е предвидено, државните станови, за оние на кои се сопственици некои други,работните организации ќе одат на сметка на работните организации. Образложението е сосема јасно. Обзрзниците што се предлагаат како замена на средствата од продажба на становите на организациите се такви што губат секаква вредност што практично значи и поклон, Второ, доколку не се усвои овој амандман а основното решение во законот практично станбената градба тотално престанува како и одржувањето на постојниот станбен фонд кој нема да се продаде престанува. Според тоа, молам ова да се има предвид за изјаснувањето. Јас ги молам пратениците да го прифатат амандманот бидејќи без тој амандман нема да има практична реализација на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7-а поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Отвораме претрес по амандманот за додавање на нов член 7-б поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

XVI/6.-

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Овој амандман немаше смисла доколку се усвоеше првиот амандман. Бидејќи првиот не се усвои ова е еден можен предлог за решавање на проблемот кој не се прифати со првиот амандман. Еве еден нов член кој гласи: "Општествени станови што нема да бидат купени ги презема Република Македонија а на продавачот му издава обврзници. Обврзниците од став 1 на овој член се амортизираат во 20 годишни рати од кои првата рата пристигнува на 1 јануари 1995 година". Тоа е предлог во согласност на законот што се предлага, со тоа што се обидувам да укажам уште еднаш дека непродадените станови ќе бидат оставени на милост и немилост после усвојувањето на овој закон и со ова практично сопствениците се откажуваат од својата сопственост, минува во надлежност на државата и продажбата и средствата и одржувањето и судбината на станбениот фонд.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-6 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлагам членот 9 да се менува и да гласи "Средствата остварени од продажбата на станови, Владата на Република Македонија ги наменува

за намирување на обврските на граѓаните по основ на дефинитивен откуп на девизните штедни влогови и за станбена изградба". Според предложената формулација на Предлогот на законот Владата не ја утврдува стриктно намената на овие средства, а во едно образложение што денеска го добивме наведува дека тие средства ќе се користат к за враќаше на кредити од странство и други обврски и намени кои дополнително ќе бидат дефинирани и утврдувани. Сметам дека тоа остава преголема слобода во поглед на основната замисла заради која што и беше донесен законот за продажба на становите во општествена сопственост и затоа предлагам членот 9 да се мени и да гласи во формата во која што го предложив со амандманот 6 со строго дефинирани намени на користење на истите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој). С
е јави за збор госпоѓа Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи јас и господинот Никола Апостоловски имаме поднесено амандман на член 9, ќе кажам зошто ќе го поддржам амандманот на господин Петров, кој што е многу сличен со нашиот амандман. Ќе го поддржам заради тоа што овде се наменуваат стриктно примената на средствата собрани од продажбата на општествените станови. Бидејќи ние две години расправаме за средствата собрани, ако воопшто се собрани еве сега зборуваме за тоа, од продажбата на општествените станови, имаше огромен број дискусии во комисијата и овде во Собранието во врска со токму тој член 6 околу намената на средствата дали организациите т.е. сопствениците на становите можат тие средства да ги наменат и за развој,

барем за развој ако не за нешто друго. И ние тогаш во комисијата одредивме дека не може и дека е многу тешко, дека едвај се изгласа дека освен за станбена изградба може и за развој да одат. Пред малку кога зборував за моралниот лик на пратеникот, токму во овој правец сакав да кажам нешто. Претставници од стопанството, во градежништвото кои што дозволуваат средствата собрани од продажбата на становите да одат за било што без да се има увид во распределбата на овие средства, навистина не можам да ги сфатам и затоа сакав да апелирам и на почетокот и сега да се усвои овој тип на амандман или овој амандман или амандманот што го предлагаме ние двајца пратеници како би можеле со чиста совест да влеземе при гласањето на законот. Единствената причина заради што го поддржувам законот беше тоа Владата да ги собира средствата на едно место, владата да ги акумулира и да ги наменува. А намената на средствата недефинирана, навистина, не можам да ги прифатам.

XVII/1 дв/нд

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, во врска со овој амандман јас ве молам едно образложение кое треба да го имате предвид при вашата определба а тоа е следното:

Според решенијата на членот 7-а за средствата од продадените станови во општествена сопственост Републиката издава обврзници, а тоа значи сите сопственици на општествените станови добиваат обврзници, хартии од вредност кои можат и ги ставаат во промет, а средствата што ќе ги добиваат од хартиите од вредност може да ги инвестираат во развој, во станбена или друга изградба за она што ќе ценат тие. Додека средствата што се прибираат на едно место тие ќе треба да одат во функции за кои се носи Законот, а тоа се функциите за сервисирање на девизниот штеден влог и веројатно за најнеопходни функции кои треба како држава, дали дијализери или други функции во сферата на здравството со кое се среќава Републиката и во овој момент, но не и од средствата што се прибираат и од хартиите од вредност. Така да сопствениците ги имаат во сопственост хартиите од вредност и нив ги ставаат во промет и во функција за која намераваат да ги стават во функција средствата одат во функција за која треба да одат. Ве молам тоа да го имате предвид при вашето определување.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас морам да кажам дека потпретседателот на Владата овде измеша две работи бидејќи ние зборувавме за средствата кои навистина сега ќе ги прибере Владата а воопшто не зборувавме за средствата што ќе си ги добијат после организациите со продажбата на хартиите од вредност. За тоа не зборувавме. Зборуваме баш за средствата, баш заради тоа што втората употреба на средствата е слободна и првата да не биде слободна, да не испадне градежништвото со празни раце.

XVII/2

Јас навистина би го замолила министерот за градежништво и урбанизам со кој имавме одлична соработка на Комисијата, да образложи можеби со неколку зборови околу ова прашање затоа што потпретседателот на Владата можеби од друг аспект ги гледа работите.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Јас само ќе го потсетам овој состав на Собранието дека причината за донесување на овој закон, пред се првичната причина беше обезбедување на работа на градежната оператива која ни сега не се наоѓа во ништо поповолна положба од тогаш, ми се чини тоа беше во 1988 година, кога беше првата варијанта на носење на овој закон, како и обезбедување на средства кои ќе овозможат намалување на цената на станбената квадратура на територијата на Република Македонија. Не треба да кажувам колкава е сега цената на станбениот квадрат и колку многу семејства, пред се млади луѓе немаат можност да купат стан, од проста причина што прво, цената на становите е многу висока и второ што нема овозможено никаква можност за добивање на кредити се со цел да се купи таа станбена површина.

Ова што сега ни се нуди, несобирање на средства бидејќи за мене ова што сега се нуди само е префрлање од шупло во празно, односно од еден џеб во друг џеб на средства кои воопшто се непостоечки и префрлање на она што банките го имаат спрема девизните штедни влогови на однос само спрема сопствениците на становите и девизните штедни влогови бидејќи на таа релација ќе се префрли комплетната должност на државата да им ги обезбеди средствата на девизните штедни влогови пред се ќе се овозможи ублажување односно овозможуваше на оние кои не сакаат да се изјаснат при овој закон да гласаат во прилог за доколку средствата прибрани по овој основ се овозможат и за станбена изградба.

XVII/3

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас незнам од каде таков прием на заговор на една од најсјајните идеи на овој закон, вредност која се нуди за продажба и која оваа држава им борчи на граѓаните, не може да се употребува за стварање на нови вредности. Нужно и морално е против вредноста на овој капитал да се употреби за оддолжување на граѓаните за вредност која е создадена во оваа држава. И при таква ситуација заложбите за тој финансиски капитал да се употреби за создавање на нови вредности во оваа држава, се депласирани. Мислам од тие причини дека воопшто не држи овој амандман и сите други амандмани кои одат во прилог на, колку апсурдно да звучи, затоа што безброј пати сме констатирале не само при оваа прилика за девизните штедачи туку и во други услови дека однапред во оваа Република се изедени некои вредности. И сега механизмот за оддолжуваше спрема граѓаните кога почнува на еден соодветен начин да се прават обиди да се реши настојуваме во самиот старт да го минираме. Мислам дека за ова треба да се има свест при оваа прилика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас сум за продажба на становите, без дискусија, меѓутоа пред гласањето ако може да добиеме една информација од министерот веројатно според ова што читаме од Законот не може да биде најпрецизна, меѓутоа ориентационо, според критериумите што ги планира Владата или соодветното министерство која би била најниската цена по метар квадра-тен, највисоката можна и евентуално просечна цена, ако се правени калкулации, бидејќи три фактори ќе влијаат на големината на цената и тоа староста на станот, локацијата и начинот на плаќањето, или можеби има уште некој критериум. Дали имаме таква информација во моментот. Инаку сум за, се разбира пореални цени, не за подароци и се разбира ќе води

Владата сметка за куповната моќ на населението. Дали има таква калкулација во соодветното министерство.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, настојував да не влегувам во дебати и дискусии со оглед на тоа што на повеќето амандмани имавме одговор од страна на Владата. Беше многу дискутирано и морам да кажам дека поголем дел од амандманите за кои мислевме да се конструктивни беа прифатени и вградени во текстот. Меѓу другото самите вие сте свесни дека амандманите кои одеа во прилог на решавање на овој проблем беа прифатени.

Она што веројатно овде се заборави да се каже е дека овој закон пред се има повеќе принципи нема само поедноставена варијанта на отуѓување на становите. Мотивите беа повеќекратни. Јас на конференцијата за новинарите искажав некои свои видувања, меѓутоа, веројатно сум должен и пред вас да ги кажам овие работи.

Кога појдовме со идејата за продажба на општествени станови ние не појдовме со нова идеа. Таков закон постоеше, тој беше забранет токму од овој Парламент од кои причини. Не дека имаше погрешни основи туку заради тоа што станбениот фонд беше толку обезвреднет што сите бевме свесни дека се губи вредноста на станбениот фонд. Тргнувајќи до тие аспекти моравме да направиме закон кој ќе биде базиран на нови принципи во кои вредноста на станбениот фонд првично и основно ќе биде заштитена во секое време, без разлика на тоа дали и во кои услови ќе се продава и со какви средства ќе се продава.

Втората работа која требаше да се зема предвид е тоа, на жителите во тие станови кои имаат станарско право да не им се укине можноста да продолжат да живеат во тие станови, со цел да не се најдат во незавидна ситуација ако немаат средства да го купат станот да останат на улица.

Трета работа која ја имавме предвид е дека не можеме да создадеме нерамноправна позиција на граѓаните кои живеат во општествените станови, а становите се сопственост било на државата било од мешовита сопственост на државата и претпријатијата било да се тоа општествени станови во сопственост на претпријатијата.

Тргнувајќи од тие позиции ние мислевме и Предлогот на закон отиде во тој правец вкупниот станбен фонд да влезе во продажба под истите критериуми. Она што беше проблем во претходните закони, тоа беше крутоста и нефлексибилноста на тој закон во однос на тоа дали треба и под кои услови Владата треба да прави прилагодување на одлуките се со цел да се продаде тој станбен фонд. Средствата дефинитивно не идат во нечиј џеб туку идат на одредена сметка во деловните банки која се контролира и кои средства се стриктно наменски определени. Она што сега уште повеќе се наметна како проблем е тоа државата со овој фонд може да ја оствари својата обврска пред граѓаните. Вие знаете дека овој Парламент донесе закон со кој застана како гарант на девизните штедни влогови. Ова беше право место државата конкретно застане како реален гарант на одредени штедни влогови кои граѓаните ги имаат. На тој начин државата фактички не ги отуѓува становите, ниту ги продава или ги заменува за долгот. Она само го позиционира должничко доверителниот однос на право место. Тоа значи не помеѓу штедачите и банките туку помеѓу државата и деловните банки, а државата како гарант се појави таму и сега го исполнува своето право. Значи во овој момент ние се обидовме да вклопиме неколку сегменти кои дефинитивно ќе помогнат при решавањето на еден комплекс на проблеми кои настоивме да ги решиме.

Беше поставено едно прашање од оваа говорница во врска со некои 100 ДМ кои се вртат по новините. Јас сум должен да кажам дека е тоа чиста шпекулација. Она што беше разговарано е дека месечната рата не смее да иде преку реалната кирија која се постигнува на слободниот пазар во Републиката. Тогаш беше спомната цената од 100 марки како реална закупнина за стан со приближно такви димензии како што е просечно станбениот фонд во Републиката. Од тие причини беше спомната таа сума но тоа не е вистина. Во проекцијата која ја дадовме, која фактички е најоптимисичката проекција за вредноста на станот, вредноста на месечната рата е под 70 ДМ, а да не зборуваме ако средствата кои ќе бидат употребени се од други извори, било да се тоа девизни средства кои се во банките, било да се тоа девизни средства кои ќе бидат донесени за откуп на становите. Тоа беа некои основни начела што веројатно беше потребно да се кажат од оваа говорница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин министре, имаше и конкретно прашање. Да кажете до колку имате калкулативни елементи околу просечната најниска и највисоката цена на станот.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Ние како Влада се обврзавме во рок од 15 дена да изготвиме уредба во која сите финеси за процесот за продажбата на становите ќе бидат регулирани децидно и се обврзавме во формирањето на таа уредба да бидеме во директен контакт со матичната комисија која го уредува ова. Ние имавме и таков работен заклучок со кој се согласивме и рековме дека во процесот на продажбата на станови перманентно ќе бидеме во контакт со Комисијата, со цел да не се создаде простор за било какви сомневања или да ни се случат непредвидени ситуации во кој станбениот фонд ќе биде

обезвреднет. Она што можам да кажам дека станбениот фонд нема да биде преценет ниту ќе биде потценет со цел да не создадеме ниту една ниту друга крајност. Токму заради тоа баравме оценката за пропустите, начинот на продажбата и оценката на вредноста на становите ќе ја дадеме во надлежност на моето министерство односно индиректно и на Владата, со цел да создадеме флексибилен систем кој ќе оцени колкава е куповната моќ на луѓето а не дали и по која цена мораме да ги продадеме становите. Тоа значи дека воопшто нема да одиме ниту во преголем ниту во премал износ. Целта е становите да се продадат да се соберат квалитетни средства и дел од девизните штедни влогови да се отплатат на овој начин.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Изгледа беше покорисно ова излагање министерот да го има пред да се отпочне со амандманската расправа заради тоа што амандманот беше сосема конкретен а излагањето на министерот беше за други прашања.

Претходниот дискутант кажа дека намената на средствата што ќе бидат остварени од продажбата на становите е токму за подмирување на штедните девизни влогови на граѓаните. Па доколку амандманот е прочита, тогаш ќе се види дека амандманот тоа и го дефинира, за намирување на обврските спрема граѓаните по основ на дефинитивен откуп на девизни штедни влогови и станбена изградба што беше определба во членот 9 од постоечкиот закон за продажба на становите во општествена сопственост. Вака како што е дефиниран членот 9, намената на средствата остварени на продажба на становите ја утврдува Владата, не дава јасен показател за што ќе бидат наменети тие средства, а кога веќе се зборува во образложението и на Предлог-законот и на амандманите дека тие средства навистина ќе бидат наменети за подмирување на обврските спрема граѓаните по основ

на дефинитивен откуп на девизни штедни влогови, тогаш не гледам причина тоа да не биде и регулирано со овој Предлог на закон. Затоа образложението што денес го добивме од Владата кое вели - по намирувањето на обврските за штедните девизни влогови на граѓаните Владата на Република Македонија ќе ги насочува овие средства и за други обврски на Републиката,долгови спрема странство, развој и слично, за што Собранието на Македонија ќе има можност да се изјаснува, сметам дека нема потреба од дополнително изјаснување за намената на тие средства кои со закон сега ја префрламе на Владата а Владата вели дека ние дополнително ќе се изјасниме од моментот на донесувањето на овој закон за сега да ја утврдиме и конкретната намена на средствата. Од тие причини го предлагам амандманот тој што е пред- ложен.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сега свесни сме или не сме свесни, или се уморивме, извини господин Петров, парите што ќе ги собираме ќе им ги враќаме на луѓето кои ги изгубија во банките. Кој им ги украде парите?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Мислам дека ништо нема да смета ако утре во 10,00 часот ја продолжиме седницата по оваа точка, затоа што навистина сме исцрпе- ни сите и гласањето мислам дека ќе биде само реда ради.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Навистина не ми е јасно како можеме да донесеме еден закон без јасни параметри. Нема јасни параметри да се знае колкава ќе биде цената. Господинот министер не даде образложение за цената. Ние ќе ги продаваме становите а не знаеме како ќе ги продаваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

XVIII/1.- СЈ-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дваесет и еден пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став 1,за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Дали некој бара збор во врска со тоа.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Пратеникот Ивановски имаше потреба да отиде и ме замоли и ме овласти да го известам Парламентот дека амандманот го повлекува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Констатирам дека нема амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратениците Биљана Лазаревска и Никола Апостолвоски.

Кој бара збор?

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

И јас уште малку ќе бидам упорна до крај, во образложението што Владата го дава да не кажам е прифатен амандманот, само незнам од кои причини амандманот не е прифатен. Амандманот гласи: "Средствата остварени од продажба на становите Владата ги наменува за: кредитирање на станбена изградба, организација и уредување на просторот, екологија, за покривање на долгот на девизните штедни влогови и други намени'.' Други намени тоа е единственото отстапување кое што можевме да го направиме како би направиле некој компромис да се изгласа и амандманот и законот.

XVIII/2.-

Владата во своето образложение зошто не го прифаќа овој амандман кој што не е толку стриктен и дефиниран како амандманот на господинот Петров туку нуди други решенија каде што Владата може навистина да интервенира и не е точно тоа што го кажа господинот Стојановски дека ние станбена изградба од ваков тип како досега веќе ќе немаме. Заради тоа не се вика станбена изградба туку кредитирање на станбена изградба, што значи дека банките можат да дадат нови кредити за станбена изградба.

Владата во своето образложение вели поради тоа што економската состојба во Републиката, бара за намената на овие средства да се утврдат пофлексибилни решенија со кој ќе се овозможи приоритетно наменување на гарантираните обврски на Републиката во однос на девизните штедни влогови и понатаму вели по намирување на овие обврски Владата на Република Македонија ќе ги насочува и за други обврски на Републиката. Јас навистина морам да изразам жалење од коалицијата за едно вакво неразбирање на оваа проблематика која што максимално го засега градежништвото.

Јас гледам дека веќе нема никаков интерес за следење на седницава и можам да кажам дека навистина сум разочарана како градежник и како член на оваа комисија заради тоа што средствата од намената собрани од продажбата на становите нема да бидат дефинирани и нема да биде воопшто спомнато градежништвото.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За гласаа 26.

XVIII/3.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од пратениците Биљана Лазаревска и Никола Апостоловски.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на членовите 10, 9, 12 поднесен од ЗПК.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Законот

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Тодор Петров. (Амандманот го повлекува господинот Тодор Петров).

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 12-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

Амандманот го повлекува господинот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 13 како што е предложено во Предлогот на законот продажната цена се ревалоризира според коефициентот на порастот на цените на индустриските производи и ќе се изрази во пресметковни бодови. Амандманот се однесува на тоа да ревалоризацијата на продажната цена на становите која е утврдена според договорот за купопродажба да се пресметува не само според коефициентот на порастот на цените на индустриските производи туку и според коефициентот на порастот на просечната нето плата на стопанството во претходната година доколку е тоа поповолно за граѓаните.

Од причина што не го прифаќам образложението на Владата која што наведува дека формирањето на цените на становите е врз порастот на коефициентот на просечните нето плати на стопанството во претходната

година е последица и на вкупниот пораст на цените на производите и услугите. Сметам дека порастот на просечните нето плати во стопанството не го следеа секогаш порастот на цените на индустриските производи и од тие причини го предлагам амандманот за ревалоризација на продажната цена се врши не само според коефициентот на порастот на цените на индустриските производи изразено во пресметковни бодови туку и според коефициентот на порастот на просечната нето плата во стопанството во претходната година доколку е тоа поповолно за граѓаните. Од причините што ги наведов предлагам пратениците да го изгласаат овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(Пратениците креваат рака)

За гласаа 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Алил Џаферовски.

Владата го прифаќа . Констатирам дека станува составен дел на Законот.

Има збор господин Апостоловски.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Јас имам една мала забелешка по однос на овој амандман во членот 15 каде што пишува "зборовите осмиот ден" се заменува со зборот "со". Тогаш овој закон вака би изгледал. Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". Законот завршува со 15 октомври, што значи од 16, може да се врши продажбата, а

XVIII/5.-

Службениот весник дали ќе излезе на 16 тоа е прашање. Од проста причина бидејќи потписник на тој Службен весник и на тој закон треба да биде претседателот на Републиката. Ние знаеме тој е отсутен и овој закон може да падне во вода. Или со други зборови овој закон влегува во сила со денот на донесувањето, но сепак за потписот незнам како ќе биде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи Владата го прифати немаме амандман. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

За гласаа 56 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (16).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

По повод донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за продажбата на становите во општествена сопственост Комисијата за градежништво и урбанизам му предлага на Собранието да го усвои следниот работен заклучок:

1. Се задолжува Владата на Република Македонија и ресорното министерство при распределбата на средствата остварени од продажбата на становите во општествена сопственост дел од тие средства да бидат наменети за кредитираше на станбена изградба , урбанизација, уредување

на просторот, проекти на инфраструктурата и за екологија.

За намената на овие средства да биде известувано Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за урбанизам,градежништво, сообраќај и екологија.

Имаме и уште еден предлог работен заклучок од господин Кирил Ковачевски.

Прво да гласаме за работниот заклучок на Комисијата, а потоа ќе одиме на работниот заклучок на господинот Кирил Ковачевски.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

За работниот заклучок гласаа 46 пратеници.

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува?(11)

За да имаме јасна состојба молам да се изброи вкупниот број на пратеници, затоа што од ова произлегува дека немаме кворум за работа. На седницата присуствуваат 83 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои овој предложен заклучок.

Пратеникот Кирил Ковачевски предложи работен заклучок со следната содржина:

"Се задолжува Владата на Република Македонија при усвојувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост со Предлог на закон да го оневозможи купувањето ан становите во општествена сопственост од носителите на станарското право кои според член 13 од Законот за станбени односи ("Службен весник на Република Македонија" број 48/88) го изгубиле основот со кој го стекнале тоа право.

XVIII/7.-

Молам претставник на Владата дали се прифаќа овој работен заклучок или не.

**БЕКИР ЖУТА:**

Таа одредба постои некаде од 1976 година во Законот за станбени односи и беше во функција на тоа да оние кои во меѓу- време дошле до сопствен стан односно сопствена семејна станбена зграда автоматски доколку се и носители на станарското право во рок од 60 дена како што е наведено во таа одредба во Законот за станбени односи треба да го напуштат станот односно судот присилно ги принудува да го ослободат станот во општествена сопственост. Тоа во најмала рака доколку сакате да ви биде чиста работата Владата не може да биде истражен орган дали може некој да се најде односно дали може да се најде уште таков случај и е претпоставка дека доколку некој го изгубил станарското право тој воопшто не може да биде преговарач за купување на станот.

Во најмала рака евентуален заклучок органот кој ќе склучува договори да води сметка доколку има таков случај со него да не склучува договор, а не Владата да се јавува како истражен орган.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Овој работен заклучока поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски мислам дека во целост треба да го поддржиме и ништо не смета ако влезе како работен заклучок на Владата. Ме зачудува што потпретседателот на Владата кажува дали воопшто такви станови има. Јас најодговорно тврдам дека има и овој член 13 од Законот за станбени односи не се применува. Сега се поставува прашање, па зошто не се применува, а најодговорно тврдам дека ги има. И сега што се случува. Оној кој што се стекнал со стан или станбена зграда во приватна сопственост има можност сега да го купи и

станот за кој што до вчера имал станарско право. Доколку не сакаме на некој начин да го отфрлиме како заинтересиран купувач на тој стан во тој случај таквите станови да ги даваме на лицитација, па кој ќе даде повеќе тој нека го земе. Сметам дека овој работен заклучок држи.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Јас се извинувам. Заклучокот е исправен од морален аспект, меѓутоа морам да кажам дека овој заклучок е непотребен заради тоа што овие определби се веќе вградени во Законот. Според досегашниот закон ако тој има стан или куќа во приватна сопственост го губи станарското право според досегашниот закон. Со губењето на станарското право отпаѓа првиот член според кој се гледа на кому му се продава станот. Се продава на носител на станарско право. Ако нема станарско право станот не му се продава, оти тоа е веќе вградено во Законот. Нема потреба да се носи нов закон. Ние на тоа внимававме, така да ако има приватна сопственост односно стан во приватна сопственост тој нема право да има и станарско право според досегашниот закон. Според тоа штом нема станарско право, нема право ни да го купи станот. Затоа нема потреба да се носи односно тоа е веќе вградено во законот.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Ова што пред малку го објасни министерот е сосема точно, меѓутоа јас најодговорно тврдам дека има изигрување на Законот. Станарското право не го губи туку станот или куќата кој што ја направил е во лична сопственост наводно ја префрла на неговиот син и со тоа го задржува станарското право и станот го купува.

XVIII/9.-

Јас мислам има изигрување. Зошто стриктно не се применува тој член 13, или ако се бара дали истиот носител направил куќа или купил стан тогаш во СИЗ-овите за станување или во подрачните единици на министерството за урбанизам и градежништво да се побара дозвола, да видиме кој е тој што побарал дозвола да гради, а во меѓувреме кога стана збор за продажба на становите тие потрчаа и направија становите да ги префрлат односно и куќите на своите нај- блиски. Нека се побара во почетокот кога градел дали ја добил таа градежна дозвола на свое име, а во меѓувреме ја префрлил на друг или не. Има изигрување, а во суштина е точно како вие што кажавте, меѓутоа има изигрување во Законот.

XIX/1 пј/вц

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би дал поддршка на заклучокот што е предложен од господин Ковачевски, затоа што не само заради тоа што тој заклучок би предизвикал некои фактички правни последици на теренот, туку што навистина треба да се изјасниме како Собрание, затоа што состојбата, поготово во последните две години, откога е донесен законот за продажба некаде во 1990 година, добар дел на носители на станарско право кои во меѓувреме го имаат решено станбеното прашање по друг основ со изградба на станови и куќи во приватна сопственост, го задржале станарското право на општествените станови претходно користени , притоа сопствениците не користејќи го правото од член 13 од законот за станбени односи да побараат на тие станари да им престане такво станарско право. Сето тоа е правено со цел, затоа што се очекуваше законот евентуално под поволни економски услови да станат сопственици и на друг станбен простор. Во таа смисла мислам дека треба и покрај намерите што беа искажани овде од министерот за градежништво и урбанизам дека ваквиот закон го решава тоа прашање, не би било на одмет и на ваков морален начин се засили со едно изјаснување на ова Собрание во тој правец.

Трето, јас би апелирал во подзаконските акти што Министерството и Владата ќе ги носат за спроведување на овој закон овој проблем посебно да биде третиран во рамките на можностите што ќе ги има Владата и Министерството како надлежно тело.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во основа предлог - заклучокот не е спорен и не може да биде спорен бидејќи повикува на почитување на поставената законитост на еден закон кој што е

во сила, а тоа е законот за станбени односи. Така од тој аспект е сосема разбирливо, не само Владата, туку и било кој пратеник овде не само што треба да го поддржи туку сме должни да го поддржиме како заклучок. Она што помалку е необично е тоа што донесувањето на еден закон се користи како повод за повикување на спроведување на законитоста од еден друг закон, од Законот за станбени односи. Инаку, во основа кога се во оваа држава би било регуларно не би имало потреба од еден ваков заклучок. Меѓутоа не се јавив од тие причини, се јавив од принципиелни причини и ми се чини дека можеби сега на самиот почеток на среќавањето и на заедничката работа на овој парламент и на оваа Влада можеби треба не денеска тоа да го разрешиме, меѓутоа заеднички да размислиме за една работа со која што би ги регулирале меѓусебните односи во понатамошната работа.

Прво, со новиот устав на Република Македонија и со новиот систем кој што го воспоставуваме оваа Влада не е извршен совет на ова Собрание. Има јасно разграничување помеѓу законодавната, извршната и судската власт. Говорам принципиелно не за конкретниот заклучок, својот став по тој заклучок го кажав. Меѓутоа не може да усвоиме како пракса по било која точка и на било која седница Собранието да донесува заклучоци со кои што ќе ја задолжува Владата да спроведува сосема конкретни активности. ВО случајот да речеме се работи се задолжува Владата во основа, во превод тоа би значело да го спроведува законот за станбени односи. Или на пример би можело да се каже се задолжува Владата да се фатат сите криминалци во Републиката итн. сега јас малку карикирам но во основа се работи за следното. Ова е Влада, ова е е извршен совет на Собранието и ќе треба, јас велам, не денеска, меѓутоа можеби да се подразмисли за тоа

како ќе ги регулираме работите, дали ќе одиме на принципот дека за секое прашање Собранието може да извлекува и да и дава на Владата конкретни задолженија низ некои заклучоци, што смее, а што не смее од делокругот на своите ингеренции. Тоа е едно принципиелно прашање со кое што ќе се соочуваме во иднина и тоа ми беше принципиелната забелешка. Бидејќи вакви работи и заклучоци можат да се множат во секоја точка и некој дел од нив ќе бидат оправдани, а некој нема да бидат оправдани и тогаш ќе имаме мешање на законодавната и на извршната власт.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Ако никој не бара збор, предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (29 пратеници гласаа за)

Констатирам дека овој работен заклучок не е прифатен.

Минуваме на **точката 5** - Предлог на одлука за разрешување

Предлог - одлуките ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за разрешување од функција судија на Општинскиот суд Скопје I - Скопје.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Констатирам дека Златко Линин е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд Скопје I - Скопје.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за разрешување од функцијата судија на општинскиот суд - Струмица.

Дали некој бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Никола Танчев е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд во Струмица.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за разрешување од функцијата претседател на Окружниот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој што е против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Генко Андоновски е разрешен од функцијата претседател на Окружниот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за разрешување од функцијата претседател на Општинскиот суд за прекршоци во Куманово.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Томе Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам од претседавачот да се прочита од која дата се разрешува господинот Митковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За претседателот на судот за прекршоци мислите?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да за Митковски.

Само се разрешува од должност, а ништо не се кажува во извештајот друго. Тој од нова година наваму не ја извршува функцијата. Тој се вика Драган Митевски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во одлуката нема датум од кога се разрешува. Само се усвојува барањето и се предлага.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, должен сум да кажам дека господинот за кој сега се расправа да биде разрешен од судија таа функција практично не ја обавува од нова година па наваму. Се бави со свој бизнис Мит-комерц тоа е негова фирма преку Службата ја обавуваше и својата должност како директор на таа фирма, а сега ние ќе треба да го разрешиме од денешниот ден и да му платиме уназад. Се прашувам дали тоа ви се допаѓа или не. Овде се работи за еден принцип, дали ние со разрешувањето ќе му дадеме на некого да му се плати за работа или не. Ако се плаќа за работа, тогаш ќе го разрешиме со денешниот ден, а ако се плаќа за неработа, јас предлагам неговото разрешување да се одложи и да се прибави од надлежното министерство поточни податоци откога овој човек не ја обавува оваа функција и оттогаш да го разрешиме за да се знае кого и што плаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве имате предлог.

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Дали таму има од кога е барањето.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Прво, ако се прифати предлогот на претходниот колега пратеник, значи ќе се овозможи уште поголема злоупотреба, евентуално ако постои

да прави. Инаку, одлуката, во Предлог - одлуката стои дека се разрешува со денот на донесувањето. Сметам поскоро разрешување ќе се намалат евентуално последиците од неговото неразрешување. Сметам дека оваа предлог - одлука треба да се прифати, а стапува на сила од моментот кога ќе се донесе одлуката, ќе се гласа позитивно. Со тоа, инаку се создава поголеми компликации, поголема штета за општеството. Меѓутоа во однос на личниот доход судот може да покрене барање да му се скрати тоа право. Тоа во моментот не е предмет. Јас сметам дека треба да се разреши за да не се создаваат нови проблеми и на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)
46 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (9)

Констатирам дека Драган Митевски е разрешен од функцијата претседател на општинскиот суд за прекршоци во Куманово.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за разрешување од функцијата судија на општинскиот суд во Куманово, односно судии. Станува збор за двајца.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? {пратениците креваат рака)

Дали има некој што е против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Здравка Паневска и Јагода Глигоровска се разрешени од функцијата судии на Општинскиот суд во Куманово.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за разрешување од функцијата заменик општински јавен правобранител во општинското јавно правобранителство во Струмица.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збир, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Никола Јаков е разрешен од функцијата заменик општински правобранител во општинското јавно правобранителство во Струмица.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 18,15 часот).